

АРГУМЕНТИ Збирка истражувања за важни општествени теми

прв дел

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

ТЕЛМА

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС 25 ГОДИНИ



Збирка истражувања за важни општествени теми

# АРГУМЕНТИ

прв дел

# АРГУМЕНТИ

## Збирка истражувања за важни општествени теми

Скопје, 2018

**Аргументи**
**Збирка истражувања за важни општествени теми – прв дел**

**Издавачи:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС),
Телевизија Телма

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, Прв извршен директор (МЦМС)
Гонце Јаковлеска, Извршен директор (МЦМС),
Атанас Кировски, Главен и одговорен уредник (Телевизија Телма)

**Автори:**
„Јавното мислење за изборниот процес" **Гонце Јаковлеска; Александар Кржаловски**
„Постизборни политички теми" **Гонце Јаковлеска**
„Задоволство од местото на живеење и планови за напуштање на Р. М.„ **Гонце Јаковлеска**
„Перцепции и ставови за случувањата во Собранието на 27 април 2017 г." **Гонце Јаковлеска**
„Добрососедство и односи со Бугарија" **Сашо Клековски**
„100 дена Влада и локални избори" **Гонце Јаковлеска**
„Локални избори 2017- рејтинзи на кандидатите за градоначалник на Скопје и листите за советниците" **Гонце Јаковлеска**
„Јавното мислење за здравствените услуги во Македонија" **Стефан Чичевалиев, Јасмина Михаиловска, М-Проспект**
Рецензент на „Јавното мислење за здравствените услуги во Македонија": Неда Милевска Костова

Лектура: **Даниел Медароски**
Тираж: **200 примероци**
**Дизајн: Кома лаб.**
Печати: **БороГрафика**

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.
**Македонски центар за меѓународна соработка**
Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализи на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или, пак, за превод и адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.
Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk.

"This report is made possible by the generous of the American people through the United States Agency for International Development (USAID). The contents are the responsibility of Macedonian Center for International Cooperation and do not necessarily reflect the views of USAID or the United States Government."

„Овој извештај е овозможен со поддршка на американскиот народ преку агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на публикацијата е одговорност на авторите и не ги одразува и не ги одразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави."

# Предговор

Збирката истражувања за важни општествени теми – АРГУМЕНТИ ја чинат осум истражувачки извештаи направени врз основа на исто толку телефонски анкети кај населението на Република Македонија.

Главниот мотив на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма во спроведувањето на овие истражувања беше да се обезбедат информации кои ќе придонесат за аргументирана јавната дебата. Темите кои беа истражувани во голем дел се однесуваа на политичката ситуација во Република Македонија, што е разбирливо имајќи ги предвид случувањата во тој период: предвремени парламентарни избори, проблеми со формирање влада, насилството во Собранието на 27 април, локалните избори. Вкупно пет истражувања беа посветени на овие теми: Јавното мислење за изборниот процес; Постизборни политички теми; Перцепции и ставови за случувањата во Собранието на 27 април 2017 г.; 100 дена Влада и локални избори и Локални избори 2017- рејтинзи на кандидатите за градоначалник на Скопје и листите за советниците.

Покрај тоа, беа истражувани и прашањата на иселувањето од Македонија, добрососедските односи и задоволството од здравствените услуги. Наодите од овие анкети се презентирани во извештаите: Задоволство од местото на живеење и планови за напуштање на Република Македонија; Добрососедство и односи со Бугарија и Јавното мислење за здравствените услуги во Македонија.

Истражувањата понудија поинаков пристап, од долу нагоре. Тоа овозможи дебатата да ги земе предвид проблемите и потребите на граѓаните и да ги истакне нивните перцепции за важните општествени прашања. На овој начин, мислењето на граѓаните можеше да биде појдовната точка во дискусиите. Наодите од истражувањата беа презентирани во емисијата Топ тема на ваша страна со што станаа достапни на пошироката јавност. Ваквиот процес, не обезбеди само медиумска содржина за емисијата, тој сам по себе има пошироко значење, а тоа е градење на јавната свест за овие важни општествени прашања и истакнување на потребата за вклучување на граѓаните во јавната дебата. Покрај тоа, овие истражувања, им даваат можност и на институциите да ги согледаат ставовите и мислењата на граѓаните и соодветно да ги вклучат во креирањето на политиките.

Сите телефонски анкети ги спроведе агенцијата М-Проспект, која е одговорна за нивната методолошка исправност.

Спроведувањето на истражувањата и нивното публикување е дел од проектот „Топ тема на ваша страна" што го спроведуваат Телевизија Телма и МЦМС, а финансиски го поддржува Агенција за меѓународен развој на САД (УСИАД).

Гонце Јаковлеска

Извршен директор, МЦМС

# СОДРЖИНА

ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС .................... 6

ПОСТИЗБОРНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕМИ .................................... 22

ЗАДОВОЛСТВО ОД МЕСТОТО НА
ЖИВЕЕЊЕ И ПЛАНОВИ ЗА НАПУШТАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................ 36

ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ ЗА СЛУЧУВАЊАТА
ВО СОБРАНИЕТО НА 27 АПРИЛ 2017 ГОДИНА ................ 44

ДОБРОСОСЕДСТВО И ОДНОСИТЕ СО БУГАРИЈА ............... 62

100 ДЕНА ВЛАДА И ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ............................ 78

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 – РЕЈТИНЗИ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА СКОПЈЕ И НА ЛИСТИТЕ ЗА СОВЕТНИЦИ .................... 98

ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА ................................................ 108

Гонце Јаковлеска
Александар Кржаловски

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

# ВОВЕД

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражување за  јавното мислење за рејтинзите на политичките партии во Р. Македонија во пресрет на 11 декемвриските предвремени парламентарни избори.

Предвремените парламентарни избори беа неколку пати одложени. На нив им претходеа тнр „бомби“ на опозициската СДСМ, „пржинските разговори“ кои е водеа со посредство на меѓународната заедница, како и движењата обединети под името Шарена револуција. Имајќи го ова предвид, интересот за овие предвремени парламентарни избори е огромен, а атмосферата што ги следи подготовките ги надминува сите претходни искуства.

Истражувањето се осврнува не само на тоа дали граѓаните ќе гласаат и за кого би го дале својот глас, туку и на тоа што им влијае на одлуките, дали сметаат дека се врши притисок за гласање, какви се нивните лични искуства, дали сметаат дека гласањето е навистина тајно итн.

Најголемата надеж од декемвриските предвремени парламентарни избори е дека тие ќе донесат крај на повеќегодишната политичка криза во земјата.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во периодот помеѓу 20 и 30 ноември 2016 година, на национален репрезентативен примерок од 1.800 испитаници. Во секоја изборна единица се направени 300 анкети.

Примерокот е повеќестепен стратификуван примерок, репрезентативен според изборни едници, пол, возраст, етничка припадност и место на живеење.

Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. Набљудуваната популација се полнолетни (18+) лица граѓани на Р. Македонија.

За да се исполни критериумот за случаен избор, користен е методот „Следен роденден“.

Сите резултати се урамнотежени (пондерирани) според мината историја на гласање на испитаниците за да се обезбеди политички репрезентативен примерок како стандардна пракса во светот за справување со понискиот одѕив на одредени гласачки анкетни истражувања.

Сите резултати се подложени на статистичка грешка од ± 2,31% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%.

Доколку резултатите се гледаат по изборни едници, истите се подложни на статистичка грешка од ±5,66% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%

Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

И покрај сè поголемата пенетрација на интернетот и новите медиуми како средства за информирање и комуницирање, сепак кога е во прашање изборната кампања, граѓаните најмногу ја претпочитаат традиционалната телевизија. Големо мнозинство од 71,1% ја навеле телевизијата како главен извор на информирање за изборната кампања. Речиси исто било и пред парламентарните избори во 2011 година кога 72,2% од испитаниците одговориле дека телевизијата е нивниот главен извор на информации за изборната кампања[1]. Интернет-страниците на медиумите се на второ место со 10,7%, а сите други извори на информации се околу 3% или помалку од тоа.

Како што се зголемува возраста на испитаниците, така се зголемува процентот на телевизиски гледачи од 51,5% кај оние меѓу 18 и 29 години, до 88,4% кај оние над 65 години. И обратно, како што опаѓа возраста на испитаниците, така расте процентот на корисниците на интернет-страниците на медиумите од 2,6% кај оние над 65 години, до 19,7% кај популацијата меѓу 18 и 29 години.

Графикон 1. Главен извор за информирање за ИЗБОРНА КАМПАЊА




1 Клековски, С., Кржаловски, А. „Изборните кампањи на политичките партии - ставови на граѓаните“, (http://www.mcms.org.mk/images/docs/2011/izbornite-kampanji-na-politickite-partii.pdf)

Графикон 2. **Мислењето на испитаниците за важноста на телевизиските дуели на лидерите и предводниците на кандидатските листи пред изборите**




Истата линија на растење, односно опаѓање, е видлива и кај образовниот статус. Оние со завршен повисок степен на образование помалку гледаат телевизија, па така, телевизиските гледачи опаѓаат од 84,9% кај оние со завршено основно образование, до 55,9% кај оние кои завршиле постдипломски студии. Корисниците на информации од интернет-страниците на медиумите ги има повеќе кај подобро образованите.

Вкупно 24,5% од оние со завршени постдипломски студии го користат овој извор на информации, а тој број опаѓа до 5,0% кај оние со завршено основно образование.

За половина од испитаниците (50%) телевизиските дуели меѓу лидерите и предводниците на кандидатските листи е многу значајно. Најмалку заинтересирани за телевизиските соочувања се младите помеѓу 18 и 29 години (40,9%) и студентите (39,3%). Гледано низ призмата на образованието, расте интересот за телевизиски дуели со зголемувањето на образовното ниво од 33,9% кај оние со незавршено основно образование, до 60,3% кај оние со завршени постдипломски студии.

Оние што се изјасниле дека ќе гласаат за опозициската коалиција предводена од СДСМ (во понатамошниот текст Коалиција СДСМ) се најмногу заинтересирани за телевизиските соочувања (65,2%), за разлика од оние на ВМРО-ДПМНЕ (41,6%) кои се најмалку заинтересирани.

# **2.** ФАКТОРИ ЗА ГЛАСАЊЕ

Програмата и кандидатите на политичките партии/коалиции се пресудни за мнозинството граѓани (50,7%) да ја донесат одлуката за кого ќе гласаат. Една третина (32,5%) од испитаниците својата одлука ја базираат на членската книшка или симпатиите кон одредена партија.

Нема големи демографски разлики во одговорите на ова прашање, но може да се забележи поголем процент од просечниот кај оние кои се изјасниле дека ќе гласаат за Коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ (во понатамошниот текст Коалиција

Графикон 3. **На изборите ќе гласам за пратеничката листа**



Графикон 4. **Што им влијае на испитаниците на одлуката за кого ќе гласаат?**




ВМРО-ДПМНЕ) (55,0%) кои одговориле дека ќе гласат за партијата чиј член или симпатизер се.

На речиси секој втор граѓанин отворањето работни места (47,8%) и порастот на животниот стандард (43,0%) најмногу им влијае на одлуката за кого ќе гласаат. Дека ова се најактуелните прашања во сите изборни циклуси потврдува и истражувањето „Изборните кампањи на политичките партии - ставови на граѓаните" на МЦМС, Македонскиот институт за медиумите (МИМ) и Институтот за демократија „Социетас цивилис" - Скопје (ИДСЦС), направено пред парламентарните избори во 2011 година, кога големо мнозинство од граѓаните (78,8%) рекло дека економијата е прашањето на кое политичките партии треба да посветат најмногу внимание. Интересно е тоа што на трето место е борбата против корупцијата и организираниот криминал за која се изјасниле 20,4% од испитаниците. На последните две истражувања на МЦМС, „Процена на корупцијата во Македонија" направени во 2014, односно во 2016 година, корупцијата е петти по ред најголем општествен проблем, по невработеноста, политичката нестабилност, сиромаштијата и ниските приходи. Потоа следуваат намалувањето на иселувањето (13,9%) и зачувувањето на уставното име (10,2%). Прашањето на името и подобрувањето на меѓуетничките односи (7,8%) се дел и од погореспоменатото истражување. Нивото на интерес е речиси исто, односно 5,7% од граѓаните во 2011 година сметале дека политичките партии треба да посветат најмногу внимание на прашањето за името, односно 3,8% на прашањата на меѓуетничките односи. Сосема ист (3,2%) е процентот на оние што ги потенцирале евроатлантските интеграции.

Графикон 5. **Подготвеност на испитаниците да гласаат за кандидати на друга етничка заедница**



Мнозинство од испитаниците (68,5%) нема да гласаат за кандидати од друга етничка заедница, додека 20,7% се изјасниле позитивно. Етничките Албанци почесто одговарале потврдно на прашањето (33,1%) за разлика од Македонците (14,4%). Гледано по региони, граѓаните на Полог најчесто одговориле со „да“, а оние од источниот регион најчесто избирале „не“ (83,3%).

И да и не, такви се одговорите на испитаниците на прашањето дали изборите ќе донесат крај на политичката криза. Споредено со претходното истражување на МЦМС - „Јавното мислење за расплетот на политичката криза“, нема значајни отстапувања. Бројот на оние што одговориле позитивно (42,7%) се зголемил за 1,2 процентни поени, а бројот на оние што одговориле негативно (42,9%) се намалил за 5,3 процентни поени. Нема значителни демографски отстапки. Гледано низ призмата на определбата на гласачите, може да се забележи дека оптимизмот е поголем кај гласачите на коалициите од „македонскиот блок“ (Коалиција ВМРО-ДПМНЕ – 57,6%, Коалиција СДСМ – 51,3%), наспроти кај гласачите на партиите од „албанскиот блок“ (ДУИ - 49,1% , ДПА – 34,8%).

Табела 1. Гласачите на коалициите/партиите за кандидатите од друга етничка заедница

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | % ДАЛИ НА ИЗБОРИТЕ ЌЕ ГЛАСАТЕ ЗА КАНДИДАТИ НА ДРУГА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА? | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам/одбива да одговори |
| Коалиција „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 9,3 | 87,1 | 3,5 |
| Опозициската коалиција предводена од СДСМ | 28,2 | 66,9 | 5,0 |
| ДУИ | 19,8 | 74,2 | 6,0 |
| ДПА | 43,7 | 48,4 | 7,9 |

Симпатизерите на ДПА се најотворени за гласање за кандидати од друга етничка заедница (43,7%), а најретко одбирале „да“ симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (9,3%), односно најголем процент од нив не би гласал за кандидат од друга етничка заедница (87,1%).

Графикон 6. Дали се согласувате со изјавата: Изборите ќе донесат крај на политичката криза?



# 3. ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ГЛАСАЊЕ И ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

Големо мнозинство од испитаниците (81,2%) изјавиле дека сигурно ќе гласаат на претстојните парламентарни избори. Гледано од аспект на возраста, најсигурни се оние над 65 години (91,2%), а најмалку, иако сѐ уште во рангот на големо мнозинство, се младите меѓу 18 и 29 годни (70,5%). Аналогно на тоа, пензионерите со 91,5% се далеку порешителни за гласање, од студентите (69,6%).

Графикон 7. Подготвеност на испитаниците да гласаат на претстојните парламентарни избори




Гласачите на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ во најголем број ќе излезат на избори (93,4%), потоа следуваат оние кои ќе гласаат за Коалицијата СДСМ (91,3%), за ДУИ (87,3%), а најнесигурни се гласачите на ДПА (69,4%). За споредба, на предвремените парламентарни избори во 2011 година гласале 63,5% од запишаните во избирачкиот список, а на предвремените парламентарни избори во 2014 година 63% од запишаните.

Графикон 8. Лично искуство на испитаниците со притисок за гласање на претстојните избори




Испитаниците велат дека врз нив не е вршен притисок за гласање пред претстојните избори (96,7%). Нема значителни отстапки гледано низ демографските показатели, како и низ оние според тоа за кого ќе гласаат испитаниците.

Графикон 9. Сознанија на испитаниците за вршен притисок за гласање на претстојните избори врз некој што го познаваат




Вкупно 17,3% од испитаниците рекле дека познаваат некој врз кого е вршен притисок за гласање. Нема значајни демографски отстапки, но можат да се забележат кај гласачите на коалициите или партиите. Најголем процент такви сведочења има кај гласачите на Коалицијата СДСМ, (30,4%), а најмал кај Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (6,6%). Гласачите на ДУИ (12,6%)

и на ДПА (15,9%) не отстапуваат значајно од средната вредност.

Графикон 10. Мислење на испитаниците за загарантираноста на тајноста на гласањето/гласачкото место




Мнозинство од испитаниците (67,6%) сметаат дека тајноста на гласањето и гласачкото место е загарантирана. Гледано низ призмата на етничката припадност, етничките Албанци (58,6%) имаат помалку доверба во тајноста на гласањето од Македонците (71,7%).

Гледано низ региони, најубедени во овој став се испитаниците од вардарскиот (78,0%), наспроти оние од полошкиот регион (54,0%).

Во тајноста на гласањето најубедени се гласачите на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (87,1%), а најмалку убедени се оние на ДПА (56,2%).

Графикон 11. Мислење на испитаниците за можноста да се дознае за секое гласачко ливче кој го заокружил




Околу четвртина од граѓаните (26,6%) сметаат дека може да се дознае кој го заокружил гласачкото ливче. Оваа бројка се совпаѓа со бројката на оние што не се убедени во тајноста на гласањето. Нема значајни демографски отстапки, но може да се забележи дека одговорот „не" најчесто го одбирале гласачите на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (75,6%), а најретко гласачите на ДПА (52,1%).

Табела 2. Гласачите на коалициите/партиите за тајноста на гласањето

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | % ДАЛИ СПОРЕД ВАС, ТАЈНОСТА НА ГЛАСАЊЕТО/ГЛАСАЧКОТО МЕСТО Е ЗАГАРАНТИРАНА? | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам/одбива да одговори |
| Коалиција „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 87,1 | 9,0 | 4,0 |
| Опозициската коалиција предводена од СДСМ | 67,6 | 25,6 | 6,8 |
| ДУИ | 68,2 | 23,5 | 8,3 |
| ДПА | 56,2 | 35,6 | 8,2 |

# 4. ПРЕФЕРЕНЦИИ ЗА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПОЛИТИЧАРИ

На ова прашање (за идеолошката блискост) распределбата одговара на просечните разлики во поддршката на партиите во изминатите неколку години (просечен разлика од околу 5 процентни поени меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, односно 2:1 соодност меѓу ДУИ и ДПА).

Графикон 12. Блискост на личните убедувања до одредена политичка партија




Графикон 13. Политичка партија за која гласале испитаниците на парламентарните избори во 2014 г



Одговорот на прашањето од графикон 13 во голема мера се поклопува со резултатите од претходните избори, што ја зголемува веродостојноста на одговорите и на другите прашања. Имено, разликата од постигнатите резултати е околу 1 процентен поен, што е употребено како основен параметар за пондерирање на прашањето за рејтинзите (за кого би гласале) на партиите.

Како и на повеќето други претходни анкети (на повеќе агенции), предничи уверувањето дека ВМРО-ДПМНЕ ќе биде победник на овие предвремени парламентарни избори. Сепак, за речиси 1/3 од граѓаните исходот ќе биде неизвесен, додека 21,9% сметаат дека најмногу пратенички мандати ќе освои СДСМ.

Графикон 14. Мислење на испитаниците за тоа кој ќе победи на следните парламентарни избори, без оглед на нивниот избор




Графикон 15. Доколку утре се одржат парламентарни избори, испитаниците би гласале на следниот начин:



Според добиените резултати од анкетирањето, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е во предност пред таа предводена од СДСМ за 3,9%. Разликата во однос на претходното истражување (6-20.11) е намалена за речиси 1 процентен поен (поточно 0,9). Во апсолутен износ, оваа разлика од 3,9% изнесува од 50 до 70 илјади гласови.

Разликата меѓу главните конкуренти во т.н. „албански блок" останува на ист сооднос 2:1, односно 6,6% поддршка за ДУИ, а 3,3% за ДПА. За истакнување е пробивот на Беса, чиј рејтинг изнесува 2,7% со што се доближува до нивото на поддршка на ДПА. Исто така, зголемена е и поддршката за коалицијата „Алијанса за Албанците" и сега изнесува 1,9%. „Третата опција" во условно речено „македонскиот блок" ја предводи коалицијата „ВМРО за Македонија" (2,5%), а напредува и Левица (1,2%), додека поддршката за коалицијата „За промени и правда" и Либералната партија е помала од 1% (0,9% и 0,1% респективно).

Покрај рејтинзите на партиите, резултатите укажуваат и на доста висок процент на испитаници кои не би гласале за ниту една од овие 11 партии и коалиции (5,5%), сè уште не знаат (не се определиле) за кого ќе гласаат 15,1%, како и на оние кои не сакаат (одбиваат) да кажат за кого би гласале (17,6%). Заедно, овој процент изнесува 38,2% и претставува бројка од околу 46 (од вкупно 120) пратенички мандати за чија доверба и понатаму се натпреваруваат партиите во изборната кампања. Оваа бројка може да се толкува од повеќе аспекти, а еден од нив е излезноста. Доколку се повтори излезноста од минатите избори (63%), оваа бројка е многу блиску до тоа (61,8%) и може да се смета дека всушност најголем дел од овие испитаници воопшто нема да гласаат. Сепак, поверојатно е дека излезноста на овие избори ќе е поголема и тогаш е прашање како ќе се определат овие граѓани. Во ситуација на разлики меѓу главните конкуренти во рамките на маргината на статистичка грешка, поголема

Табела 3. Веројатен избор на гласачите на коалициите/партиите по изборни единици

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА Е НАЈВЕРОЈАТНО ДА ГЛАСАТЕ? | ВО КОЈА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА ГЛАСАВТЕ? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 |
| Коалиција „За подобра Македонија" (ВМРО-ДПМНЕ) | 21,9 | 19,3 | 35,6 | 28,3 | 29,5 | 8,0 |
| Опозициска коалиција (СДСМ) | 24,2 | 17,9 | 26,1 | 26,0 | 21,5 | 5,3 |
| ДУИ | 7,6 | 8,1 | 1,7 | | 6,7 | 18,9 |
| ДПА | 2,6 | 4,1 | 0,7 | | 1,0 | 10,0 |
| Коалиција за промени и правда | 1,7 | 1,7 | 0,3 | 0,7 | 0,3 | 0,3 |
| Коалиција „ВМРО за Македонија" | 0,3 | 1,7 | 5,3 | 2,7 | 1,7 | |
| Коалиција „Алијанса за Албанците" | 0,3 | 1,7 | 0,3 | | 1,3 | 4,3 |
| ЛП | | 0,3 | | | | |
| Левица | 3,6 | | | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| Беса | 2,6 | 4,4 | | | 1,3 | 10,0 |
| Ниту една | 5,0 | 5,4 | 5,3 | 5,7 | 6,0 | 5,0 |
| Не знам | 16,2 | 13,2 | 9,9 | 15,0 | 12,4 | 20,3 |
| Не сакам да кажам | 13,9 | 22,3 | 14,9 | 21,0 | 17,8 | 16,9 |

излезност од минатата може да влијае на конечниот исход.

Од другите карактеристики, за одбележување е (како и во претходната анкета) определена поддршка за СДСМ од етничките Албанци (6% од оние 19,4%), односно во апсолутен износ меѓу 15 и 20 илјади гласови, зависно од излезноста.

Во табелата се прикажани резултатите од анкетирањето по изборни едници. Како и во националниот примерок, тука исто така е голем процентот на неопределени лица (меѓу 30,0% и 40,0% зависно од изборна единица), а со оглед на тоа дека примерокот по изборна единица е помал (300 лица по ИЕ) и статистичката грешка е поголема (6,0%) што дополнително отежнува прогнозирање на крајниот резултат и со оглед на Донтовиот модел - и на распоредот на пратеничките мандати.

Сепак, од овие резултати може да се посочи дека опозициската коалиција предводена од СДСМ има предност во првата изборна единица (ИЕ 1), додека владејачката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ со другите пет, со поубедлива предност во ИЕ 3 и ИЕ 5.

Предноста пак на ДУИ во однос на ДПА (а и Беса која има речиси идентична поддршка по изборни единици како и ДПА, иако заради мали предности секаде, на национално ниво, ДПА има предност од околу 0,5%) е и поизразена по изборни едници (речиси 3:1 однос во ИЕ 1 и 2:1 односно во ИЕ 2 и ИЕ 6, додека во ИЕ 5 е веројатно единствена од т.н. албански блок која би можела да освои пратенички мандат).

Заради изборниот модел (со 6 изборни единици) кој ги фаворизира поголемите партии, односно оние кои ќе бидат победнички во секоја од изборните единици, дел од добрите резултати на повеќето партии нема да се валоризираат и со пратенички мандати. Така, иако на национално ниво некои од нив имаат резултат кој би донел 4-5 пратеници во чист пропорционален модел без долен праг и со една изборна едница, во нашиот изборен систем може да се очекуваат најмногу 2 мандати, а веројатно би завршиле и со 1 пратеник или можеби ниту еден.

| | ИЕ 1 |
|---|---|
| Стево Пендаровски | 22,8% |
| Никола Поповски | 18,5% |
| Артан Груби | 5,6% |
| Димитар Апасиев | 3,6% |
| Идриз Орана | 3,3% |
| Зеќирија Ибрахим | 2,6% |
| Павле Трајанов | 1,7% |
| Не знам/ одбивам | 37,6% |

| | ИЕ 2 |
|---|---|
| Оливер Спасовски | 14,8% |
| Никола Тодоров | 14,5% |
| Ејуп Халими | 5,4% |
| Орхан Ибраими | 2,7% |
| Африм Гаши | 2,4% |
| Не знам / одбивам | 56,6% |

| | ИЕ 3 |
|---|---|
| Илија Димовски | 24,6% |
| Љупчо Николовски | 17,6% |
| Стојанче Ангелов | 3,0% |
| Не знам / одбивам | 51,2% |

| | ИЕ 4 |
|---|---|
| Никола Груевски | 31,7% |
| Зоран Заев | 26,0% |
| Љупчо Георгиевски | 3,3% |
| Слободан Богоевски | 1,3% |
| Не знам/ одбивам | 51,2% |

| | ИЕ 5 |
|---|---|
| Антонио Милошевски | 26,3% |
| Радмила Шекеринска | 22,0% |
| Агим Шаќири | 5,0% |
| Љубе Бошкоски | 1,7% |
| Арбен Лабеништа | 1,3% |
| Не знам/ одбивам | 40,0% |

| | ИЕ 6 |
|---|---|
| Али Ахмети | 15,4% |
| Влатко Ѓорчев | 6,4 % |
| Мендух Тачи | 5,4% |
| Билал Касами | 5,0% |
| Петре Шилегов | 4,3% |
| Зијадин Села | 2,7% |
| Не знам/ одбивам | 60,2% |

*Во табелата се прикажани носителите на избирачките листи за кои над 1% од испитаниците рекле дека имаат доверба

Во однос на рејтинзите на кандидатите (носителите на листите на партиите/коалициите), тие главно го следат трендот од оние со поддршка на самите партии во тие едници, со тоа што некои соодноси делумно се разликуваат. На пример, разликата во поддршката за Стево Пендаровски е двојна споредбено со соодносот на партиите (4,3 процентни поени наспроти 2,3). Слично, Никола Груевски има личен рејтинг од 5,7 процентни поени подобар од Зоран Заев, а разликата помеѓу партиите во ИЕ 4 е 2,3 ПП. Од друга страна, разликата меѓу кандидатите во ИЕ 5 (Милошоски и Шекеринска) е помала (4,3 ПП) во однос на разликата меѓу партиите (8,0 ПП). Разликите меѓу кандидатите на водечките две партии/коалиции главно ги отсликуваат и соодносите на партиите во другите три изборни едници: изедначеност во ИЕ 2, мала предност на ВМРО-ДПМНЕ во ИЕ 6 и голема излезност во ИЕ 3.

Во однос на кандидатите во условно речено „албанскиот блок", Али Ахмети е неприкосновен во ИЕ 6, а поддршката за кандидатите на ДПА (Мендух Тачи) и Беса (Билал Касами) ја отсликува и нивната изедначеност на партиско ниво.

Во однос на кандидатските листи (вон четирите „пржински партии" и Беса), само носителите на листите во една или најмногу две изборни единици веројатно ќе се изборат за пратеничко место.



# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Граѓаните се информираат за изборната кампања најчесто преку телевизиите. Така одговориле 71,1% од испитаниците. На начинот на информирање влијае возраста и образовниот статус.

Телевизиските дуели меѓу лидерите и предводниците на кандидатските листи се многу значајни за половина од испитаниците (50,0%). Уште 20,8% одговориле дека овие соочувања се донекаде значајни. Најмалку заинтересирани за телевизиските соочувања се младите помеѓу 18 и 29 години (40,9%) и студентите (39,3%). На овој став влијае образовното ниво на испитаниците и определбата за кого ќе гласаат.

Најбитно за мнозинството граѓани е работата, односно личниот животен стандард за што се изјасниле вкупно 53,8% од испитаниците (отворањето работни места, 28,3% и пораст на животниот стандард, 25,5%. На трето место е борбата против корупцијата и организираниот криминал (12,1%), односно вкупно 14,9% заедно со кривичното гонење од СЈО.

Изедначен е процентот на оние што сметаат дека изборите ќе донесат крај на политичката криза (42,7%) и оние кои не се согласуваат со тој став (42,9%). Оптимизмот е поголем кај гласачите на коалициите од „македонскиот блок" (Коалиција ВМРО-ДПМНЕ – 57,6%, Коалиција СДСМ – 51,3%), наспроти кај гласачите на партиите од „албанскиот блок" (ДУИ - 49,1% , ДПА – 34,8%).

Иако големо мнозинство од 96,7% изјавиле дека НЕ се жртви на притисок за гласање, сепак 17,3% познаваат некој врз кој е вршен притисок пред претстојните избори. Најголем процент такви сведочења има кај гласачите на Коалицијата СДСМ (30,4%).

Една четвртина од испитаниците имаат сомнежи во тајноста на гласањето, 24,8% сметат дека тајноста на гласањето и на гласачкото место не е загарантирана, а 26,6 дека може да се дознае кој го заокружил гласачкото ливче.

Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (23,3%) има предност над опозициската коалиција предводена од СДСМ (19,4%) од 3,9 процентни поени. Во т.н. албански блок, предноста на ДУИ (6,6%) е речиси двојна, а ДПА (3,3%) и БЕСА (2,7%) се практично изедначени, особено при споредбата по изборни единици.

Гонце Јаковлеска

# ПОСТИЗБОРНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕМИ

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма спроведоа истражувања на јавното мислење посветено на јавното мислење за состојбата предизвикана од процесот на формирање влада по изборите во декември 2016 година.

Изборите не ја донесоа посакуваната разрешница на политичката криза. Формирањето на новата влада се „заглави" во обезбедувањето парламентарно мнозинство и толкувањето на надлежностите на претседателот на Република Македонија за тоа кому треба да му го даде мандатот за формирање нова влада.

Целата оваа ситуација беше повод да се прашаат граѓаните за тоа што е најдоброто решение за формирање влада, што мислат за тнр. „тиранска платформа", а што за можноста од воспоставување платформа на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Дел од истражувањето се и перцепциите за влијанијата на странските држави како и релациите и стратешките партнерства на Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во период помеѓу 4 и 10 февруари 2017 година, на национално репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Примерокот е повеќе-степен стратификуван примерок, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење.

Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. Набљудуваната популација се полнолетни (18+) лица граѓани на Р. Македонија. За да се исполни критериумот за случаен избор, користен е методот „Следен роденден".

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%.

Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. ФОРМИРАЊЕ ВЛАДА И РЕШАВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА

Прилично се изедначени граѓаните во изборот на одговорите на прашањето за најдоброто решение за формирање влада, откако Никола Груевски го врати мандатот. Најголем број, 30,2% одговориле дека најдобро решение е влада на широка коалиција, со сите поголеми партии. За влада формирана од СДСМ се изјасниле речиси 3 процентни поени помалку (27,3%), а за влада формирана од ВМРО-ДПМНЕ, 23,5%. Најподдржаното решение има изедначена поддршка кај етничките Македонци и етничките Албанци, 30,3%, односно 30,2%. Видлива е разликата во поддршката на влада формирана од СДСМ, гледано од етничка преспектива, 44,4% од етничките Албанци се определиле за ова решение, наспроти 22,1% од етничките Македонци. Впечатливи се и разликите кај „влада формирана

Графикон 1. Мислење на испитаниците за најдоброто решение за формирање влада.




Графикон 2. Најдоброто решение за формирање влада гледано низ призмата на приврзаниците на политичките партии



од ВМРО-ДПМНЕ" за кое се определиле 28,3% од етничките Македонци, наспроти 7,1% од етничките Албанци.

Како што може да се види од графиконот погоре, гледано од аспект на тоа за кого ќе гласаат, владата формирана од СДСМ има најголема поддршка кај гласачите на сите политички партии кои влегоа во новиот парламент, освен кај ВМРО-ДПМНЕ.

Графикон 3. **Мислењето на испитаниците за нови предвремени парламентарни избори како решение на политичката криза**




Мнозинството граѓани не се согласуваат дека нови предвремени парламентарни избори ќе бидат решение за политичката криза (56,5%) наспроти 38,6% кои се согласуваат со оваа изјава. Етничките Албанци предничат во несогласувањето, 71,1% не сакаат нови избори, наспроти 51,6% од етничките Македонци. Додека, 43,7% од етничките Македонци рекле дека се согласуваат со нови избори, кај етничките Албанци тој број е за скоро 20 процентни поени понизок( 24,9%). Нови избори сакаат мнозинството од оние кои гласаат за ВМРО-ДПМНЕ (70,5%), додека кај сите други парламентарни партии, мнозинството не се за таа опција. На пример, 100% од приврзаниците на Алијансата за Албанците се против избори, 81,5% од приврзаниците на СДСМ, 71,9% од приврзаниците на ДУИ, 69,4% од оние на Беса и 50% од оние на ДПА.

# 2. РЕЈТИНЗИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Графикон 4. **Доколку утре се одржат парламентарни избори, испитаниците би гласале на следниот начин**




Воочлива е изедначеноста на поддршката на ВМРО-ДПМНЕ (23,3%) и СДСМ (23%) во оваа проверка на рејтинзите на политичките партии, направена за помалку од два месеци од последните предвремени парламентарни избори. Исто така, забележливо е намалувањето на поддршката на ДУИ (3,3%) во однос на претходната проверка направена во ноември (6,6%) и порастот на поддршката за Беса (3,5%) во однос на претходната проверка (2,7%).

Кај етничките Македонци, поддршката за ВМРО-ДПМНЕ (30,6%) и СДСМ (23,8%) се разликува за околу 7 процентни поени. Кај етничките Албанци најголема е поддршката за СДСМ (20,4%) по кои следува Беса со 15,1% и ДУИ со 14,2%. Целосно изостанува поддршката за ВМРО-ДПМНЕ.

Табела 1. Споредба на рејтинзите на политичките партии од аспект на етничка припадност

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА БИ ГЛАСАЛЕ? | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ноември 2016 | | | Февруари 2017 | | |
| | ВКУПНО | Македонци | Албанци | ВКУПНО | Македонци | Албанци |
| ВМРО-ДПМНЕ | 23,3% | 30,9% | 0% | 23,3% | 30,6% | 0% |
| СДСМ | 19,4% | 22,7% | 6,0% | 23,0% | 23,78% | 20,44% |
| ДУИ | 6,6% | 0,1% | 29,2% | 3,3% | 0,14% | 14,22% |
| ДПА | 3,3% | 0% | 14,7% | 2,2% | 0% | 10,22% |
| Алијанса за Албанците | 1,9% | 0% | 8,7% | 1,5% | 0% | 6,67% |
| БЕСА | 2,7% | 0% | 12,2% | 3,5% | 0% | 15,11% |
| Друга | 4,6% | 5,5% | 0% | 2,0% | 2,36% | 1,33% |
| Ниту една | 5,5% | 5,9% | 3,6% | 7,8% | 6,82% | 10,67% |
| Не знам/одбива да одговори | 32,7% | 35,0% | 25,7% | 33,4% | 36,30% | 21,33% |

Податоците презентирани во табелата погоре овозможуваат да се направи споредба на рејтинзите на политичките партии во ноември 2016 година и во февруари 2017 година и да се анализира дали растеле, стагнирале или се намалувале во овие два месеци.

# 3. ПЛАТФОРМИ

Повеќе од половината од испитаниците (55,2%) имаат негативно мислење за платформата на ДУИ, Алијансата на Албанците и Беса. Позитивно за неа се изјасниле 18,6%, а на 15,2% им е сеедно. Притоа, речиси изедначен е процентот на Македонците кои не ја поддржуваат (71,5%) и етничките Албанци кои ја поддржуваат (74,7%). Оваа платформа има поддршка од 0,4% од етничките Македонци, додека 5,8% од етничките Албанци не ја поддржуваат. Гледано по региони, најголема е поддршката во Полог, а најмала во вардарскиот и во пелагонискиот регион (0%). Интересно е тоа што на ова прашање има разлика и меѓу испитаниците мажи и жени. Поддршката кај мажите (25,9%) е за 14,6 процентни поени повисока отколку кај жените (11,3%).

Графикон 5.Мислењето на испитаниците за платформата на ДУИ, Алијанса за Албанците и Беса



Табела 2. **Потребата од платформа на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ гледана низ призмата на приврзаниците на политичките партии**

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | % ДАЛИ Е ПОТРЕБНО ДВЕТЕ НАЈГОЛЕМИ МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ (ВМРО-ДПМНЕ И СДСМ) ДА ФОРМИРААТ СВОЈА ПЛАТФОРМА? | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам/одбива да одговори |
| ВМРО-ДПМНЕ | 74,8% | 21,7% | 3,6% |
| СДСМ | 49,8% | 42,0% | 8,3% |
| ДУИ | 34,2% | 65,8% | 0,0% |
| Беса | 36,3% | 41,9% | 22,7% |
| Алијанса на Албанците | 29,0% | 64,0% | 6,9% |
| ДПА | 49,1% | 50,9% | 0,0% |

Ниту еден од приврзаниците на ВМРО-ДПМНЕ не одговорил дека ја поддржува оваа платформа, додека позитивно мислење за неа имаат 17,3% од приврзаниците на СДСМ. Кај гласачите на партиите на етничките Албанци поддршката е значајно поголема и се движи од 87,5% кај оние на ДУИ, до 68,2% кај оние на ДПА. Негативно мислење за овој документ имаат 86,8% од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ и 49,4% од гласачите на СДСМ. Кај гласачите на партиите на етничките Албанци овие бројки се доста пониски, па изнесуваат од 13,6% кај гласачите на ДПА, преку 9,4% и 5,4% кај гласачите на ДУИ и Беса, до 0% кај гласачите на Алијанса на Албанците.

Графикон 6. **Мислење на испитаниците за потребата од платформа на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ**




Мнозинство од испитаниците (58,4%) сметаат дека е потребно двете најголеми македонски политички партии (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) да формираат своја платформа. Гледано од аспект на етничката припадност, оваа идеја има приврзаници и кај 64,7% од етничките Македонци, додека 27% рекле дека тоа не е потребно. Кај етничките Албанци, оваа идеја повеќе нема (46,2%) отколку што има (37,3%) поддршка. Регионално, најголема е поддршката во источниот (72,3%) и во вардарскиот (70,6%) регион, а најмала во југозападниот регион (49,7%).

Како што може да се види од табелата погоре, гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (74,8%) најмногу ја поддржуваат оваа идеја, а најмала поддршка таа има кај гласачите на ДУИ.

# 4. СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Вкупно 62,8% од граѓаните сметаат дека е потребно да се продолжи периодот во кој Специјалното јавно обвинителство (СЈО) може да покренува обвиненија. Малцинство од 28,8% се изјасниле против. Гледано низ етничка призма, етничките Албанци (82,7%) даваат многу поголема поддршка на СЈО во однос на етничките Македонци (56,5%).

Графикон 7. **Потреба од продолжување на мандатот на СЈО**




Гледано пак низ партиска призма, односно од аспект на тоа за кого гласале испитаниците, само кај гласачите на ВМРО-ДПМНЕ таа поддршка е малцинска и изнесува 20,5%. Кај сите други се движи над 70%. Најголема е кај Алијансата на Албанците, 100%, потоа следуваат гласачите на СДСМ со 93,9%, 87% од гласачите на ДПА се изјасниле позитивно за продолжувањето на мандатот на СЈО, 82,4% од гласачите на Беса и 75,8% од гласачите на ДУИ.

# 5. ВЛИЈАНИЕ НА СТРАНСКИ ДРЖАВИ

Мнозинство од граѓаните (63%) имаат негативно мислење за средбата на претставниците на албанските партии од Македонија со премиерот на Република Албанија, Еди Рама. Позитивно се изјасниле 19,3%. Меѓу поддржувачите, само 1,4% се етнички Македонци, а 73,7% се етнички Албанци. Високи 79,2% од Македонците не ја оправдуваат оваа средба, како и 14,3% од етничките Албанци. И овде може да се забележи разлика во одговорите на мажите и на жените. Имено, поголем е процентот на мажите кои имаат позитивно мислење за оваа средба (23,7%) во однос на жените (14,8%). Жителите на југоисточниот регион се најбројни меѓу оние кои имаат негативно мислење (84,1%), а оние од Полог (35,2%) се на другиот крај од оската, односно се најмалобројни меѓу оние кои имаат негативно мислење.

Графикон 8. **Мислење на испитаниците за средбата на претставниците на албанските партии од Македонија со албанскиот премиер Еди Рама**



Табела 3. Ставови на гласачите на политичките партии за средбата со премиерот на Р. Албанија

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | % КАКВО Е ВАШЕТО МИСЛЕЊЕ ЗА СРЕДБАТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ ОД МАКЕДОНИЈА СО АЛБАНСКИОТ ПРЕМИЕР ЕДИ РАМА? | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Позитивно | Негативно | Не знам | одбива да одговори |
| ВМРО-ДПМНЕ | 1,8% | 90,6% | 3,6% | 4,0% |
| СДСМ | 19,5% | 59,1% | 13,1% | 8,3% |
| ДУИ | 83,2% | 12,0% | 2,1% | 2,7% |
| Беса | 74,2% | 23,3% | 0,0% | 2,5% |
| Алијанса на Албанците | 66,1% | 20,1% | 13,8% | 0,0% |
| ДПА | 90,0% | 10,0% | 0,0% | 0,0% |

Во табелата 3 може да се види каков е ставот на испитаниците, потенцијални гласачи за одредени политички партии. Најизразено негативно мислење за оваа средба имаат гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (90,6%), а најизразено позитивно мислење имаат гласачите на ДПА (90%).

Иако прилично изедначени, сепак во мала предност од 7,5 процентни поени се испитаниците кои сметаа дека Европската Унија треба да ја остави Македонија сама да ја реши кризата (52,8%) во однос на они кои бараат поголемо вклучување (45,3%).

Графикон 9. Мислење за улогата на ЕУ во решавањето на политичката криза




Поголемо вклучување на ЕУ бараа оние со повисоко образование, како што се оние со вишо (59,8%), високо (56,2%) или оние со постдипломски студии (56,7%). Регионално гледано, жителите на Полог (63,3%) во најголем процент очекуваат вклучување на ЕУ во надминувањето на кризата, додека оние од источниот регион (77,4%) се најголеми застапници на идејата дека Македонија треба сама да си ја реши кризата.

Вклучувањето на ЕУ е повеќе посакувано од етничките Албанци (76,5%) во однос на етничките Македонци (34,9%), односно етничките Македонци (63%) во поголема мера сакаат Македонија сама да ја надмине кризата во однос на етничките Албанци (21,2%).

Партиската определба влијае на одговорите на ова прашање, па така за самостојно решавање на кризата најчесто се изјаснувале потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (83,8%). Сите други имаат малцинска поддршка за оваа изјава која се движи од 28,6% кај гласачите на СДСМ до 0% кај гласачите на Алијансата на Албанците. И обратно, по 100% поддршка на вклучувањето на ЕУ во решавањето на кризата кај гласачите на Алијансата на Албанците, 91,4% кај гласачите на Беса, 87% кај гласачите

на ДПА, 71,9 кај гласачите на ДУИ и 71,1% кај гласачите на СДСМ, најниска е поддршката кај гласачите на ВМРО-ДПМНЕ и изнесува 15,4%.

Како кај Европската Унија, слична е ситуацијата и со Соединетите Американски Држави, мнозинството испитаници (57%) рекле дека Македонија треба сама да ја реши кризата. Вкупно 38,8% сметаат дека е потребно поголемо вклучување на САД во решавањето на кризата. Очекувањата од вклучување на САД во решавањето на кризата се зголемуваат со зголемувањето на нивото на образование кај испитаниците, и тоа од 15,8% кај оние со незавршено основно образование, до 54% кај оние со завршени постдипломски студии. И обратно, поддршката на самостојно решавање на кризата се намалува со зголемувањето на нивото на образование од 84,2% кај оние со незавршено основно, до 43,4% кај оние со завршени постдипломски студии. Како и кај ЕУ, и овде, жителите на источниот регион (77,5%) му даваат најголема поддршка на самостојното решавање на кризата, за разлика од оние од Полог (55%) кои во најголема мера бараат поголемо вклучување на САД.

Графикон 10. **Мислење за улогата на САД во решавањето на политичката криза**




Мнозинство од етничките Македонци (64,7%) му даваат поддршка на самостојното решавање на кризата, наспроти мнозинството етнички Албанци (63,6%) кои сметаат дека е потребно поголемо вклучување на САД во решавањето на кризата.

И овде има влијание политичката определба, па така, највисока поддршка на самостојното решавање на политичката криза даваат гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (78,8%), потоа следуваат гласачите на ДУИ (44,7%), на СДСМ (39,2%), на Алијансата на Албанците (31,3%), на Беса (22,9%) и на ДПА (13,2%).

# 6. РЕЛАЦИИ И СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА

Испитаниците имаат поделени мислења за тоа која земја е најпријателски наклонета кон Македонија. Најмногу од нив, 14,1% сметаат дека тоа е Турција, а 10%, дека тоа е Русија. Вкупно 6,6% сметаат дека тоа се САД, а 6% дека тоа е Германија. Европската Унија ја доживуваат како пријателска 1,9% од испитаниците.

Етничките Албанци во поголем процент идентификувале пријателски земји. Тие распределиле вкупно 57,3% кај 11 земји, за разлика од етничките Македонци кои распоредиле 44,7% кај 12 Земји. Притоа, разлики меѓу има кај перцепциите за Албанија, Германија, САД што може да се види од графикон 12.

Графикон 11. Најпријателски наклонета земја кон Македонија




На перцепциите за тоа која е најпријателската земја, влијае и политичката определба. Од табелата 4 може да се види дека за гласачите на ВМРО-ДПМНЕ најпријателска земја е Русија (17,5%), а потоа Турција (14,6%). Гласачите на СДСМ имаа исти размислувања во врска со Турција, но на второ место кај нив се САД (10,4%). Турција е најпријателска и за ДУИ (22,8%) и за Беса (19,2%). За Алијансата на Албанците тоа е Албанија (22,8%), а за ДПА, САД (21,9%).

Графикон 12. Влијание на етничката припадност на определбата за најпријателска земја



Табела 4. Ставови на гласачите на политичките партии во однос на прашањето која земја е пријателски наклонета кон Р. Македонија

| % Која земја во светот е најпријателски наклонета кон Македонија? | ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Беса | Алијанса на Албанците | ДПА |
| Албанија | 0,4% | 3,5% | 8,3% | 7,7% | 22,8% | 13,1% |
| Бугарија | 0,7% | 0,5% | 3,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Германија | 3,3% | 9,7% | 6,4% | 15,1% | 5,2% | 0,0% |
| ЕУ | 1,3% | 4,7% | 7,4% | 0,0% | 5,2% | 0,0% |
| Кина | 1,1% | 0,7% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Русија | 17,5% | 5,9% | 5,8% | 7,0% | 5,0% | 0,0% |
| САД | 5,4% | 10,4% | 9,7% | 6,0% | 20,6% | 21,9% |
| Србија | 5,9% | 2,7% | 3,5% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Турција | 14,6% | 14,1% | 22,8% | 19,2% | 12,2% | 14,3% |
| Други | 3,9% | 3,7% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Сите земји | 0,0% | 0,0% | 1,4% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Сите соседни земји | 0,3% | 1,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Ниту една | 42,1% | 41,1% | 26,8% | 42,5% | 16,8% | 43,6% |
| Не знам | 3,4% | 1,9% | 4,8% | 2,5% | 12,2% | 7,1% |

Размислувањата се поинакви на прашањето кој треба да биде стратешки партнер на Република Македонија. Тука во предност е ЕУ со 31,7%, потоа Русија (21,9%), па САД (17,8%). За ЕУ најголема е поддршката во полошкиот регион (54,4%), а најмала во вардарскиот (21,7%). Исто е и кај поддршката на САД за кои 34% од жителите на Полог сметаат дека треба да биде стратешки партнер на земјава, додека најниска е поддршката во југоисточниот регион (15,1%). Русија има најголема поддршка во вардарскиот регион (43,9%), а најмала во полошкиот (12,3%).

Графикон 13. Посакуван стратешки партнер на Македонија



Од аспект на етничката припадност, етничките Македонци во приближно ист процент сметаат дека стратешкиот партнер на Македонија треба да биде ЕУ (29,1%), односно Русија (27,5%). Етничките Албанци, пак, поголема предност им даваат на ЕУ (40,3%) и на САД (32,1%).

Графикон 14. Влијание на етничката припадност на определбата за стратешки партнер на Македонија




Табела 5. Ставови на гласачите на политичките партии за тоа која земја треба да биде стратешки партнер на Р. Македонија

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА БИ ГЛАСАЛЕ ДОКОЛКУ УТРЕ СЕ ОДРЖАТ ИЗБОРИ?/КОЈ ТРЕБА ДА БИДЕ СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА? | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЗА КОЈА ПАРТИЈА ЌЕ ГЛАСАТЕ? | | | | | |
| Кој треба да биде стратешки партнер на Р. Македонија? | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Беса | Алијанса на Албанците | ДПА |
| ЕУ | 22,2% | 57,3% | 40,5% | 60,5% | 69,6% | 56,8% |
| САД | 14,1% | 26,9% | 41,6% | 50,5% | 44,4% | 60,9% |
| Русија | 50,5% | 20,5% | 17,9% | 2,6% | 0,0% | 0,0% |
| Кина | 5,9% | 3,2% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Турција | 5,6% | 5,9% | 12,4% | 15,7% | 6,9% | 10,0% |
| Германија | 7,2% | 11,2% | 6,9% | 13,2% | 6,9% | 9,6% |
| Друг | 1,9% | 1,6% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Не знам/одбива да одговори | 13,1% | 7,8% | 9,4% | 0,0% | 0,0% | 13,2% |

Влијанието на политичката припадност може да се види во табелата 5. Мнозинство од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (50,5%) за стратешки партнер ја сметаат Русија, а од гласачите на СДСМ (57,3%), ЕУ. Гласачите на ДУИ (41,6%) предност им даваат на САД, како и гласачите на ДПА (60,9%). Додека гласачите на Беса (60,5%) и на Алијансата на Албанците (69,6%) предност ѝ даваат на ЕУ.

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ

Најголем број од испитаниците (30,2%) сметаат дека влада на широка коалиција со сите поголеми партии е решение за политичката криза. Втор најчесто избран одговор е влада формирана со мандат од СДСМ (27,3%).

Повеќе од половината испитаници (56,5%) не се согласуваат дека новите избори се решение за политичката криза. Доколку утре се одржат избори, најголемите политички партии од македонскиот блок, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ќе имаат прилично изедначен резултат, 23,3% наспроти 23%.

Мнозинството граѓани (55,2%) имаат негативно мислење за заедничката платформа усвоена од партиите на етничките Албанци.

Негативно е мислењето за средбата на претставниците на партиите на етничките Албанци со премиерот на Република Албанија, Еди Рама, за мнозинство од испитаниците (63%). Вкупно 58,4% сметаат дека двете македонски политички партии (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) треба да формираат своја платформа.

Мнозинство од 62,8% од испитаниците рекле дека на Специјалното јавно обвинителство треба да му се продолжи периодот во кој ќе може да покренува обвиненија. За речиси 20 процентни поени е поголема таа поддршка кај етничките Албанци (82,7%).

Повеќе од половината од граѓаните сметаа дека ЕУ треба да ја остават Македонија сама да се справи со политичката криза (52,8%), иако не е занемарлив процентот на оние кои сметаат дека тие треба повеќе да се вклучат во нејзиното решавање (45,3%). Малку поголем е отпорот за вклучување на САД (57%). Гледано низ етничка призма, побројни се Македонците кои сакаат сами да си ја решаваат кризата (64,7%), во однос на етничките Албанци (33,8%).

Сепак, иако поголем процент од граѓаните сметаат дека ЕУ не треба да се меша во кризата, Унијата сепак останува најголем стратешки партнер (31,7%). На второ место е Русија со 21,9% поддршка, а на трето САД со 17,8% поддршка од испитаниците.

На прашањето „која земја во светот е најпријателски наклонета кон Македонија“, најголем дел од испитаниците (45,2%) одговориле „ниту една“. Од оние кои сметаат дека Македонија има пријатели, најголем број се одлучиле за Турција (14,1%), потоа за Русија (10%), па САД (6,6%).

Гонце Јаковлеска

# ЗАДОВОЛСТВО ОД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ И ПЛАНОВИ ЗА НАПУШТАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ВОВЕД

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „Задоволство од местото на живеење и планови за напуштање на Република Македонија". Ова е една од темите за кои подолго време се дебатира во Македонија. Иако доживеан како горлив проблем на државата, иселувањето всушност е глобален проблем со кој се соочуваат голем број држави, вклучително и оние развиените. Причините се различни. Од основните кои во фокусот го ставаат преживувањето, преку потрагата по подобар стандард, образование, кариера, љубов итн.

Во Македонија, оваа тема често се користи во меѓупартиските препукувања. Политичките партии меѓусебно се обвинуваат за бројот на иселените, за причините на иселувањето итн. Сепак, надвор од партиските интереси, иселувањето на населението е сериозен општествен проблем кој бара сериозна дебата што ќе ги вклучи сите општествени чинители. Сакајќи да понуди податоци во оваа општествена дебата и имајќи ги предвид барањата на граѓаните за тоа што е нивниот интерес во дебатните емисии, МЦМС и Телма, со поддршка на М-проспект, спроведоа анкета за иселувањето. Анкетата не се задржува само на прашањата за иселувањето, туку го поставува и прашањето за причините за иселувањето, како и посакуваната дестинација на оние кои размислуваат и планираат да ја напуштат земјата.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во периодот помеѓу 13 и 17април 2017 година, на национално репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Примерокот е двофазен стратификуван, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Анкетираната популација се лица над 15 години, граѓани на Р. Македонија. Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. За да се исполни критериумот за случаен избор, користен е методот „Следен роденден“.

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%.

Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. ЗАДОВОЛСТВО ОД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ

Граѓаните се поделени во ставовите за тоа дали во Македонија може да се напредува со напорна работа, иако за нијанса, односно за 2,2 процентни поени во предност се песимистите, односно оние кои одговориле со не.

Графикон 1. **Можноста за напредок во Македонија со напорна работа**




Гледано по региони, најчесто со не одговарале оние од источниот (70%) и од пелагонискиот регион (60%), додека жителите на полошкиот (71,9%) и на североисточниот (60%) регион, најмногу веруваат дека во Македонија може да се напредува со напорна работа. Овој став почесто го застапуваат етничките Албанци (61,7%), оние со незавршено образование (76,5%) и оние со вишо образование (66,7%).

Графикон 2. **Задоволство од местото на живеење**




Како што може да се види од графиконот погоре, граѓаните се речиси поделени во ставот за тоа дали се или не се задоволни од нивното место на живеење. Жителите на југоисточниот (72,2%) и на полошкиот (61,3%) регион се позадоволни наспроти оние од источниот (61,1%) и од југозападниот (59%) регион. Задоволството од местото на живеење е попотенцирано кај оние на 65 години (68,5%), кај оние со незавршено образование (82,4%) и кај оние со повисоки примања (до 72,5%), а незадоволството расте со степенот на образование, и тоа од 49,3% кај оние со средно, до 66,7% кај оние кои завршиле докторски студии.

# 2. ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ

Мнозинството граѓани (55,8%) не би ја напуштиле Македонија трајно, дури и ако имаат прилика за тоа. Сепак, процентот на оние кои би ја искористиле приликата, доколку ја имаат, е 39,2% и не е воопшто низок. Жителите на источниот регион (60%) во најголем процент би ја искористиле приликата да ја напуштат земјата. Најмалку заинтересирани за ваква можност се жителите на југоисточниот регион (25,6%). Етничките Албанци (64,3%) за 10 про-

центни поени повеќе од етничките Македонци (54,4%) би останале во Македонија.

Графикон 3. Искористување на можноста за трајно иселување од државата




Графикон 4. Влијание на возраста на испитаниците во искористувањето на можноста за трајно иселување од државата




Гледано низ призмата на возраста, во графиконот погоре може да се забележи дека како што расте возраста, така опаѓа интересот за трајно напуштање на Македонија и обратно, кај помладата популација поголем е интересот за трајно напуштање на земјава.

И образованието има влијание на одлуката за трајно преселување во друга држава. Од графиконот може да се забележи дека оние со незавршено образование не би заминале од Македонија, за разлика од оние со магистерски студии (61,3%) кои се најбројни меѓу оние што трајно би се преселиле во друга држава.

Во поглед на работниот статус, најзаинтересирани за заминување се студентите (57,8%), а најмалку заинтересирани се пензионерите (8,9%) и земјоделците (26,1%).

Графикон 6. Веројатност за иселување во следните 12 месеци




Големо мнозинство од испитаниците (80,3%) рекле дека нема да се иселат во следната година. Само за 12,2% иселувањето е извесно. Најсигурни во тоа се жителите на севе-

Графикон 5. Влијание на образованието на испитаниците во искористувањето на можноста за трајно иселување од државата



роисточниот (23,3%) и оние од југозападниот (20%) регион. За нијанса поизвесно од просекот е иселувањето на помладите, односно за 17,1% од оние на возраст од 15 до 24 години и за 18,9% од оние на возраст од 25 до 34 години. Иселувањето е поизвесно за оние кои завршиле магистерски студии (35,5%), како и за оние чии месечни примања се меѓу 6.000 и 9.000 МКД.

Графикон 7. Планови за иселување до крајот на 2017 година




Кога идејата за иселување станува многу конкретна, односно временскиот распон е актуелната година, процентите се менуваат, во полза на негативните одговори. Високи 79,7% не планираат да се иселат во 2017 година, а само 13% имаат таков план, за разлика од 39,2% од оние кои би се иселиле кога би имале

Графикон 8. Влијание на возраста на плановите за иселување до крајот на 2017 година




можност. Најизвесно е иселувањето за испитаниците од североисточниот регион (22,2%).

И тука возраста на испитаниците има влијание на одлуката за иселување. Видливо е дека плановите за иселување во друга држава опаѓаат со зголемувањето на бројот на годините и обратно. Па така, иселувањето како опција повеќе го планираат помладите (21,5%) за разлика од постарите (1,4%).

Графикон 9. Подготовки за иселување во 2017 година




Испитаниците беа прашани дали ги почнале подготовките за иселување што вклучува купување билет за патувањето, аплицирање за виза или барање на сместување во земјата каде што ќе се иселат. Од графиконот може да се забележи дека уште помал е процентот на оние што ги почнале подготовките и тој изнесува 7,9%, односно околу пет процентни поени помалку од оние што рекле дека планираат да се иселат во 2017 година.

Графикон 10. Помош од роднини и пријатели при иселувањето во друга земја



Речиси половина од испитаниците (48%) имаат роднини и пријатели кои живеат во друга земја. Најголем број од испитаниците кои можат да сметаат на помошта на роднините во странство се од североисточниот (67,8%) и од вардарскиот (62,9%) регион, а најмалку на таква помош може да сметаат оние од скопскиот регион (34,5%).

# 3. ПРИЧИНИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕТО И ПОСАКУВАНА ДЕСТИНАЦИЈА

Според одговорите, Германија е препознаена како ветена земја, во неа би се иселиле 22,2% од испитаниците. По неа следуваат Швајцарија со 14,0% и САД со 11,0%. Од оние кои се ставени во други, по околу 4% рекле дека би се иселиле во Канада и во Холандија. Може да се забележи дека во потрага по подобри услови за живот, граѓаните не се обесхрабруваат од далечината. Прекуокеанските земји како САД, Австралија и Канада се избор на вкупно 37,5% од испитаниците.

Графикон 11. Посакувана дестинација за иселување




Графикон 12. Причини за напуштање на земјата



За жителите на пелагонискиот регион најпосакувани дестинации се Германија (30,3%) и Австралија (21,2%); за оние од Полог, Швајцарија (26,1%); за граѓаните од југоистокот тоа се САД (16,0%); Шведска е најпосакувана дестинација во вардарскиот регион (15,2%), а Италија е најпосакувана за оние од источниот (13,0%).

Иако Турција (14,1%) и Русија (10,0%) беа препознаени како најпријателски земји на Македонија („Постизборни политички теми", МЦМС, 2017)" - http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1881-postizborni-politichki-temi.html), интересот за иселување во нив е многу мал, односно 0,3 за Русија и 0,2% за Турција.

На врвот на листата на причини за напуштање на Македонија е повисокиот животен стандард (25,0%). Веднаш по неа, со 23,2% се поголемите шанси да се најде работа. На трето место е политичката ситуација (14,9%), а потоа се условите за работа (10,9%) и можностите за образование (8,1%).

# 4. ЗАКЛУЧОЦИ

**Желбите за иселување се поголеми од реалните планови за тоа**. Иако 39,2% од испитаниците трајно би сакале да ја напуштат земјата, сепак извесно е дека тоа ќе го направат само 12,2%, односно оние кои планираат да го направат тоа во следните 12 месеци.

**Профил на граѓанинот кој би сакал да се исели:** Тој/таа најчесто е жител/ка на источниот регион, смета дека во Македонија не може да се напредува со напорна работа и не е задоволен/а со местото на живеење, има завршено средно или повисоко образование и е на помлада возраст.

**Профил на граѓанинот кој најверојатно ќе се исели:** Тој/таа најчесто е жител/ка на североисточниот регион, има родини надвор од земјата кои ќе му помогнат, е на возраст помеѓу 15 и 34 години и најчесто е студент или невработен.

**Профил на граѓанинот кој би останал во Македонија**: Тој/таа најчесто е жител/ка на полошкиот регион, смета дека во Македонија може да се напредува со напорна работа и задоволен/на е со местото на живеење. Нема завршено образование и е повозрасен/на.

**Топ три причини за иселување се:** повисокиот животен стандард (25,0%), поголемите шанси да се најде работа (23,2%) и политичката ситуација (14,9%).

**Германија** е земјата во која би се иселиле најголем број од граѓаните (22,2%). Иако интересот е поголем за европските земји, сепак не е за занемарување дека во прекуокеанските САД, Австралија и Канада би се иселиле 37,5% од испитаниците.

Гонце Јаковлеска

# ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ ЗА СЛУЧУВАЊАТА ВО СОБРАНИЕТО НА 27 АПРИЛ 2017 ГОДИНА

# ВОВЕД

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „Перцепциите и ставовите за случувањата во Собранието на Република Македонија на 27 април".

Овие настани се сметаат за точка на прекршување на политичката криза која почна во почетокот на 2015 година со објавувањето на т.н. бомби на опозициската СДСМ и нејзиниот лидер, Зоран Заев. Изборите од декември 2016 година не ја донесоа посакуваната разрешница. Предноста од двајца пратеници што ја доби ВМРО-ДПМНЕ на изборите не му обезбеди мнозинство за формирање влада. Различното толкување на уставните одредби од страна на претседателот на РМ уште повеќе ја зголеми неизвесноста во разрешувањето на политичката криза. Преговорите на СДСМ со партиите на етничките Албанци за формирање парламентарно мнозинство и влада беше проследено со контроверзни информации за наводна „Албанска платформа" и протести под мотото „За заедничка Македонија".

Покрај ова, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ го блокира изборот на претседател на Собранието на РМ што го оневозможуваше редовното работење на највисоката законодавна институција.

Настаните во Собранието започнаа со свикувањето седница на која мнозинството избра претседател на Собранието на РМ, а продолжија со упадот на протестантите (од „За заедничка Македонија") во Собранието и насилството врз пратениците кое заврши со 83 повредени лица, меѓу кои пратеници, новинари и полицајци. Насилствата беа осудени, а изборот на претседател на Собранието на РМ беше поздравен од едни, и оспорен од други чинители.

Сакајќи да понудат информации за тоа какви се перцепциите на граѓаните за овие настани, МЦМС и Телма, со поддршка на М-проспект, спроведоа анкета за овие случувања. Анкетата ги опфаќа не само прашањата на изборот на претседател на Собранието на РМ, туку и на (не)поддршката на насилствата, протестите и улогата на претседателот на РМ во целиот процес на примопредавање на власта. На крајот се вклучени и прашања со кои се прави проверка на рејтингот на политичките партии.

Анкетата и овој извештај документираат еден значен, за жал темен настан, од парламентарната демократија на Македонија. На граѓаните, преку опфатените испитаници, им овозможуваат да ги предочат нивните перцепции, а на новинарите и другите општествено-политички чинители им даваат објективен поглед и материјал за нивните анализи на случувањата кои би и биле презентирани на пошироката јавност.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во период помеѓу 10 и 15 Мај 2017 година, на национално репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Примерокот е двофазен стратификуван, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење.

Анкетираната популација се лица над 18 години, граѓани на Р. Македонија. Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. За да се исполни критериумот за случаен избор, користен е методот „Следен роденден“.

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. МИРНО ПРЕДАВАЊЕ НА ВЛАСТА И УЛОГАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Мнозинството од граѓаните (62,1%) сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ треба да изврши мирно предавање на власта, наспроти 25,2% кои не се согласуваат со тоа. Поголем е процентот на етнички Албанци (89,4%) кои сметаат дека треба да има мирно предавање на власта. Овој став има поголема поддршка кај жителите на полошкиот (83,7%) и жителите на југозападниот (77,8%) регион, како и кај потенцијалните гласачи на СДСМ (84,9%). Во поглед на образованието, најголема предност на мирното предавање на власта даваат оние со завршено високо образование (70,3%) и оние со завршени постдипломски студии (77,3%). Интересно е што и полот на испитаниците има влијание на одговорите, па така, речиси за 12 процентни поени мажите (68,3%) почесто одговарале дека треба да има мирно предавање на власта, наспроти жените (56,0%).

Графикон 1. **Мислење на испитаниците за мирно предавање на власта од страна на ВМРО-ДПМНЕ**




Графикон 2. **Мислење на испитаниците за обврската на претседателот Иванов за давање на мандатот**




Како што може да се види од графиконот погоре, мнозинство од граѓаните (58,4%) сметаат дека претседателот Ѓорѓе Иванов е должен да го даде мандатот, наспроти речиси една третина од граѓаните (32,4%) кои имаат спротивно мислење. Процентот на приврзаниците на првиот став расте со зголемувањето на степенот на образованието од 10,5% кај оние со незавршено основно образование, до 68,2% кај оние со завршени постдипломски студии и обратно, поддршката за ставот дека претседателот не е должен да го даде мандатот опаѓа со степенот на образованието од 73,7% кај оние со незавршено основно образование до 22,7% кај оние со завршени постдипломски студии.

И овде може да се забележи разлика во поддршката на ставовите која е базирана на етничката припадност, па така големо е мнозинството на етничките Албанци (94,9%) кои го поддржуваат ставот дека претседателот е должен да го даде мандатот, наспроти малцинството етнички Македонци (47,0%) кои го поддржуваат истиот став.

Гледано од аспект на местото на живеење, жителите на полошкиот (88,9%) и на југозападниот регион (77,8%) се најубедени во ставот дека претседателот треба да го даде мандатот. На другата страна се жителите на источниот регион (45,5%) каде сосема се изедначени одговорите за двата става.

Табела 1. Влијание на степенот на образованието на одговорите за давање на мандатот

| ДАЛИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРЃЕ ИВАНОВ Е ДОЛЖЕН ДА ГО ДАДЕ МАНДАТОТ? | | | |
|---|---|---|---|
| Образовна структура на испитаниците | Да % | Не % | Не знае/одбива да одговори % |
| Незавршено основно образование | 10,5 | 73,7 | 15,8 |
| Основно образование | 64,1 | 30,4 | 5,4 |
| Средно образование | 54,4 | 36,8 | 8,7 |
| Вишо образование | 65,6 | 29,7 | 4,7 |
| Високо образование | 66,3 | 21,7 | 12,0 |
| Постдипломски студии | 68,2 | 22,7 | 9,1 |

Очекувано, потенцијалните гласачи на партиите на парламентарното мнозинство се поголеми приврзаници на ставот дека претседателот е должен да го даде мандатот. Кај сите нив, процентот е над 80, почнувајќи од потенцијалните гласачи на СДСМ (81,6%), Алијансата на Албанците (88,9%), ДУИ (93,0%), БЕСА (97,3%), па до оние на ДПА (100,0%). Потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ се на другата страна од оската, односно тие повеќе го поддржуваат ставот дека претседателот не е должен да го даде мандатот (69,2%).

Како кај претходното прашање, и овде на одговорите влијаел полот на испитаниците. Па така, мажите се поголеми застапници на ставот дека претседателот е должен да го даде мандатот (67,7%), наспроти жените (49,3%).

Графикон 3. Придонесот на претседателот Иванов во смирувањето/влошувањето на ситуацијата




Иако е поголем процентот на граѓани кои сметаат дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза (48,6%), сепак се забележува дека и двата става ја немаат мнозинската поддршка на испитаниците. Додека кај етничките Македонци разликата кај двата става е нецели 10 процентни поени, кај етничките Албанци таа е речиси 80 процентни поени, односно 86,2% сметаат дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза, наспроти 7,4% кои сметаат дека придонесува кон смирување.

Со зголемувањето на нивото на образование, се зголемува и процентот на оние кои сметаат дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза. Па така, овој процент изнесува 26,3% кај оние со незавршено основно образование, а стигнува до 60,2% кај оние со завршено високо образование, односно 63,6% кај оние со завршени постдипломски студии. Мнозинство за овој став има и кај испитаниците на возраст помеѓу 18 и 29 години (56,0%) и оние на возраст помеѓу 40 и 49 години (50,5%).

Големо мнозинство на жителите на полошкиот регион (82,4%) сметаат дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза, а од друга страна, пак, во источниот (47,7%) и во скопскиот регион (47,6%) е најголема поддршката на ставот дека претседателот придонесува кон смирување на политичката криза.

Табела 2. **Влијание на етничката припадност на ставот за улогата на претседателот на РМ во разрешувањето на политичката криза**

| ДАЛИ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРЃЕ ИВАНОВ ПРИДОНЕСУВА ЗА СМИРУВАЊЕ ИЛИ ЗА ВЛОШУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА? | | | |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност | Придонесува кон смирување % | Придонесува кон влошување % | Не знае/одбива да одговори % |
| Македонци | 46,7 | 37,6 | 15,7 |
| Албанци | 7,4 | 86,2 | 6,5 |

Кај потенцијалните гласачи на партиите на парламентарното мнозинство, големо мнозинство на испитаниците сметаат дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза, и тоа од 72,4% кај потенцијалните гласачи на СДСМ, до 100% кај потенцијалните гласачи на ДПА. Кај потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ состојбата е обратна, големо мнозинство од нив (71,7%) сметаат дека претседателот придонесува кон смирување на политичката криза.

Мажите се поголеми приврзаници на ставот дека претседателот придонесува кон влошување на политичката криза (57,7%) за разлика од жените (39,6%).

Табелата подолу ги дава збирно веќе презентираните податоци за влијанието на полот на испитаникот врз одговорите во ова поглавје.

Табела 3. **Влијание на полот на испитаниците на одговорите за мирно предавање на власта и улогата на претседателот**

| | | Да % | | Не % | | Не знае/одбива да одговори % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж% | М% | Ж% | М% | Ж% | М% |
| 1 | Дали ВМРО-ДПМНЕ треба да изврши мирно предавање на власта? | 56,0 | 68,3 | 27,2 | 23,2 | 16,8 | 8,6 |
| 2 | Дали претседателот Ѓорѓе Иванов е должен да го даде мандатот? | 49,3 | 67,7 | 38,5 | 26,3 | 12,2 | 6,0 |
| | | Придонесува кон смирување % | | Придонесува кон влошување % | | | |
| 3 | Дали однесувањето на претседателот Ѓорѓе Иванов придонесува за смирување или за влошување на политичката криза? | 46,2 | 29,7 | 39,6 | 57,7 | 14,2 | 12,6 |

# 2. ПРОТЕСТИ, ЕСКАЛАЦИЈА И (НЕ)ОДОБРУВАЊЕ

Разликата меѓу оние кои ги поддржуваат (43,5%) и оние кои не ги поддржуваат (49,8%) протестите „За заедничка Македонија“ е 6,3 процентни поени во корист на „неподдржувачите“. Значително поголем е процентот на оние кои не ги поддржуваат протестите меѓу етничките Албанци (84,3%), за разлика од етничките Македонци (38,5%).

Графикон 4. Поддршка за протестите на иницијативата „За заедничка Македонија"




Графикон 5. Влијанието на етничката припадност на поддршката на протестите




Нивото на образование и овде игра улога, па така, поддршката на протестите расте со опаѓањето на нивото на образование од 13,6% кај оние со завршени постдипломски студии, на 68,4% кај оние со незавршено основно образование и обратно, неподдршката на протестите расте со зголемувањето на нивото на образование од 26,3% кај оние со незавршено основно образование, на 77,3% кај оние со завршени постдипломски студии.

Неподдржувачите се најбројни меѓу жителите на полошкиот (77,1%) и на југозападниот регион (68,5%), а поддржувачите се најбројни меѓу жителите на источниот (60,2%) и на пелагонискиот (54,3%) и на скопскиот регион (53,4%).

Големо влијание има и политичката ориентација на испитаниците, па така, големо мнозинство од потенцијалните гласачи на СДСМ и другите партии од парламентарното мнозинство не ги поддржуваат протестите (СДСМ - 75,3%; ДУИ - 84,9%; Беса – 81,1% и Алијанса за Албанците 94,4%), додека големо мнозинство од потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (83,8%) ги поддржуваат.

Жените (50,7%) се поголеми поддржувачи на протестите во однос на мажите кои во поголем процент (56,5%) не ги поддржуваат. И во двата става, разликата е повеќе од 10 процентни поени.

Табела 4. Влијание на степенот на образование на поддршката на протестите

| ДАЛИ ГИ ПОДДРЖУВАТЕ ПРОТЕСТИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА „ЗА ЗАЕДНИЧКА МАКЕДОНИЈА"? | | | |
|---|---|---|---|
| Образовна структура на испитаниците | Ги поддржувам % | Не ги поддржувам % | Не знае/одбива да одговори % |
| Незавршено основно образование | 10,5 | 73,7 | 15,8 |
| Основно образование | 64,1 | 30,4 | 5,4 |
| Средно образование | 54,4 | 36,8 | 8,7 |
| Вишо образование | 65,6 | 29,7 | 4,7 |
| Високо образование | 66,3 | 21,7 | 12,0 |
| Постдипломски студии | 68,2 | 22,7 | 9,1 |

Графикон 6. Ставот на испитаниците за оправданоста на влегувањето на демонстрантите во Собранието




Големо мнозинство од испитаниците (79,5%) не го одобруваат влегувањето на демонстрантите во Собранието. Сепак, една група од 17,7% имаат поинакво мислење.

Графикон 7. Влијанието на етничката припадност на ставот за влегувањето на демонстрантите во Собранието




Етничката припадност влијае на одговорите, па процентот на етничките Албанци кои не го одобруваат влегувањето во Собранието (96,8%) е поголем за 22,7 процентни поени од оној кај етничките Македонци (74,1%).

Меѓу оние кои ја одобруваат оваа постапка најбројни се оние со незавршено основно образование (47,4%) и потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (36,8%). На другата страна, најбројни се оние со завршени постдипломски студии (100,0%), жителите на полошкиот регион (96,1%) и потенцијалните гласачи на СДСМ (92,5%), ДУИ (94,2%), Беса (94,6%) и Алијансата за Албанците (100,0%).

И на ова прашање се забележуваат разлики во одговорите меѓу мажите и жените кои се движат од 7,3 до 8,3 процентни поени, односно, жените (21,3%) повеќе од мажите (14,0%) одговориле дека го одобруваат влегувањето на демонстрантите во Собранието.

Графикон 8. Насилството врз пратениците во Собранието на 27 април во вакви времиња/ситуации не е оправдано




Вкупно 81,3% од испитаниците целосно се согласуваат дека насилството врз пратениците не е оправдано. Иако така се определило големо мнозинство и од етничките Македонци (77,6%) и од етничките Албанци (92,6%), сепак за забележување е дека разликата меѓу нив е 15 процентни поени. Мнозинска, но сепак помала од просечната е поддршката на овој став на оние со незавршено основно образование (63,2%) и на потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ. Додека повисока од просечната е на испитаниците со завршени постдипломски студии (100,0%), на жителите на полошкиот регион (94,1%) и потенцијалните гласачи на

СДСМ (92,9%), на Беса (91,9%) и на Алијансата на Албанците (94,4%).

Графикон 9.
**Насилството врз новинари во Собранието на 27 април во вакви времиња/ситуации не е оправдано**




Уште поголемо е мнозинството испитаници (86,6%) кои целосно се согласуваат со ставот дека насилството врз новинарите не е оправдано во споредба со претходниот став кој се однесуваше на пратениците (81,3%). Се намалила и разликата меѓу етничките Македонци (84,9%) и етничките Албанци (93,5%) и сега изнесува 8,6%. Не се сменил процентот на оние со незавршено основно образование (63,2%) во однос на претходниот став, и овде нивната поддршка е мнозинска, но сега за 23,6 процентни поени пониска од просечната. Помала поддршка за овој став даваат жителите на североисточниот регион (76,5%) и потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (75,3%). Разликата меѓу нив и потенцијалните гласачи на СДСМ (94,6%) изнесува 19,3 процентни поени.

Мнозинство од граѓаните (57%) вината за ескалирање на насилството во Собранието ја наоѓаат кај полицијата. Возраста на испитаниците не влијае на одговорите, но затоа пак може да се забележи влијание на полот на испитаниците. Мажите (64,9%) почесто го избирале овој став за разлика од жените (49,3%). И влијанието на етничката припадност е очигледно, 37,9 процентни поени е разликата меѓу етничките Македонци (47,8%) и етничките Албанци (85,7%).

Графикон 10.
**Улогата на полицијата за време на упадот на демонстрантите во Собранието**




Испитаниците со завршено високо образование (68,7%), вработените во граѓанскиот сектор (69,2%), студентите (67,0%) жителите на југозападниот (67,6%) и на полошкиот регион (85,0%) се меѓу оние кои почесто ја барале вината за ескалацијата кај полицијата, за разлика од оние со незавршено основно образование кои речиси рамномерно се распоредиле кај трите одговори, односно 31,6% од нив вината ја гледаат во полицијата, 36,8% сметаат дека полицијата оневозможила ескалација и 31,6% или речиси двојно повеќе од просекот рекле дека не знаат или одбиле да одговорат.

Очекувано, и политичката ориентација влијае на одговорите на испитаниците. Поголема поддршка на првиот став има кај потенцијалните гласачи на СДСМ (79,9%), на ДУИ (84,9%), на Беса (81,1%) и на Алијансата за Албанците (94,4%). Дека полицијата ја спречила ескалацијата во поголем процент сметаат потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (51,8%).

Од графиконот 11 може да се забележи дека нема мнозински одговор на прашањето Кој стои зад упадот во Собранието на 27 април. Најголем број од испитаниците (40,5%) смета-

ат дека зад упадот во Собранието стои ВМРО-ДПМНЕ. Вкупно 74,2% од етничките Албанци сметаат дека зад упадот стои ВМРО-ДПМНЕ, за разлика од 31,2% од етничките Македонци. Секој четврти со незавршено основно образование смета дека зад упадот стои ВМРО-ДПМНЕ (26,3%). Ист е процентот на оваа категорија граѓани кои сметаат дека за упадот стои СДСМ. Ова е највисок процент на одговори за оваа опција. Само уште потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ ја избрале оваа опција во процент поголем од 10, или поточно 10,1%.

Дека ВМРО-ДПМНЕ стои зад упадот во Собранието е избор на 53,4% од оние кои завршиле високо образование, на 52,8% од жителите на југозападниот и 71,9% на оние од полошкиот регион, како и на потенцијалните гласачи на СДСМ (68,2%), на ДУИ (66,3%), на Беса (64,9%) и на Алијансата за Албанците (83,3%).

Графикон 11.
Мислење на испитаниците за тоа кој стои зад упадот во Собранието




Графикон 12.
Влијанието на етичката припадност на ставот за упадот во Собранието на 27 април



# 3. ПРАВНА РАЗРЕШНИЦА И ИЗЛЕЗ ОД ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА

Мнозинство од граѓаните очекуваат (62,2%) правна разрешница на насилството во Собранието, иако речиси една третина (28,9%) се скептични и не очекуваат дека ќе има таква разврска. Полот, возраста, етничката припадност и местото на живеење не влијаат на одговорите. Може да се забележи дека вработените во граѓанскиот сектор имаат значајно поголеми очекувања за правна разврска (92,3%). Во правна разврска повеќе веруваат потенцијалните гласачи на СДСМ (72,4%), на Беса (78,4%) и на Алијансата на Албанците (83,3%). Помали очекувања имаат потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (51,8%), а особено тие на ДПА (22,2%).

Графикон 13. **Очекување за правна разврска о фер судење за насилството во Собранието**




За ниту еден од одговорите не се изјасниле мнозинството испитаници, напротив, тие се прилично изедначени, иако поголем процент (46,3%) се оптимисти и рекле дека почнало разрешувањето на политичката криза, за разлика од оние кои не се толку оптимистички настроени (42,6%).

Графикон 14. **Очекување за разрешница на политичката криза**




Испитаниците на возраст помеѓу 40 и 49 години (57,8%) и етничките Албанци (62,7%) повеќе веруваат дека политичката криза почнала да се разрешува. Во оваа група спаѓаат оние со завршено високо образование (57,0%) и жителите на југозападниот (58,3%) и на полошкиот регион (58,2%). И политичката определба има влијание на одговорите на ова прашање, па така, потенцијалните гласачи на СДСМ (68,2%), на ДУИ (55,8%), на Беса (64,9%) и на Алијанса за Албанците (66,7%) се побројни меѓу оние кои сметаат дека почнало разрешувањето на политичката криза, за разлика од потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (24,3%). Всушност, речиси има инверзија кај резултатите од потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, односно 24,3% кај првите веруваат дека почнало разрешувањето на политичката криза, а исто толку кај вторите (СДСМ) не веруваат и обратно, 64,4% кај ВМРО-ДПМНЕ не веруваат, а 68,2% кај СДСМ веруваат. Вкупно 60,2% од жителите на источниот регион се песимисти во поглед на разрешувањето на политичката криза и ова е единственото мнозинство гледано низ призмата на регионот на живеење.

# 4. ИЗБОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РМ

Поголем број од испитаниците (49,1%) сметаат дека процедурата за избор на претседател на Собранието не била легитимна, а оние од 30 до 39 годишна возраст се (61,7%) побројни меѓу нив.

Графикон 15. **Легитимност на процедурата за избор на претседател на Собранието**




Етничката припадност на испитаниците влијае на одговорите, па така, за 77,4% од етничките Албанци процедурата за избор е легитимна, за разлика од 60,1% од етничките Македонци кои сметаат дека не е легитимна.

Гледано регионално, најдрастични се разликите меѓу жителите на источниот и на полошкиот регион. Кај првите, 68,2% сметаат дека процедурата не е легитимна, а кај вторите, 71,9% велат дека е легитимна.

Покрај тоа, очекувано, потенцијалните гласачи на партиите од парламентарното мнозинство се побројни меѓу оние кои велат дека процедурата е легитимна. Процентот се движи од 61,5% кај потенцијалните гласачи на СДСМ, до 100,0% кај потенцијалните гласачи на Алијанса

Графикон 16. **Влијание на етничката припадност врз ставот за легитимноста на процедурата за избор на претседател на Собранието**




за Албанците. Од друга страна, потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ во големо мнозинство од 85,0% сметаат дека процедурата не е легитимна. Вкупно 7,4 процентни поени е разликата меѓу мажите (43,3%) и жените (35,9%) кои рекле дека процедурата е легитимна.

Графикон 17. **Согласност со изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието**




Мнозинство од испитаниците (50,3%) не се согласуваат со изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието на РМ. Демографските податоци покажуваат големи сличности со одговорите на претходното прашање, па така, несогласување со изборот на Џафери има повеќе кај оние меѓу 30 и 39 годишна возраст (60,6%).

Етничката припадност на испитаниците и овде влијае на одговорите, па така, 86,2% од етничките Албанци се согласуваат со изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието на РМ, за разлика од 62,0% од етничките Македонци кои не се согласуваат.

Графикон 18. **Влијание на етничката припадност на поддршката за Талат Џафери за претседател на Собранието**




Регионално, и овде најдрастични се разликите меѓу жителите на источниот и на полошкиот регион. Кај првите, 61,4% сметаат дека Џафери не е добар избор, а кај вторите, 77,8% се со спротивен став.

Покрај тоа, потенцијалните гласачи на партиите од парламентарното мнозинство се побројни меѓу оние кои се согласуваат со изборот на Џафери. Процентот се движи од 70,3 % кај потенцијалните гласачи на СДСМ, до 100,0% кај потенцијалните гласачи на Алијанса за Албанците. Од друга страна, потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ во големо мнозинство од 89,1% не се согласуваат со неговиот избор за претседател. Вкупно 8,9 процентни поени е разликата меѓу мажите (48,7%) и жените (39,8%) кои рекле дека се согласуваат со изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието на РМ.

Табелата подолу ги дава збирно веќе презентираните податоци за влијанието на полот на испитаникот врз одговорите на две прашања од ова поглавје.

Табела 5. **Влијание на полот на испитаниците на одговорите за изборот на претседател на Собранието на РМ**

| | | Да % | | Не % | | Не знае/одбива да одговори % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж% | М% | Ж% | М% | Ж% | М% |
| 1 | Дали, според Вас, процедурата за избор на претседател на Собранието на РМ беше легитимна? | 35,9 | 43,3 | 51,1 | 47,1 | 13,0 | 9,6 |
| 2 | Дали се согласувате со изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието на РМ? | 39,8 | 48,7 | 53,8 | 46,7 | 6,3 | 4,6 |

# 5. ДОВЕРБА ВО ПОЛИТИЧАРИТЕ И РЕЈТИНЗИ НА ПАРТИИТЕ

Половина од граѓаните им ја даваат довербата на двајца луѓе, на Никола Груевски (25,8%) и на Зоран Заев (24,8%). Лидерите на партиите на етничките Албанци имаа доверба под 10%,.

Жените имаат повеќе доверба во Никола Груевски (29,2%), а мажите во Зоран Заев 28,3. Разликите се 6,8 процентни поени кај Груевски, односно 7 кај Заев. Полот нема големо влијание во поддршката кај другите политичари. Гледано низ призмата на возраста, нема големи отстапувања, но може да се забележи дека во Никола Груевски имаа повеќе доверба оние на возраст од 30 до 39 години (30,6%), во Зоран Заев, оние на возраст од 40 до 49 (32,6%), во Ѓорѓе Иванов, оние на возраст од 50 до 64 години (14,1%). Тројцата политичари од т.н. албански блок, најголема поддршка имаат кај оние на возраст од 18 до 29 години, и тоа Али Ахмети 11,1%, Зијадин Села 5,3% и Билал Касами 5,3%.

Од перспектива на етничката припадност, испитаниците на двете најголеми заедници се ориентирани кон припадниците на нивната етничка заедница. Исклучок е само Зоран Заев кој ужива доверба кај 16,1% од етничките Албанци.

Регионално гледано, најголема доверба во Никола Груевски имаат жителите на источниот регион (40,9%), а во Зоран Заев жителите на југоисточниот регион (35,7%). Во политичарите од т.н. албански блок најголема доверба имаат жителите на полошкиот регион, и тоа 16,3% во Али Ахмети, 13,1% во Зијадин Села и 12,4% во Билал Касами. Висока доверба во Али Ахмети имаат и жителите на југозападниот регион (15,7%).

Ако утре се одржат парламентарни избори, нема да се смени сегашната структура на Парламентот. ВМРО-ДПМНЕ е во предност нецел еден процентен поен пред СДСМ. Најголем број од испитаниците најверојатно ќе го дадат својот глас за ВМРО-ДПМНЕ (24,5%) или за СДСМ (23,7%). Ваквите податоци покажуваат дека трае приближувањето на двете најголеми политички партии од т.н. македонски блок. Првото поголемо приближување беше регистрирано со телефонската анкета на МЦМС и Телевизија Телма спроведена во ноември 2016

Графикон 19. Доверба во политичарите



Графикон 20. Доколку утре се одржат парламентарни избори, испитаниците би гласале на следниот начин:




година (Кржаловски, А., Јаковлеска, Г. (2016) Јавното мислење за изборниот процес [Интернет] стр.17-18, достапно на http://www.mcms.org.mk/images/docs/2016/javnoto-mislenje-za-izborniot-proces.pdf) кога 23,3% од испитаниците рекле дека ќе гласаат за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а 19,4%, за коалицијата предводена од СДСМ. Тоа приближување продолжи, па изедначеноста меѓу двете партии, ВМРО-ДПМНЕ (23,3%) и СДСМ (23,0%), беше воочлива во резултатите од анкетата направена во февруари 2017 година (Јаковлеска, г. (2017) Постизборни политички теми [Интернет] стр.5-6, достапно на http://www.mcms.org.mk/images/docs/2017/postizborni-politicki-temi.pdf).

Што се однесува до т.н. албански блок, рејтингот на ДУИ (8,5%) е зголемен за 5,2 процентни поени во однос на претходното истражување (3,3%) направено во февруари 2017 година. Речиси е преполовена поддршката за ДПА (0,9%) споредено со февруари (2,2%). Мали промени, односно зголемувања има кај Беса од 3,3% на 3,5% и кај Алијансата на Албанците од 1,5% на 1,8%. Повеќе од 2:1 е разликата меѓу најдобро позиционираната и втората политичка партија, но сега веќе главните ривали не се ДУИ и ДПА, туку ДУИ и Беса.

Иако се намалил (24,5%), сè уште е голем бројот на неопределените, односно на оние кои рекле дека не знаат за кого ќе гласаат или одбиле да одговорат. Во претходните истражувања тој процент бил 32,7% (во ноември 2016 година) и 33,4% (во февруари 2017 година).

Во табелата подолу може да се види влијанието на етничката припадност на одговорите на испитаниците, и тоа во последните три истражувања. Може да се види дека опаднала под-

Табела 6. Споредба на поддршката на политичките партии низ призмата на етничката припадност во последните три истражувања

| | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ноември 2016 | | | Февруари 2017 | | | Мај 2017 | | |
| | Вк. % | Мак. | Алб. | Вк. % | Мак. | Алб. | Вк. % | Мак. | Алб. |
| ВМРО-ДПМНЕ | 23,3 | 30,9 | 0 | 23,3 | 30,6 | 0 | 24,5 | 33,0 | 0 |
| СДСМ | 19,4 | 22,7 | 6,0 | 23,0 | 23,8 | 20,4 | 23,7 | 26,2 | 12,4 |
| ДУИ | 6,6 | 0,1 | 29,2 | 3,3 | 0,1 | 14,2 | 8,5 | 0,3 | 38,7 |
| ДПА | 3,3 | 0 | 14,7 | 2,2 | 0 | 10,2 | 0,9 | 0 | 4,1 |
| Алијанса за Албанците | 1,9 | 0 | 8,7 | 1,5 | 0 | 6,7 | 1,8 | 0 | 8,3 |
| БЕСА | 2,7 | 0 | 12,2 | 3,5 | 0 | 15,1 | 3,7 | 0 | 17,1 |
| Друга | 4,6 | 5,5 | 0 | 2,0 | 2,4 | 1,3 | 0,7 | 2,7 | 0 |
| Ниту една | 5,5 | 5,9 | 3,6 | 7,8 | 6,8 | 10,7 | 10,3 | 11,7 | 5,1 |
| Не знам/одбива да одговори | 32,7 | 35,0 | 25,7 | 33,4 | 36,3 | 21,3 | 24,5 | 26,2 | 14,3 |

Графикон 21. Политичка партија за која гласале испитаниците на парламентарните избори во 2016



дршката на СДСМ од страна на етничките Албанци за 8 процентни поени, а за нијанса (2,4 процентни поени) се зголемила поддршката од етничките Македонци.

Жените се поголеми поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ (27%) од мажите (22,0%), а мажите, пак, повеќе ги поддржуваат СДСМ (26,5%) за разлика од жените (20,9%). ВМРО-ДПМНЕ има најголема поддршка кај жителите на вардарскиот (35,0%), на источниот (44,3%) и на југоисточниот (46,4%) регион, додека СДСМ има поголема поддршка кај жителите на источниот (39,8%) и на југоисточниот (34,5%) регион. Најголем дел од приврзаниците на ДУИ се речиси рамномерно распределени во југозападниот (26,9%) и во полошкиот (26,8%) регион, а на Беса, во полошкиот регион (16,3%).

Графиконот 21 ги одразува резултатите од претходните парламентарни избори одржани во декември 2016 година. Ако се споредат овие податоци со податоците од претходното прашање, може да се види дека се зголемил бројот на оние што не знаат или не би гласале за ниту една партија за вкупно 11,2 процентни поени. За 8,3 процентни поени се намалил бројот на оние кои не сакаат да кажат за кого би гласале. Разликите во поддршката на политичките партии се во рамките на статистичката грешка, односно се движат од зголемување за 0,7 процентни поени кај БЕСА до намалување за 2,6 процентни поени кај ВМРО-ДПМНЕ.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ

**Мнозинство од испитаниците (62,1%) сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ треба мирно да ја предаде власта и дека претседателот Иванов е должен да го даде мандатот (58,4%).** На одговорите влијаела етничката припадност на испитаниците, регионот каде што живеат, приврзаноста кон различните политички партии, образованието и полот.

**Претседателот Иванов придонесува кон влошување на политичката криза сметаат поголем број од граѓаните (48,6%).** Разликата со оние кои сметаат дека придонесува кон смирување е 10,6 процентни поени. На овој став влијаат повеќе демографски карактеристики, како што е етничката припадност, регионот на живеење, политичката ориентација и полот на испитаниците.

**Неподдржувачите на протестите „За заедничка Македонија“ (49,8%) се за нијанса побројни** меѓу испитаниците, разликата е 6,3 процентни поени.

**Големо мнозинство не го одобрува влегувањето на демонстрантите во Собранието (79,5%), насилството врз пратениците (81,3%) и насилството врз новинарите (86,8%).**

**Полицијата овозможила да ескалира насилството, сметаат мнозинство од граѓаните (57,0%).** Речиси секој четврти граѓанин (26,7%) мисли спротивно, односно дека полицијата го оневозможила ескалирањето на насилството.

ВМРО-ДПМНЕ стои зад упадот во Собранието на 27 април, е најчестиот одговор на испитаниците (40,5%), иако не и мнозински. Секој петти граѓанин мисли дека зад упадот не стои никој, односно дека толпата спонтано влегла.

Мнозинството очекува правна разврска и фер судење за насилството (62,2%). Меѓу оние кои не очекуваат правна разврска, поголеми скептици се потенцијалните гласачи на ВМРО-ДПМНЕ (36,8%), а особено тие на ДПА (77,8%).

Речиси поделени се ставовите за почетокот на разрешувањето на политичката криза, иако повеќемина (46,3%) се оние кои сметаат дека тоа е почнато.

Поголем број од испитаниците (49,1%) сметаат дека процедурата за избор на претседател на Собранието на РМ не била легитимна, а мнозинство (50,3%) не се согласуваат со изборот на Талат Џафери за претседател. На двете прашања значајно влијае етничката припадност на испитаниците, како и политичката ориентација.

Речиси изедначени се испитаниците кои довербата му ја даваат на Никола Груевски (25,8%), лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и на Зоран Заев (24,8%), лидерот на СДСМ. Поддршката на лидерите на партиите на етничките Албанци е под 7%, односно 6,1% за Али Ахмети, лидерот на ДУИ, 3,2% за Зијадин Села, лидерот на Алијанса на Албанците и 3,0% за Билал Касами, лидерот на Беса.

Изедначена е поддршката на испитаниците за ВМРО-ДПМНЕ (24,5%) и за СДСМ (23,7%), што значи дека доколку утре се одржат избори, структурата во Собранието на РМ нема да претрпи измени. Во т.н. албански политички блок, најголема промена е зголемувањето на рејтингот на ДУИ (8,5%), во однос на претходното истражување (3,3%).

Сашо Клековски

# ДОБРОСОСЕДСТВО И ОДНОСИТЕ СО БУГАРИЈА

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од истражувањето „Добрососедство и односи со Бугарија". Истражувањето следи по истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија" од 2013 година и треба да послужат во информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

Добрососедството, односно односите со соседите е прашање од високо општествено значење. Истражувани се ставовите на граѓаните за важноста на односите со соседите, оценката на односите, перцепцијата на најпријателски и најнепријателски сосед, поединечните перцепции за соседите (Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Србија), подобрување на односите, најдобро лично искуство, познавање на историјата и културата на соседите и споделување на истата, најмногу предрасуди и со кој сосед се посакуваат најблиски односи.

Во рамките на односите со соседите посебен фокус на истражувањето се односите со Бугарија, поради актуелноста на договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија. Истражувани се ставовите на граѓаните за пречките за поинтензивна соработка меѓу Бугарија и Македонија, важноста на подобрувањето на односите со Бугарија и потребните чекори за подобрување на меѓусебните односи.

Истражувањето „Добрососедство и односи со Бугарија" го спроведе агенцијата М-Проспект.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИСТАП

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета во домаќинствата во периодот 27 Јуни – 3 Јули 2017 г. на национален репрезентативен примерок од 1.000 испитаници.

Анкетата на јавното мислење на национален репрезентативен примерок, врз којашто се базира овој извештај, ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

**Прашалник и примерок.** Прашалникот беше подготвен од страна на работна група составена од МЦМС, М-Проспект и авторот, а се состоеше од две групи прашања:

• Добрососедство; и

• Односи со Бугарија.

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

**Обработка и прикажување на резултатите.** Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам" и „без одговор". Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# 1. ДОБРОСОСЕДСТВО

Добрососедството, односно односите со соседите е прашање од високо општествено значење. Истражувани се ставовите на граѓаните за важноста на односите со соседите, оценката на односите, перцепцијата на најпријателски и најнепријателски сосед, поединечните перцепции за соседите (Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Србија), подобрување на односите, најдобро лично искуство, познавање на историјата и културата на соседите и споделување на истата, најмногу предрасуди и со кој сосед се посакуваат најблиски односи.

Во графиконот 1 се прикажани ставовите на граѓаните за важноста на добрососедските односи. Добрососедските односи се важни за 94% од граѓаните (многу важни за 58,4%), а не се важни за 5,7% од граѓаните.

Графикон 1. **Важноста на добрососедските односи**




Важноста на ова прашање продолжува и во 2017 година, како и во 2013 година кога добрососедските односи се важни за 93,2%.

Во графиконот2. се претставени оценките на граѓаните за сегашните односи со соседите на скала од -5 до +5. Средната вредност е 1,94, што е значајно подобрување во однос на 2013 година кога изнесува 0,11.

Графикон 2 **Оценка на сегашните односи со соседите**




Граѓаните за најпријателски сосед ја перципираат Србија (44,3 %), по која следуваат Албанија (14,8 %) и Бугарија (11,2 %). Ниту еден сосед не го сметаат за најпријателски 17,9 % од граѓаните.

Графикон 3. Најпријателски сосед на Македонија




Споредбата на ставовите во 2013 и 2017 година покажува дека перципираното пријателство е на подолгорочни основи, посебно во однос на Србија и на Албанија. Од друга страна, промените кај Албанија/Косово и Бугарија може да се толкуваат како резултат на скорешни настани, како „кумановските настани" или т.н. „Тиранска платформа", односно заместувањето на разговорите за договорот за добрососедство со Бугарија. Важно е и благото намалување на ставот дека ниту еден сосед не е најпријателски настроен од 22,8% во 2013 година, на 17,9% во 2017 година.

Ставовите за најпријателски сосед се длабоко поделени по етничка основа, додека за етничките Македонци тоа е Србија (52%), за етничките Албанци тоа е Албанија (54%).

Табела 1. Најпријателски сосед на Македонија по етничка припадност

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Србија | 52,0% | 17,2% | 44,3% |
| Албанија | 4,3% | 54,0% | 14,8% |
| Косово | 0,4% | 7,9% | 2,0% |
| Бугарија | 13,7% | 3,7% | 11,2% |
| Грција | 1,3% | 0,9% | 11,1% |
| Ниту еден | 19,2% | 11,2% | 17,9% |

Графикон 4. Најнепријателски сосед на Македонија




Додека во перцепцијата на најпријателски сосед постојат разлики по етничка основа, во однос на ставот за најнепријателски сосед постои консензус дека тоа е Грција (59 %). Перцепциите за непријателство на Грција се намалени од 81,2% во 2013 година, на 59% во 2017 година, можеби и како ефект на засилениот политички дијалог меѓу двете земји. Од друга страна најверојатно т.н. „Тиранска платформа“ вијаела на зголемување на перцепцијата за Албанија како најнепријателски сосед.

Дека Македонија нема непријателски сосед сметаат 9,3% од граѓаните, што иако е незначително малцинство, е поместување од 1,5% во 2013 година.

Во табелата 2 се прикажани перцепциите за најнепријателски сосед по етничка припадност.

Табела 2. Најнепријателски сосед на Македонија по етничка припадност

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Грција | 58,2% | 62,3% | 59,0% |
| Албанија | 14,1% | 1,4% | 11,3% |
| Србија | 2,6% | 17,2% | 5,7% |
| Косово | 4,2% | 0,9% | 3,6% |
| Бугарија | 2,4% | 6,0% | 3,1% |
| Нитуеден | 9,8% | 10,2% | 9,3% |

Табела 3. Ставови за соседните земји

| Земја | Пријателски | Неутрални | Непријателски | Не знам/без одговор |
|---|---|---|---|---|
| Србија | 66,6% | 16,7% | 13,1% | 3,6% |
| Бугарија | 38,6% | 34,8% | 21,0% | 5,7% |
| Албанија | 33,0% | 31,8% | 30,2% | 5,0% |
| Косово | 26,4% | 32,6% | 31,3% | 9,6% |
| Грција | 8,2% | 12,7% | 75,0% | 4,1% |

Истражувани се ставовите на граѓаните за секој сосед посебно, дали тој сосед е пријателски, неутрален или непријателски.

Граѓаните како пријателски (вклучувајчи и неутрално) ги рангираат соседите од пријателска кон непријателска по следниот редослед: Србија, Бугарија, Албанија, Косово и Грција. Грција е единствениот сосед за кој големо мнозинство граѓани смета дека е непријателски настроен.

Во однос на 2013 година, граѓаните ја перципираат Бугарија како повеќе пријателска (пад на непријаталески од 43,4% во 2013 година на 21% во 2017 година).

Наспроти стереотипот дека граѓаните на Македонија гледаат непријатели во сите соседи, мнозинството и етнички Македонци и етнички Албанци сметаат дека сите соседи, со исклучок на Грција, се пријателски или неутрални во однос на Македонија.

Во графиконот 5 се претставени ставовите на граѓаните за соседна земја со која се подобрени односите во изминатите пет години.

На врвот е Бугарија (20,2%), ја заменува Србија (20,6% во 2013 година). Сè уште е значаен процентот на граѓани кои сметаат дека не се подобрени односите со ниту еден сосед (27,1% во 2017 година наспроти 21,7% во 2013 година).

Табела 4. Ставови за соседните земји – збир на пријателски и неутрални, по етничка припадност

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Србија | 87,9% | 66,0% | 83,3% |
| Бугарија | 72,7% | 75,8% | 73,4% |
| Албанија | 56,8% | 96,7% | 64,8% |
| Косово | 50,1% | 93,0% | 59,0% |
| Грција | 20,6% | 20,5% | 20,9% |

Графикон 5. Подобрени односи со соседна земја во последните пет години




Граѓаните се прашани и за најдобрите лични искуства. Граѓаните имаат најдобри лични искуства со Србија, по што следуваат Бугарија и Албанија. Скоро секој десетти граѓанин (8,4%) нема добро лично искуство со ниту еден сосед.

Има разлики во најдобрите лични искуства по етничка припадност. Додека етничките Македонци имаат најдобри лични искуства со Србија, со Бугарија и со Грција, етничките Албанци најдобри лични искуства имаат со Албанија и со Косово.

Графикон 6. Најдобри лични искуства



Табела 5. Најдобри лични искуства по етничка припадност

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Србија | 46,0% | 4,7% | 36,5% |
| Бугарија | 20,6% | 3,7% | 16,2% |
| Албанија | 5,3% | 47,7% | 15,5% |
| Косово | 1,5% | 38,9% | 10,4% |
| Грција | 13,1% | 0,9% | 10,1% |
| Ниту една | 9,8% | 2,8% | 8,4% |

Граѓаните најдобро ја познаваат историјата и културата на Србија (47,4%), а најмалку на Косово (3,6%), додека на ниту еден сосед 13,9%.

За ниту еден сосед нема предрасуди и недоверба е ставот на 7,8 % граѓани, а граѓаните сметаат дека најмногу предрасуди и недоверба (41,5 %) има за Грција - земјата за која сметаат дека е најнепријателска кон Македонија и чија историја и култура е меѓу тие што најмалку ја познаваат.

Графикон 7. Соседна земја, чија историја и култура најдобро се познава




Графикон 8. Сосед за кој постојат најмногу предрасуди и недоверба



Ставот дека постои недоверба и предрасуди кон Грција е споделен и од етничките Македонци и од етничките Албанци. Постојат етнички разлики за недовербата и предрасудите кон Албанија на една страна и Србија на друга страна.

Споделувањата на заедничка историја и култура е показател за односите со соседите. Граѓаните се поделени во ставот дали сите земји во регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура, односно 41,6 % се согласуваат, додека 58,3 % не се согласуваат. Од интерес е дека граѓаните кои воопшто не се согласуваат со споделувањето на заедничка историја и култура се повеќе од граѓаните кои целосно се согласуваат.

Во однос на 2013 година, ставот за несподелување е зголемен од 47,4% на 58,3%.

Во перспективен поглед на односите со соседите, најмногу граѓани (59,6%) сакаат еднакво добри односи со сите соседи, потоа најблиски односи со Србија посакуваат 17,2%, а најмалку со Косово (2,5%).

Забележително е дека во однос на 2013 година слабее желбата за билатерално најблиски односи со една земја, а зајакнува ставот за еднакво добри односи со сите соседи, кој изнесувал 39,3% во 2013 година.

Графикон 9. Согласност дека сите земји од регионот значајно споделуваат заедничка историја и култура




Графикон 10. Соседни земји со кои би сакале најблиски односи



Табела 6. Ставови за соседните земји

| Земја | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Со сите соседи | 56,5% | 67,8% | 59,6% |
| Србија | 21,7% | 1,7% | 17,2% |
| Бугарија | 9,3% | 2,1% | 7,6% |
| Грција | 8,8% | 2,9% | 7,2% |
| Албанија | 1,3% | 13,8% | 3,9% |
| Косово | 0,2% | 10,5% | 2,5% |
| Ниту еден | 1,1% | 0,0% | 0,8% |

# 1.1. ЗАКЛУЧОЦИ

## Односите со соседите важни, оценката за нив подобрена

Односите со соседите се важни за Македонија, е став на големо мнозинство на граѓаните. Граѓаните ги оценуваат сегашните односи со соседите со 1,93 на скала од -5 до +5, што е подобрување во однос на оценката од 0,11 во 2013 година.

## Србија најпријателски сосед, Грција најнепријателски сосед, намален бројот на граѓани што мислат дека ниту еден сосед не е најпријателски

Граѓаните за најпријателски сосед ја перципираат Србија, по која следуваат Албанија и Бугарија. Најголемо подобрување на перцепциите има Бугарија. Граѓаните што мислат дека ниту еден сосед не е најпријателски е намален од 22,8 % во 2013 година на 17,9%. Ставовите за Србија и за Албанија, како најпријателски соседи, се разликуваат меѓу етничките Македонци и Албанци.

Мнозинство граѓани (59%), без разлика на етничката припадност, ја сметаат Грција за најнепријателски сосед.

Граѓаните на Македонија според пријателското однесување (вклучувајќи и неутрално) ги рангираат секои од соседите од пријателска кон непријателска по следниот редослед: Србија, Бугарија, Албанија, Косово и Грција.

## Во последните пет години најмногу се подобрени односите со Бугарија

Во последните пет години најмногу се подобрени односите, според перцепциите на граѓаните, со Бугарија, со Србија и со Албанија. Со ниту еден сосед односите не се подобрени според 27,1% граѓани.

## Најдобри лични искуства, најмногу познавање на историјата и културата и најдобро мислење: етничките Македонци - Србија, етничките Албанци - Албанија

Етничките Македонци имаат најдобри лични искуства со Србија, најмногу ја познаваат нејзината историја и култура и за неа имаат најдобро мислење. Етничките Албанци имаат најдобри лични искуства со Албанија, најмногу ја познаваат нејзината историја и култура и имаат најдобро мислење за неа.

### Најмногу граѓани сакаат еднакво добри односи со сите соседи

Најмногу граѓани (59,6%) сакаат еднакво добри односи со сите соседи, а потоа најблиски односи посакуваат со Србија и со Бугарија, а најмалку со Косово (2,5%).

Забележително е дека во однос на 2013 година слабее желбата за билатерално најблиски односи со една земја, а зајакнува ставот за еднакво добри односи со сите соседи, кој изнесувал 39,3% во 2013 година.

# 2. ОДНОСИ СО БУГАРИЈА

Во рамките на односите со соседите посебен фокус на истражувањето се односите со Бугарија, поради актуелноста на договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија. Истражувани се ставовите на граѓаните за пречките за поинтензивна соработка меѓу Бугарија и Македонија, важноста на подобрувањето на односите со Бугарија и потребните чекори за подобрување на меѓусебните односи.

Граѓаните како пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија го перципираат националните политичари (поради нивни теснопартиски интереси) (30,5%) (различното) толкувањето на историјата (во учебниците за историја, во образованието) (24,6%) и историското непријателство (24%),

Графикон 11. **Пречки за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија**



Табела 7. Пречки за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Националните политичари, поради нивни теснопартиски интереси | 28,9% | 37,7% | 30,5% |
| (различно) Толкувањето на историјата (во учебниците за историја) | 25,5% | 21,9% | 24,6% |
| Историско непријателство | 24,7% | 21,4% | 24,0% |
| Културни разлики | 4,9% | 7,9% | 5,8% |
| Мешањето или интересите на други земји од регионот | 5,7% | 2,8% | 5,1% |
| Незаинтересираност на граѓаните од двете земји за патување/ трговија | 3,5% | 5,1% | 3,8% |
| Непријателски текстови во медиумите | 3,5% | 2,8% | 3,4% |
| Лошата инфраструктурна поврзаност и меѓугранични комуникации | 3,3% | 0,5% | 3,0 |

Во споредба со перцепциите во 2013 година, има промена, во водечката и третата причина, националните политичари во 2013 година се причина за 12%, а историското непријателство за 30%, односно, националните политичари се издвојуваат како најголема пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија.

Нема позначајни разлики во перцепциите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

За големо мнозинство граѓани (80,2%) е важно да се подобрат односите/ соработката меѓу Македонија и Бугарија и за тоа не постојат разлики по етничка припадност.

Табела 8. Колку е важно да се подобрат односите/соработката помеѓу Македонија и Бугарија?

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Многу важно | 36,0% | 49,3% | 39,8% |
| Важно | 43,5% | 33,0% | 40,4% |
| Не е толку важно | 13,1% | 14,0% | 13,4% |
| Воопшто не е важно | 4,2% | 3,7% | 3,9% |
| Не знам/ без одговор | 3,2% | 0,0% | 2,6% |

За да се подобрат односите меѓу Македонија и Бугарија граѓаните сметаат дека е потребно подобрување на инфраструктурата и граничните премини (40,9%), соработка во културата, забавата и спортот (37,9%), потоа заеднички учебници по историја (7,4%), заеднички да се прославуваат настани и херои (7,3%) итн.

Во споредба со 2013 година, повеќе од двапати граѓани сметаат дека треба да се подобри инфраструктурата, односно во 2013 година тоа го сметале 18,5%, а во 2017 година 40,9%.

Етничките Македонци за поважна ја сметаат соработката во културата, забавата и спортот, додека за етничките Албанци најважна е инфраструктурата.

Графикон 12. **Потребни работи за подобрување на односите меѓу Македонија и Бугарија**




Табела 9. **Потребни работи за подобрување на односите меѓу Македонија и Бугарија, дури и ако е спротивно на желбите на некои или на многу луѓе**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да се подобрат инфраструктурата и граничните премини меѓу двете земји | 36,0% | 49,3% | 40,9% |
| Да се соработува во културата, забавата, спортот | 43,5% | 33,0% | 37,9% |
| Да се воведат заеднички учебници за историја | 13,1% | 14,0% | 7,4% |
| Заеднички да се прославуваат настани и херои | 4,2% | 3,7% | 7,3% |
| Да се обезбеди пристап до медиумите од едната држава во другата | 3,2% | 0,0% | 6,7% |

# 2.1. ЗАКЛУЧОЦИ

## 1. Националните политичари - најголема пречка за поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија

Додека во 2013 годна најголема пречка за поинтезивна соработка беше историското непријателство, во 2017 година тоа се националните политичари поради нивните тесно-партиски интереси. Историското непријателство и во 2017 година е на високо трето место со 24%, но промената на местата на двете прашања го истакнува значењето на националното лидерство.

## 2. Важно е да се подобрат односите со Бугарија, а за тоа се потребни повеќе работи

За големо мнозинство граѓани е важно да се подобрат односите/соработката меѓу Македонија и Бугарија. За да се подобрат односите меѓу Македонија и Бугарија граѓаните сметаат дека е потребно подобрување на инфраструктурата и граничните премини и соработка во културата, забавата и спортот. Се чини дека граѓаните преферираат пристап во кој прво ќе се зголеми меѓусебната комуникација, а потоа би се нагласиле поконтроверзните прашања, како заеднички прослави на настани и херои.

Гонце Јаковлеска

# 100 ДЕНА ВЛАДА И ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

# ВОВЕД

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „100 дена Влада и локални избори".

По стапувањето на должност на новата влада, јавноста со голем интерес ги следеше сите чекори кои таа ги преземаше. Големите очекувања создадени за време на предизборната кампања и потоа, додека траеше процесот на воспоставување на владата, додадоа на чувствителност на целата ситуација. И покрај непишаното правило за првите 100 дена на Владата, јавноста не се откажа од коментирање, сугерирање и критикување на некои од решенијата. Поради сето ова, а особено заради фактот дека по 10 години дојде до промена на власта, изминувањето на првите 100 дена и отчетот за нив беа очекувани со нетрпение.

Изминувањето на 100 дена од воспоставувањето на новата влада се поклопи со подготовките за одржувањето на локалните избори 2017. Овие избори многумина ги доживуваат како тест за нови предвремени парламентарни избори – особено ако се има предвид „тенкото" мнозинство на новата влада. Но, и покрај ова, самите избори кои многу понепосредно ги засегаат граѓаните и нивното секојдневие, се високо на скалата на интерес на целата јавност.

МЦМС и Телевизија Телма, имајќи го предвид големиот интерес на јавноста за овие прашања, одлучија да ги проверат перцепциите на граѓаните за тоа колку се задоволни од работата на новата влада, од работата на министерствата, за тоа на што Владата обрнува најмногу внимание, а на што би требало да обрне внимание, како и за „Планот 3-6-9". Паралелно со прашањата за 100 дена влада, беше направен комплет од прашања поврзани со локалните избори. Граѓаните беа прашани дали ќе излезат и ќе гласаат на изборите, што ќе влијае на нивната одлука за кого ќе гласаат, што сметаат дека треба да бидат приоритетите на еден градоначалник. Покрај тоа, беше направена проверка на нивната партиска и етничка чувствителност, односно дали би гласале за политичката партија чиј симпатизер не се и дали би гласале за кандидат на друга етничка заедница. Покрај ова, направена е и проверка на рејтинзите на политичките партии и нивните лидери. Таму каде што било возможно, направени се споредби со податоците од претходните истражувања, па читателот може да види како растела или опаѓала поддршката во последната година.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во период помеѓу 4 и 7 септември 2017 година, на национално репрезентативен примерок од 1.005 испитаници. Примерокот е двофазен стратификуван, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Анкетираната популација се лица над 18 години, граѓани на Р. Македонија. Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. За да се исполни критериумот за случаен избор, користен е методот „Следен роденден“. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±3,1% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. ЗАДОВОЛСТВО ОД РАБОТАТА НА ВЛАДАТА ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

Повеќе од половината испитаници (58,9%) се целосно или донекаде задоволни од работата на Владата, наспроти 34,9% кај кои има делумно или целосно незадоволство. Гледано низ призмата на етничката припадност, може да се забележи дека етничките Албанци се позадоволни (71,4%) од етничките Македонци (54,3%). Нема значајни отстапувања од аспект на возраста или местото на живеење на испитаниците. Највоочлива е разликата кај гласачите на политичките партии, па така големо мнозинство на гласачите на СДСМ (89,6%) се целосно или донекаде задоволни, додека најниските проценти се кај гласачите на ВМРО-ДПМНЕ каде секој петти е целосно или донекаде задоволен (20,4%) од работата на новата влада.

Графикон 1. Задоволство од работата на новата влада во првите 100 дена




Графикон 2. Министерство што најдобро ја работи својата работа



Судејќи според податоците во графиконот 2, мнозинството од испитаниците (56,4%) не знаеле или одбиле да одговорат на прашањето кое министерство најдобро си ја работи работата. Од оние кои биле идентификувани, најчесто е спомнувано Министерството за здравство (МЗ) (9,2%), па Министерството за внатрешни работи (МВР) (8,0%), Министерството за надворешни работи (МНР) (6,6%) и Министерството за образование и наука (МОН) (6,5%). Сите други се препознаени како добри во својата работа од 5,0% од испитаниците или помалку.

Мажите (8,4%) имаат поголема верба во МНР за разлика од жените (3,5%), додека пак жените (8,7%) повеќе ја ценат работата на МОН за разлика од мажите (3,2%). Етничките Македонци најчесто го избирале МВР (7,3%) како министерство што најдобро си ја работи работата, додека етничките Албанци најчесто го бирале МЗ (17,5%).

На прашањето: Според вас, кое министерство најлошо си ја работи својата работа, повторно Министерството за здравство има најголем број одговори од испитаниците (18,6%). Сите други министерства се под 5%, а оние што одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат се мнозинство или 58,3%.

Нема значајни демографски разлики, освен што може да се забележи дека незадоволството од МЗ е поголемо кај етничките Македонци (18,8%) отколку кај етничките Албанци (12,7%).

Графикон 3. Министерство што најлошо ја работи својата работа



Графикон 4. Области на кои владата им посветува најмногу внимание




Според 27,9% граѓаните, Владата најмногу внимание посветува на интеграцијата на Македонија во ЕУ и во НАТО. Сите други одговори, освен оние кои рекле дека не знаат или одбиле да одговорат (18,9%), се под 9,0%. Нема значајни разлики гледано од аспект на пол или етничка припадност.

Графикон 5. Области на кои владата треба да им посвети најмногу внимание




Размислувањата на граѓаните за тоа на што треба да обрне внимание Владата се разликуваат од перцепциите за тоа на што таа го посветува вниманието. Од графиконот погоре може да се види дека најголем приоритет за граѓаните е зголемувањето на работните места за што се изјасниле повеќе од 1/3 од испитаниците (34,2%). На второ место е економскиот развој (18,4%), а на трето здравството (10,4%). За забележување е значително пониskиот процент на оние кои рекле дека не знаат или одбиле да одговорат (3,9%), разликата изнесува 15 процентни поени. Разликата кај интеграциите во ЕУ и во НАТО е уште поголема и таа изнесува 21,3 процентни поени во корист на перцепцијата дека Владата посветува внимание на тие прашања.

Одговорите на мажите и на жените се разликуваат кај трите најчести одговори. Па така, жените (38,1%) за 7,6 процентни поени повеќе од мажите (30,5%) сметаат дека владата треба да работи на зголемување на работните места. Мажите (22,1%) се побројни за 7,5 процентни поени од жените (14,6%) меѓу оние кои сметаат дека посебно внимание треба да се обрне на економскиот развој. Речиси толкава е и разликата за прашањето на здравството при што жените (14,2%) се побројни од мажите (6,8%).

На интересот за економскиот развој влијае и возраста на испитаниците, па така со возраста расте и интересот од 12,4% кај оние меѓу 18 и 29 години, до 23,6% кај оние над 65 години. Оние со завршено основно образование најмногу

се заложиле за отворањето работни места (41,0%), а оние со завршено вишо образование, пак, за економскиот развој (30,5%). Гледано регионално, меѓу испитаниците кои сметаат дека приоритет е отворањето работни места најбројни се оние од југозападниот (42,3%) и од полошкиот регион (42,1%), а најмалобројни се оние од вардарскиот регион (25,6%).

Што се однесува до етничката припадност, етничките Албанци (40,7%) се позаинтересирани за зголемувањето на работните места од етничките Македонци (31,9%), додека, пак, во врска со економскиот развој, ситуацијата е обратна, етничките Македонци (20,2%) се позаинтересирани од етничките Албанци (13,6%).

Прашањето поврзано со животната средина има многу низок приоритет кај граѓаните (0,7%) што е изненадување ако се имаат предвид дека во последната година имаше голем број протести поврзани со загадувањето. Слична е ситуацијата и со прашањето на јавната администрација на чија работа се жалат граѓаните, но во случајов не ја сметаат за прашање со кое треба да се занимава Владата.

Графикон 6. Познавања за Планот 3-6-9




Мнозинство од граѓаните (57,1%) не се запознаени со „Планот 3-6-9". Секој четврти слушнал, но не знае што содржи, додека 15,3% се запознаени и знаат што содржи тој план.

И овде има разлики во одговорите на мажите и на жените. Мажите (19,6%) се повеќе запознаени со постоењето и содржината на „планот", отколку жените (10,9%). Информираноста расте со возраста, и тоа од 12,0% кај испитаниците меѓу 18 и 29 години, до 20,2% кај испитаниците меѓу 50 и 64 години. На ниво на содржина, нема разлика кај двете најголеми етнички заедници, разликата се појавува на следното ниво, па така етничките Македонци (29,3%) во поголем процент знаат за постоењето на овој документ, но не знаат што содржи, за разлика од етничките Албанци (19,1%).

И степенот на образованието влијае на тоа колку граѓаните се запознаени со содржината на „Планот 3-6-9". Познавањето расте со зголемувањето на образовното ниво од 0,0% кај оние со незавршено основно образование, до 30,4% кај оние со завршени постдипломски студии.

Регионално гледано, жителите на југозападниот (21,2%) регион се најинформирани за планот, а оние од Пелагонија (8,8%) се најмалку информирани. Очекувано, гласачите на СДСМ се најзапознаени со планот (29,3%), но изненадува ниската информираност на гласачите на нивниот коалициски партнер ДУИ (9,9%).

# 2. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

Големо мнозинство од испитаниците рекле дека ќе излезат да гласаат на претстојните локални избори. Секако, треба да се има предвид дека се можни отстапки од овие бројки. Така, на пример, отстапката на претходните предвремени парламентарни избори што се одржаа во декември 2016 година изнесуваше 23,6 процентни поени. Споредбата е направена со резултатите од истражувањето „Јавното мислење за изборниот процес" (Кржаловски А., Јаковлеска Г., МЦМС, 2016) каде на прашањето „колку е веројатно дека ќе гласате на претстојните парламентарни избори", вкупно 81,2% рекле дека сигурно ќе гласаат, а 9,2% рекле дека веројатно ќе гласаат. Потенцијалните, може да се каже прилично убедени дека ќе гласаат, 90,4% од граѓаните на изборите се сведоа на 66,79% - според резултатите објавени од страна на Државната изборна комисија. Ако разликата меѓу декларативната подготвеност да се гласа и реалната излезеност на денот на изборите е околу 20 процентни поени, тогаш за очекување е дека излезноста на локалните избори ќе биде речиси 60%.

Графикон 7. **Подготвеност за гласање на локалните избори**




Мала е разликата кај оние кои рекле дека нема да гласаат во овој изборен циклус во споредба со резултатите на погореспомнатото истражување. Тогаш, вкупно 7,7% одговориле дека веројатно нема да гласаат или дека сигурно нема да гласаат. Поголема е разликата кај оние што рекле дека не знаат или одбиле да одговорат, тој процент сега изнесува 11,0% и е во пораст во споредба со декември 2016 година кога изнесувал 1,8%.

Графикон 8. **Ставови за природата на локалните избори**




Мнозинството од граѓаните ги препознаваат овие избори како редовни локални избори, иако во медиумите им се дава третман на одлучувачки во смисла на тоа дека од резултатите ќе зависи дали наскоро ќе има нови предвремени парламентарни избори. На овој начин изборите ги перципираат 31,3% од испитаниците.

Иако нема значајни отстапки од просечните, сепак може да се забележи дека разликата во одговорите на етничките Албанци и етничките Македонци е 8, при што етничките Албанци помалку ги третираат локалните избори како редовни, а повеќе (8,7 п.п.) како можност за проверка на рејтингот и евентуални предвремени избори.

Најубедени во изјавата дека претстојните локални избори ќе бидат редовни се оние со зав-

ршено више образование (74,6%) и оние со завршени постдипломски студии (78,3%). Од друга страна, пак, гледано од аспект на работниот статус на испитаниците, вработените во невладините институции (66,7%) и самовработените (47,1%) во најголем процент сметаат дека овие избори се подготовка за следните предвремени парламентарни избори. И кај жителите на североисточниот регион (40,0%) повисок од просечниот е процентот на оние што гледаат вака на локалните избори.

Изненадувачки е дека гласачите на коалициските партнери во новата влада, СДСМ (68,7%) и ДУИ (49,3%), имаат разлика од речиси 20 процентни поени во одговорите кај првата изјава, односно гласачите на ДУИ (42,3%) повеќе дури и од гласачите на опозициската ВМРО-ДПМНЕ (37,4%) овие избори ги сметаат за подготовка на предвремените парламентарни избори.

Графикон 9. **Клучно влијание врз испитаниците при изборот на кандидати на локалните избори**




Речиси 70% од испитаниците одлуката за кого ќе гласаат на претстојните локални избори ќе ја донесат на основа на конкретната понуда на кандидатите. Само 10% ќе се водат до ставовите на партиите за клучните национални прашања, без разлика што станува збор за локални избори. Етничките Македонци (11,1%) се позаинтересирани за националните прашања од етничките Албанци (5,5%), кои пак за 7,7 процентни поени повеќе од етничките Македонци се заинтересирани за конкретните понуди за решавање на локалните прашања.

И образовната структура на испитаниците влијае на одговорите на ова прашање, па така расте интересот за конкретната понуда на кандидатите со зголемувањето на нивото на образование, и тоа од 40% кај оние со незавршено основно образование, до 78,3% кај оние со завршени постдипломски студии. Во поглед на работниот статус, најзаинтересирани за конкретните понуди на кандидатите се самовработените (76,5%), а најмалку заинтересирани се земјоделците (58,3%). Гледано од аспект на регионот, жителите на Полог (76,3%) најчесто ќе се водат од конкретните понуди, а жителите на Пелагонија (16,8%) се најзаинтересирани за ставовите на партиите за националните прашања.

Табела 1. Влијание на партиската определба на испитаниците на одговорите

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конкретна понуда за решавање на локалните прашања | 58,5% | 77,9% | 76,1% | 92,3% | 82,8% | 73,9% |
| Ставовите на партијата за националните прашања | 21,5% | 4,0% | 5,6% | 0,0% | 6,9% | 0,0% |
| Не знам/ одбива да одговори | 20,0% | 18,1% | 18,3% | 7,7% | 10,3% | 26,1% |

Од табелата можат да се видат одговорите на гласачите на политичките партии. Овде се презентирани партиите кои добија собраниски мандати на последните предвремени парламентарни избори одржани во декември 2016 година. Гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (21,5%) во однос на другите се најзаинтересирани за ставовите на партијата за националните прашања, додека пак за конкретните решенија се најзаинтересирани гласачите на ДПА (92,3%).

Локалниот економски развој е првиот приоритет за граѓаните (33,8%), по што следуваат урбанистичкото планирање (18,3%) и комуналните дејности (10,2%). Од дејностите кои се под 10%, најголем интерес граѓаните покажале за животната средина (9,5%).

Полот, возраста и етничката припадност немаат големо влијание на одговорите на ова прашање. Во поглед на образованието, може да се забележи дека кај оние со завршено постдипломско образование (17,4%) најмала е поддршката за локалниот и економскиот развој, додека оние со незавршено основно образование воопшто не дале поддршка за урбанистичко планирање и за комунални дејност, но дале поголема поддршка за животна средина (20,0%). Гледано од аспект на работниот статус на испитаниците, може да се видат отстапки кај самовработените кои повеќе го приоретизираат урбанистичкото планирање (35,3%), отколку локалниот економски развој (17,6%), додека пак ангажираните во домашни обврски, на локалниот економски развој му

Графикон 10. Што треба да бидат главните приоритети во програмите на градоначалниците



дале поголем фокус од другите (42,1%). Гледано регионално, жителите на вардарскиот регион најголема предност, во однос на другите региони, му дале на локалниот економски развој (43,6%).

Графикон 11. Подготвеност на испитаниците за гласање за кандидат за градоначалник од партијата чиј симпатизер не се




Од графиконот може да се забележи дека нема мнозински одговор на ова прашање. Само 2,8 процентни поени е разликата меѓу оние кои не би гласале и оние кои би гласале за кандидат на друга политичка партија на која не се симпатизери. Ова би можело да се сфати како силна поддршка на програмите на кандидатите на локалните избори. Осум процентни поени е разликата меѓу мажите и жените кои би гласале за кандидат на партија на која не се симпатизери. Притоа, мажите се поподготвени на таква одлука од жените. Нешто поголема е разликата на овој одговор меѓу етничките Македонци (38,3%) и етничките Албанци ( 47,2%). Гледано од аспект на возраста, оние над 65 години се најприврзани за политичката партија чии симпатизери се, па така 51,2% од нив рекле дека не би гласале за кандидат на друга политичка партија, додека 29,3% би го направиле тоа. Според регионот на живеење, може да се каже дека испитаниците од Пелагонија се најприврзани за политичката партија чии симпатизери се, па така 52,0% од нив рекле дека нема да гласаат за кандидати на друга политичка партија.

Табелата подолу покажува како влијае образованието на одговорите на испитаниците на ова прашање. Може да се забележи дека подготвеноста да се гласа за кандидат на друга политичка партија расте со зголемувањето на нивото на образование од 0,0% кај оние со незавршено основно образование, до 56,5% кај оние со завршени постдипломски студии. Неподготвеноста да се гласа за кандидат на друга политичка партија опаѓа со зголемувањето на нивото на образование од 60,0% кај оние со незавршено основно образование, до 30,4% кај оние со завршени постдипломски студии. Процентот на оние што одбиле да одговорат или рекле дека не знаат е највисок кај оние со незавршено основно образование (40,0%).

Табела 2. Влијание на образованието на испитаниците на одговорите

| | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо | Високо | Постдипломски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 0,0% | 35,0% | 38,6% | 37,3% | 46,5% | 56,5% |
| Не | 60,0% | 49,0% | 43,8% | 44,1% | 39,8% | 30,4% |
| Не знам/одбива да одговори | 40,0% | 16,0% | 17,6% | 18,6% | 13,8% | 13,0% |

Табела 3. **Влијание на партиската определба на испитаниците на одговорите**

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 31,1% | 37,8% | 39,4% | 53,8% | 62,1% | 56,5% |
| Не | 55,6% | 51,4% | 43,7% | 30,8% | 31,0% | 26,1% |
| Не знам/одбива да одговори | 13,3% | 10,8% | 16,9% | 15,4% | 6,9% | 17,4% |

Интересно е да се види како гласачите на политичките партии одговориле на ова прашање. Кај повеќе од половината од гласачите на трите партии на етничките Албанци (ДПА, Беса и Алијанса за Албанците) има подготвеност за гласање за кандидати на други политички партии. Кај гласачите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ таа подготвеност е под просекот.

Графикон 12. **Клучно влијание на одлуката за избор на градоначалник**




Самиот кандидат (47,1%) и неговата изборна програма (38,3%) заедно прават големо мнозинство во одговорите на испитаниците. Политичката партија која го поддржува кандидатот има многу мало влијание врз испитаниците, според нивните одговори.

Нема големи разлики во одговорите на ова прашање меѓу мажите и жените. Гледано според возраста, за оние меѓу 40 и 49 години поважна е програмата (46,2%), отколку личноста на кандидатот (40,8%). Од етничка перспектива, пак, етничките Албанци (56,3%) даваат поголема предност на личноста на кандидатите отколку етничките Македонци (45,7%), и обратно, за етничките Македонци (39,4%) поважна е програмата, отколку за етничките Албанци (31,2%). Најниска поддршка за програмата, гледано низ призмата на работниот статус, има кај ангажираните во домашни обврски (28,9%) и самовработените (29,4%), а најниска поддршка за личноста на кандидатите има кај земјоделците (37,5%). Регионално гледано, жителите на југоисточниот регион најмалку (31,5%), а оние на Пелагонија (44,8%) најмногу се заинтересирани за програмите, додека жителите на Полог најмногу (55,3%), а оние на Пелагонија (36,0%) најмалку се заинтересирани за личноста на кандидатите.

Одговорите на гласачите на ВМРО-ДПМНЕ и на Беса се разликуваат од просечните одговори, па кај нив поважна е програмата, отколку личноста на кандидатот. Партиската припадност најважна им е на гласачите на ДПА (23,1%), а по нив се гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (13,3%). Квалитетот на изборната програма најмало влијание има кај гласачите на ДПА (15,4%), а тие се лидери и во одговорите за кандидатот (61,5%).

Табела 4. Влијание на партиската определба на испитаниците на одговорите

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кандидатот, неговата личност, образование, искуствио и репурација | 39,6% | 52,2% | 60,6% | 61,5% | 44,8% | 52,2% |
| Квалитетот на изборната програма | 40,7% | 35,3% | 21,1% | 15,4% | 48,3% | 43,5% |
| Партиската припадност | 13,3% | 10,0% | 11,3% | 23,1% | 6,9% | 4,3% |
| Не знам/одбива да одговори | 6,3% | 2,4% | 7,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |

Графикон 13. Подготвеност за гласање за кандидати од друга етничка заедница




Нема мнозински одговор на прашањето од графикон 13. Испитаниците речиси рамномерно се распределиле во одговорите, па така 44,0% рекле дека ќе гласаат за кандидат од друга етничка заедница, а 43,2 рекле дека нема да го направат тоа. Етничките Албанци (49,2%) се поподготвени да го дадат гласот за кандидат на друга етничка заедница, отколку етничките Македонци (40,8%).

Графикон 14. Влијание на полот на одговорите на прашањето: Дали на изборите ќе гласате за кандидати на етничка заедница различна од вашата




И полот на испитаниците влијаел на одговорите. Од графиконот може да се види дека мажите се поподготвени да гласаат за кандидати на други етнички заедници, за разлика од жените (39,9%).

Табела 5. Влијание на образованието на испитаниците на одговорите

| | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо | Високо | Постдипломски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 10,0% | 33,0% | 42,8% | 45,8% | 51,3% | 43,5% |
| Не | 70,0% | 53,0% | 42,5% | 45,8% | 40,1% | 34,8% |
| Не знам/одбива да одговори | 20,0% | 14,0% | 14,7% | 8,5% | 8,6% | 21,7% |

Од табелата погоре може да се види дека подготвеноста за гласање за кандидати од друга етничка заедница расте со зголемувањето на нивото на образованието од 10,0% кај тие со незавршено основно образование, до 51,3% кај тие со високо образование и 43,5% кај тие со завршени постдипломски студии. И обратно, неподготвеноста опаѓа со зголемувањето на нивото на образование од 70% кај тие со незавршено основно образование, до 34,8% кај тие со завршени постдипломски студии.

Кај гласачите на СДСМ (53,0%), на Беса (55,2%) и тие на Алијансата за Албанците (52,2%)има мнозинство на оние кои би гласале за кандидати на друга етничка заедница. Најнизок е процентот кај гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (28,5%), односно највисок кај негативните одговори (61,9%).

Табела 6. Влијание на партиската определба на испитаниците на одговорите

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 28,5% | 53,0% | 43,7% | 30,8% | 55,2% | 52,2% |
| Не | 61,9% | 35,7% | 45,1% | 61,5% | 31,0% | 39,1% |
| Не знам/одбива да одговори | 9,6% | 11,2% | 11,3% | 7,7% | 13,8% | 8,7% |

# 3. ДОВЕРБА ВО ПОЛИТИЧАРИТЕ И РЕЈТИНЗИ НА ПАРТИИТЕ

За прв пат по подолго време, распоредот на врвот на табелата за доверба во политичарите е променет. Вкупно 6,5 процентни поени е разликата помеѓу двајцата лидери на најголемите политички партии, во полза на лидерот на СДСМ, Зоран Заев (26,2%), пред лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски (19,7%). За 1,4 процентни поени пораснала довербата на Зоран Заев од последното мерење во мај 2017 година, додека за 6,1 процентен поен паднала довербата во Никола Груевски во однос на истото мерење.

Жените и овој пат имаат повеќе доверба во Никола Груевски (20,9%), а мажите во Зоран Заев 26,6, но сега разликите се помали и се сведуваат на 0,9 п.п. кај Заев и 2,3 п.п. кај Груевски, за разлика од претходните 6,8 процентни поени кај Груевски, односно 7 кај Заев. Гледано низ призмата на возраста, нема големи отстапувања, но може да се забележи дека во Никола Груевски имаат повеќе доверба оние на возраст од 65+ години (28,5%), во Зоран Заев, оние на возраст од 50 до 64 (30,5%), во Ѓорѓе Иванов оние на возраст од 50 до 64 години (13,7%). Од тројцата политичари од т.н. албански блок, Али Ахмети, лидерот на ДУИ, има најголема поддршка кај оние на возраст од 18 до 39 години (8,8%), Зијадин Села кај оние од 30 до 39 години (6,0%), а Билал Касами кај оние на возраст од 18 до 29 (4,8%).

Од перспектива на етничката припадност, испитаниците на двете најголеми заедници се ориентирани кон припадниците на нивната етничка заедница. За 10 процентни поени паднала довербата на етничките Албанци во Зоран Заев и таа сега изнесува 6,0%. Во поглед

Графикон 15. Доверба во политичарите



на работниот статус, секаде освен кај земјоделците е во водство Зоран Заев. Најголема е разликата кај вработените во јавните институции која изнесува 16 процентни поени во полза на Заев, додека пак кај вработените во граѓанските организации состојбата е сосема изедначена, 33,3% кај двајцата.

Регионално гледано, најголема доверба во Никола Груевски имаат жителите на вардарскиот регион (32,1%), а во Зоран Заев, жителите на југоисточниот регион (38,2%). Во политичарите од т.н. албански блок, најголема доверба имаат жителите на полошкиот регион, и тоа 17,8% во Али Ахмети, 9,2% во Зијадин Села и 5,9% во Билал Касами. Во југозападниот регион сега повисока доверба има Зијадин Села (9,6%), отколку Али Ахмети (8,7%).

И овде, како и кај лидерите, е сменета ситуацијата на врвот на табелата. СДСМ е во предност пред ВМРО-ДПМНЕ за 3,4 процентни поени. Најголем број од испитаниците најверојатно ќе го дадат својот глас за СДСМ (24,3%) или за ВМРО-ДПМНЕ (20,9%). Ваквите податоци покажуваат дека по неколкумесечното приближувањето на двете најголеми политички партии од т.н. македонски блок, сега дошло до промена.

Графикон 16.
**Доколку утре се одржат парламентарни избори, испитаниците би гласале на следниот начин:**



Табела 7.

Споредба на поддршката на политичките партии во сите анкети нарачани од МЦМС изминатава година

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА БИ ГЛАСАЛЕ ДОКОЛКУ УТРЕ СЕ ОДРЖАТ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ноември 2016 | Ноември 2016 | Февруари 2017 | Мај 2017 | Септември 2017 |
| | Вк. % | Вк. % | Вк. % | Вк. % | Вк. % |
| ВМРО-ДПМНЕ | 23,7 | 23,3 | 23,3 | 24,5 | 20,9 |
| СДСМ | 18,9 | 19,4 | 23,0 | 23,7 | 24,3 |
| ДУИ | 6,2 | 6,6 | 3,3 | 8,5 | 8,9 |
| ДПА | 3,3 | 3,3 | 2,2 | 0,9 | 0,6 |
| Алијанса за Албанците | 0,7 | 1,9 | 1,5 | 1,8 | 2,7 |
| БЕСА | 1,2 | 2,7 | 3,5 | 3,7 | 3,1 |
| Друга | 4,4 | 4,6 | 2,0 | 0,7 | 0,1 |
| Ниту една | 8,5 | 5,5 | 7,8 | 10,3 | 10,3 |
| Не знам/одбива да одговори | 33,1 | 32,7 | 33,4 | 24,5 | 27,7 |

Првото поголемо приближување беше регистрирано со телефонската анкета на МЦМС и Телевизија Телма спроведена во ноември 2016 година (Кржаловски, А., Јаковлеска, Г. (2016) Јавното мислење за изборниот процес [Интернет] стр.17-18, достапно на http://www.mcms.org.mk/images/docs/2016/javnoto-mislenje-za-izborniot-proces.pdf), кога 23,3% од испитаниците рекле дека ќе гласаат за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а 19,4%, за коалицијата предводена од СДСМ. Тоа приближување продолжи, па изедначеноста меѓу двете партии, ВМРО-ДПМНЕ (23,3%) и СДСМ (23,0%), беше воочлива во резултатите од анкетата направена во февруари 2017 година (Јаковлеска, Г. (2017) Постизборни политички теми [Интернет] стр.5-6, достапно на http://www.mcms.org.mk/images/docs/2017/postizborni-politicki-temi.pdf).

Што се однесува до т.н. албански блок, рејтингот на ДУИ (8,9%) занемарливо, но продолжил да расте во однос на претходното истражување (8,5%) направено во мај 2017 година. Поддршката за ДПА (0,6%) продолжила да паѓа споредено со мај 2017 г. (0,9%). Опаѓање има и кај Беса од 3,7% на 3,1%, а зголемување кај Алијансата на Албанците од 1,8% на 2,7%. Повеќе од 2:1 е разликата меѓу најдобро позиционираната и втората политичка партија, но сега веќе главните ривали не се ДУИ и ДПА, туку ДУИ и Беса.

Повторно се зголемува бројот на неопределените од 24,5% во мај, на 27,7% во септември2017 г. Во претходните истражувања тој процент бил 32,7% (во ноември 2016 година) и 33,4% (во февруари 2017 година).

Во табелата 8 може да се види влијанието на етничката припадност на одговорите на испитаниците, и тоа во последните четири истражувања. Може да се види дека опаднала поддршката на СДСМ од страна на етничките Албанци за 8 процентни поени, а за нијанса (2,4 процентни поени) се зголемила поддршката од етничките Македонци.

Табела 8. Споредба на поддршката на политичките партии низ призмата на етничката припадност во последните четири истражувања

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА БИ ГЛАСАЛЕ? | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | | | | |
| | Ноември 2016 | | | Февруари 2017 | | | Мај 2017 | | | Септември 2017 | | |
| | Вк. % | Мак. | Алб. | Вк. % | Мак. | Алб. | Вк. % | Мак. | Алб. | Вк. % | Мак. | Алб. |
| ВМРО-ДПМНЕ | 23,3 | 30,9 | 0 | 23,3 | 30,6 | 0 | 24,5 | 33,0 | 0 | 20,9 | 26,6 | 2,0 |
| СДСМ | 19,4 | 22,7 | 6,0 | 23,0 | 23,8 | 20,4 | 23,7 | 26,2 | 12,4 | 24,3 | 25,8 | 15,1 |
| ДУИ | 6,6 | 0,1 | 29,2 | 3,3 | 0,1 | 14,2 | 8,5 | 0,3 | 38,7 | 8,9 | 0,4 | 39,7 |
| ДПА | 3,3 | 0 | 14,7 | 2,2 | 0 | 10,2 | 0,9 | 0 | 4,1 | 0,6 | 0,0 | 2,5 |
| Алијанса за Албанците | 1,9 | 0 | 8,7 | 1,5 | 0 | 6,7 | 1,8 | 0 | 8,3 | 2,7 | 0,4 | 11,1 |
| БЕСА | 2,7 | 0 | 12,2 | 3,5 | 0 | 15,1 | 3,7 | 0 | 17,1 | 3,1 | 0,0 | 15,1 |
| Друга | 4,6 | 5,5 | 0 | 2,0 | 2,4 | 1,3 | 0,7 | 2,7 | 0 | 0,1 | 1,3 | 2,5 |
| Ниту една | 5,5 | 5,9 | 3,6 | 7,8 | 6,8 | 10,7 | 10,3 | 11,7 | 5,1 | 10,3 | 12,9 | 3,0 |
| Не знам/одбива да одговори | 32,7 | 35,0 | 25,7 | 33,4 | 36,3 | 21,3 | 24,5 | 26,2 | 14,3 | 27,7 | 32,6 | 9,0 |

Паднала поддршката кај жените за ВМРО-ДПМНЕ од 27% во претходното истражување „Перцепции и ставови за случувањата во Собранието на 27 април 2017 година", на 20,4%. Поддршката на мажите е речиси на истото ниво и за ВМРО-ДПМНЕ (22,0% - претходно, 21,3% - сега). Поддршката на жените не се одлеала кај СДСМ или друга политичка партија, туку во одговорите „ниту една", „не знам" и „одбива да одговори" и изнесува 43,9% што е за 11,6 процентни поени повисока од овие одговори кај мажите. ВМРО-ДПМНЕ има најголема поддршка кај жителите на вардарскиот (33,3%), додека СДСМ има најголема поддршка кај жителите на источниот регион (31,8%). Најголем дел од приврзаниците на ДУИ се во полошкиот (26,3%) регион, како и на Беса (11,2%), додека на Алијансата за Албанците, во југозападниот регион (8,7%).

Споредувајќи ги податоците со графиконот за лидерите, може да се забележи дека лидерот на СДСМ (26,2%) ужива поголема доверба од партијата (24,3%). Таков е случајот и со лидерот на Алијансата за Албанците, за кој поддршката е 3,4%, наспроти 2,7% за партијата. Кај лидерот na ВМРО-ДПМНЕ ситуацијата е обратна. Поддршката за него е 19,7%, наспроти поддршката за партијата 20,9%. Ваков е соодносот и со ДУИ чиј рејтинг изнесува 8,9%, додека тој на лидерот на партија кој изнесува 6,0% и со БЕСА, чиј рејтинг е 3,1%, а рејтингот на лидерот е 2,6%.

# 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Речиси 59% од граѓаните се задоволни (целосно или делумно) од работата на Владата во првите 100 дена, наспроти 39,0% кои се незадоволни.

Околу една третина од граѓаните (27,9%) сметаат дека Владата најмногу внимание им посветува на прашањата поврзани со интеграцијата во ЕУ и во НАТО. На второ место е прашањето за името (8,6%). Граѓаните сметаат Владата треба најголемо внимание да му посвети на прашањето на зголемување на работните места (34,2%). Според нив, на второ место треба да биде економскиот развој (18,4%).

Минстерството за здравство и Министерството за внатрешни работи најдобро и најлошо си ја работата својата работа. Вкупно (9,2%) сметаат дека МЗ најдобро, а 18,6% сметаат дека најлошо си ја врши работата. Кај МВР, вкупно 8,0% сметаат дека најдобро, а 4,% дека најлошо си ја врши работата.

Планот на Владата „3-6-9" им е познат на 42,1% од граѓаните, но 26,8% од нив не знаат што содржи. Мнозинство од испитаниците (57,1%) рекле дека не знаат за тој план.

За големо мнозинство од граѓаните (79,8%) нема дилема дека ќе излезат и ќе гласаат на локалните избори. За мнозинството од испитаниците (60%), ова се редовни локални избори, додека за една третина од нив (31,3%) станува збор за можност за проверка на рејтингот на политичките партии и евентуално распишување предвремени парламентарни избори напролет.

За 69,6% од граѓаните клучна ќе биде конкретната понуда за решавање на локалните прашања, односно локален економски развој, комунални прашања и животна средина. За 10% од нив, важни ќе бидат ставовите на партијата за клучните национални прашања.

Најголем број од испитаниците сметаат дека главни приоритети на градоначалниците треба да им бидат локалниот и економскиот развој (33,8%), на второ место е урбанистичкото планирање (18,3%), а на трето комуналните дејности (10,2%).

Вкупно 40,3% од оние што симпатизираат одредена политичка партија рекле дека ќе гласаат за кандидати за градоначалник на друга политичка партија што е прилично изедначено со процентот (43,1%) на оние кои рекле дека нема да гласаат за кандидатите на политичка партија чиј симпатизер не се.

За 44,0 % од испитаниците не е проблем да гласаат за кандидати на други етнички заедници што е зголемување за 23,3 процентни поени споредено со анкетата за парламентарните избори во ноември 2016 година. Вкупно 43% од граѓаните нема да гласаат за кандидати на друга етничка заедница.

Личноста на кандидатот, неговото образование, искуството и угледот ќе бидат пресудни во изборот за 47,1% од граѓаните. За 38,3%, клучно влијание ќе има изборната програма што ќе ја понуди кандидатот за градоначалник.

Зоран Заев (26,2%) го презеде од Никола Груевски (19,7%) лидерското место на листата на политичари со најголема доверба. Оваа промена е проследена со промената во рејтингот на политичките партии, па така сега 24,3% од граѓаните својот глас би го дале за СДСМ, додека процентот кај ВМРО-ДПМНЕ е 20,9%.

Гонце Јаковлеска

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 – РЕЈТИНЗИ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА СКОПЈЕ И НА ЛИСТИТЕ ЗА СОВЕТНИЦИ

# ВОВЕД

Локалните избори што ќе се одржат на 15 октомври 2017 година во Македонија ќе имаат силно влијание врз политичката ситуација во земјата. За дел од аналитичарите резултатите се клучни за насоката на Македонија кон стабилизација и смирување на политичките тензии или кон враќање во нестабилна ситуација која може да предизвика вонредни парламентарни избори веќе следната година.

Ова беше една од причините заради кои Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „Локални избори 2017 – Рејтинзи на кандидатите за градоначалник на Скопје и на листите за советници".

Анкетата ги презентира резултатите за градот Скопје и тоа во поглед на изборот за градоначалник и во поглед на изборот на советници во Градскиот совет.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата беше телефонски спроведена во период помеѓу 23 септември и 2 октомври 2017 година, на репрезентативен примерок за град Скопје од 1.513 испитаници.

Примерокот е двофазен стратификуван, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Анкетираната популација се лица над 18 години, граѓани на Р. Македонија.

Анкетата се спроведуваше на македонски и на албански јазик. За да се исполни критериумот за случаен избор користен е методот „Следен роденден“.

Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ±2,5% со прифатливо ниво на доверба: 95,0%. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

# 1. РЕЈТИНЗИ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

Кандидатот за градоначалник на град Скопје на коалицијата предводена од СДСМ, Петре Шилегов, е во благо водство (37,1%) пред актуелниот градоначалник и кандидат на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Коце Трајановски (34,6%). Од податоците во графиконот се гледа дека тие се главните конкуренти за градоначалничкото место во градот Скопје. Гледано низ призмата на етничката припадност, кандидатот Шилегов има поголема поддршка кај етничките Албанци (58,6%) отколку неговиот конкурент Трајановски (4,8%). Што се однесува до поддршката кај етничките Македонци, во предност е Трајановски (42,3%) за 11,4 процентни поени пред Шилегов (30,9%).

Графикон 1. Кандидат за градоначалник за кого би гласале испитаниците на локалните избори 2017




Табела 1. Влијание на степенот на образование на одговорите

| ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ | Коце Трајановски | Петре Шилегов |
|---|---|---|
| Незавршено основно образование | 35,7 | 21,4 |
| Основно образование | 41,9 | 26,9 |
| Средно образование | 39,0 | 33,3 |
| Вишо образование | 31,0 | 44,8 |
| Високо образование | 28,1 | 44,4 |
| Постдипломски студии | 26,9 | 34,3 |

Покрај етничката припадност, разлика во поддршката предизвикува и степенот на образование на испитаниците, па така, поголема е поддршката за кандидатот за градоначалник Коце Трајановски кај испитаниците со незавршено основно, основно и средно образование (вкупно 116,6%), отколку меѓу оние со завршено вишо, високо образование и постдипломски студии (86,0%). Кај противкандидатот Шилегов, ситуацијата е обратна, поддршката меѓу оние со незавршено основно, основно и средно образование е пониска (вкупно 81,6%) за разлика од таа кај испитаниците со завршено вишо, високо образование и постдипломски студии (123,5%).

Во однос на работниот статус, можат да се забележат разлики во поддршката на двајцата кандидати. Сосема се изедначени нивните шанси кај студентите (29,5%) и кај они кои се ангажирани во домашни обврски (30,4%). Кај другите, доминантна е поддршката за Трајановски кај земјоделците (60,0%) и кај пензионерите (43,5%), додека кај невработените (35,7%), самовработените (43,6%), вработените во граѓански (48,8%), приватни (37,9%) и јавни (38,2%) институции, предноста е на страната на кандидатот Шилегов.

Графикон 2. Влијание на работниот статус на одговорите




Табела 2. Влијание на возраста на одговорите

| | ВОЗРАСНА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
| Коце Трајановски | 26,9 | 30,4 | 32,5 | 40,8 | 42,2 |
| Петре Шилегов | 33,2 | 39,2 | 39,2 | 34,4 | 40,4 |

Според податоците прикажани во табела 2, може да се види дека поддршката за кандидатот на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Коце Трајановски, расте со зголемувањето на возраста на испитаниците, од 26,9% кај оние меѓу 18 и 29 години, до 42,2% кај оние над 65 години. Кандидатот на коалицијата предводена од СДСМ има помала поддршка од неговиот противкандидат кај испитаниците над 50-годишна возраст.

Графикон 3. **Влијание на местото на живеење на одговорите**




Поддршката на кандидатите за градоначалници на град Скопје е условена и од местото на живеење на испитаниците. Па, така, кандидатот Трајановски повеќе поддршка има меѓу граѓаните кои живеат во село (45,6%), за разлика од противкандидатот Шилегов кого го поддржуваат 21% од испитаниците кои живеат во село. И обратно, кандидатот Шилегов има поголема поддршка кај оние кои живеат во град (40,1%), за разлика од неговиот противкандидат кого го поддржуваат 32,5% од испитаниците кои живеат во град.

# 2. РЕЈТИНЗИ НА СОВЕТНИЧКИТЕ ЛИСТИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ

Како што може да се види од графиконот подолу, мнозинство од граѓаните (вкупно 65,5%) на Локалните избори ќе гласаат за коалициите на најголемите политички партии во земјата, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Притоа, во благо водство е советничката листа на коалицијата пред-

Графикон 4. **Советничка листа на град Скопје за која би гласале испитаниците на локалните избори 2017**



водена од СДСМ (33,8%), наспроти таа предводена од ВМРО-ДПМНЕ (31,7%). Речиси ¼ од граѓаните (24,1%) рекле дека не знаат за кого ќе гласаат или дека нема да гласаат за ниту една од советничките листи или одбиле да одговорат на прашањето. Од другите политички партии, може да се види дека 4,0% ќе гласаат за советничката листа на ДУИ, а 3,7% за советничката листа на Движењето Беса. Другите партии се под 1%.

Од табелата 3 може да се види како возраста влијае на одговорите на испитаниците за тоа за која од советничките листи ќе гласаат. Со возраста расте и поддршката за советниците на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ од 25,6% кај оние помеѓу 18 и 29 години, до 37,5% кај оние над 65 годишна возраст. Како и кај кандидатите за градоначалници на град Скопје, и овде, поддршката за коалицијата предводена од СДСМ е поголема кај испитаниците помеѓу 18 и 49-годишна возраст. Одговорите „ниту една", „не знае" и „одбива да одговори" собрани на едно место ја покажуваат поголемата неопределеност или индиферентност кај помладите. Бројот на испитаниците кои одбрале еден од овие три одговори опаѓа со зголемувањето на возраста, од 32% кај оние меѓу 18 и 29 години, до 20,9% кај оние над 65 години.

Табела 3. Влијание на возраста на одговорите

| | ВОЗРАСНА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | 5,7% | 4,5% | 4,5% | 2,3% | 3,2% |
| Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 25,6% | 26,5% | 29,8% | 38,4% | 37,5% |
| Движење Беса | 3,8% | 3,9% | 4,5% | 2,9% | 3,6% |
| Коалиција предводена од СДСМ | 30,4% | 37,2% | 35,1% | 32,4% | 34,3% |
| Други | 2,5% | 3,5% | 2,3% | 4,3% | ,4% |
| Ниту една/не знае/ одбива да одговори | 32% | 24,30% | 23,80% | 19,7% | 20,9% |

Графикон 5. Влијание на етничката припадност на испитаниците врз одлуката за чија советничка листа на град Скопје ќе гласате на претстојните локални избори?



Генерално, ниска е поддршката на етничките Македонци или етничките Албанци за партиите на, условно речено, другата заедница, освен кај СДСМ. Од графиконот може да се забележи дека советничката листа на коалицијата предводена од СДСМ има поддршка од 12,0% од етничките Албанци. За потсетување, во истражувањата направени во ноември 2016 година и во февруари 2017 година поддршката на етничките Албанци за СДСМ беше 22,7% односно, 23,8%.

Етничките Албанци почесто ги бирале одговорите „ниту една", „не знае" и „одбива да одговори". Разликата меѓу нив и етничките Македонци е повеќе од 18 процентни поени.

Советничката листа за градот Скопје на коалицијата предводена од СДСМ има поголема поддршка од оние кои живеат во град (35,6%), отколку оние кои живеат во село (24,1%). Додека, пак, советничката листа на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има поголема поддршка кај оние кои живеат во село (44,8%), отколку кај оние кои живеат во град (29,2%). Кај ДУИ, таа поддршка се разликува за околу два процентни поени во корист на оние кои живеат во град, додека кај Движењето Беса

Табела 4. **Влијание на степенот на образование на одговорите**

| ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ | СОВЕТНИЧКА ЛИСТА ЗА КОЈА БИ ГЛАСАЛЕ ИСПИТАНИЦИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ДУИ** | **Коалиција ВМРО-ДПМНЕ** | **Движење Беса** | **Коалиција СДСМ** | **Други** | **НЕ/НЗ/ОО** |
| Незавршено основно образование | 0,0% | 28,6% | 0,0% | 21,4% | 0,0% | 50,0% |
| Основно образование | 5,4% | 36,6% | 7,5% | 21,5% | 1,0% | 28,0% |
| Средно образование | 3,8% | 35,4% | 4,4% | 29,3% | 2,5% | 24,6% |
| Вишо образование | 5,2% | 31,0% | 3,4% | 36,2% | 5,2% | 19,0% |
| Високо образование | 4,5% | 26,0% | 1,7% | 41,7% | 3,3% | 22,9% |
| Постдипломски студии | 1,5% | 26,9% | 6,0% | 41,8% | 1,5% | 22,4% |

Графикон 6. **Влијание на местото ни живеење на одговорите**



Графикон 7. Како влијае работниот статус на испитаниците на нивните одговори




разликата е три процентни поени во корист на жителите на градовите. За забележување е дека кај оние кои живеат во село е поголем процентот на оние кои ги бирале одговорите „ниту една", „не знае" и „одбива да одговори".

Во однос на влијанието на работниот статус, може да се забележи има делумни преклопувања со тоа за кандидатите за градоначалници. Така, кај студентите сѐ уште се прилично изедначени шансите на двете поголеми коалиции, односно на таа предводена од СДСМ (28,7%) и коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (27,1%). Се намалила разликата во поддршката од пензионерите од речиси пет процентни поени на нешто под четири процентни поени. Лицата ангажирани во домашни обврски повеќе поддршка му даваат на кандидатот за градоначалник Петре Шилегов (30,4%), отколку на советничката листа на коалицијата предводена од неговата матична партија (17,4%). Исто е и со невработените (шест процентни поени) и самовработените (18 процентни поени), додека кај вработените во приватни и јавни инсититуции разликата е многу мала.

Што се однесува до советничката листа на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, треба да се истакне дека поддршката на кандидатот за градоначалник Коце Трајановски и советничката листа има идентична поддршка кај земјоделците (60,0%) и кај самовработените (30,8%). Поддршката за листата на советници е пониска од таа на кандидатот за градоначалник кај студентите, пензионерите, невработените, нешто поголема е разликата кај вработените во граѓански институции (осум процентни поени) и вработените во јавни институции (околу четири процентни поени).

Движењето Беса има најголема поддршка кај самовработените (7,7%) и ангажираните во домашни обврски (8,7%), додека ДУИ најголема поддршка има кај вработените во граѓански институции (8,0%).

Најбројни меѓу оние што одговориле „ниту една", „не знае" и „одбива да одговори" се земјоделците (40%), па потоа ангажираните во домашни обврски (34,8%) и студентите (33,3%).

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ

Кандидатот на коалцијата предводена од СДСМ (37,1%) и советничката листа на истата коалиција (33,8%) имаат блага предност пред кандидатот (34,6%) и советничката листа (31,7%) на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Повеќе параметри влијаат на изборот на граѓаните:**

- ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ – кандидатот Петре Шилегов и советничката листа на коалицијата предводена од СДСМ имаат поголема поддршка кај етничките Албанци од противкандидатот Коце Трајановски и советничката листа на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
- ОБРАЗОВНАТА СТРУКТУРА – кандидатот Коце Трајановски има поголема поддршка кај испитаниците со незавршено основно образование, основно и средно образование, додека неговиот противкандидат има поголема поддршка кај оние со завршено вишо и високо образование и оние со постдипломски студии;
- ВОЗРАСТА – со зголемувањето на возраста, расте поддршката на кандидатот Коце Трајановски, додека кандидатот Петре Шилегов има поголема поддршка кај помладите;
- РАБОТНИОТ СТАТУС – кандидатот Коце Трајановски има најголема поддршка кај земјоделците (60%) и пензионерите (43,5%), додека неговиот противкандидат Петре Шилегов најголема поддршка има кај самовработените (43,6%) и вработените во невладини институции (48,0%);
- МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ - испитаниците кои живеат во село во поголем број го поддржуваат кандидатот Коце Трајановски (45,6%), додека кандидатот Петре Шилегов има поголема поддршка кај оние кои живеа во град (40,1%).

Паднал бројот на неопределените за речиси 20 процентни поени во однос на истражувањето направено во февруари 2017 година.

Стефан Чичевалиев
Јасмина Михаиловска, М-Проспект

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА

# ВОВЕД

Здравствениот систем континуирано се менува, со цел да се унапреди кон остварување на своите основни цели, кои според Светската здравствена организација (СЗО), се:

1. Унапредување на здравјето на населението;
2. Унапредување на одговорот на здравствениот систем за населението на коешто служи; и
3. Праведна финансиска контрибуција, односно степенот до кој товарот за плаќање за здравствениот систем е праведно распределен низ домаќинствата.

Според СЗО здравствениот систем ги опфаќа: 1) сите активности чија примарна цел е да се промовира, обновува и/или одржува здравјето; 2) луѓето, институциите и ресурсите, организирани во согласност со политиките да го подобрат здравјето на населението, истовремено делувајќи на нивните легитимни очекувања во подобрување на здравјето и заштита од трошоци за подобрување на влошено здравје преку различни активности[1]. Здравствениот систем претставува систем на популациски и индивидуални мерки, активности и постапки за зачувување и унапредување на здравјето, спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето, навремено и ефикасно лекување и здравствена нега и рехабилитација. Овие мерки, активности и постапки мора да бидат засновани на научни докази, да бидат безбедни, сигурни, ефикасни и во согласност со професионалната етика[2]. Организацијата на здравствениот систем е дефинирана со законска регулатива и соодветни секторски политики, кои во голема мера се заснова-ат на проценката на потребите на населението и материјалните можности на земјата.

Отсуството на конзистентен инструмент за мерење на задоволството на корисниците на здравствени услуги, во изминатите 10 години доведе до зголемување на бројот на истражувања кои се фокусираат исклучиво на искуството на пациентот, односно аспекти на искуство во грижата, како што се времето на чекање, квалитетот на услугите, комуникацијата со здравствените работници и слично. Сите индикатори од овој вид помагаат при идентификување на конкретни приоритети за подобрување на универзалниот здравствен опфат, чиј составен дел се пристапот, достапноста и квалитетот на здравствената заштита.

Целта на ова истражување е да се согледа јавното мислење за здравствените услуги во земјата, да се идентификуваат недостатоците и пречките при користењето на ваквиот вид услуги.

1 Светска здравствена организација, Поимник за здравствени системи и нивно зајакнување (на англиски: World Health Organization, Health Systems Strengthening Glossary), достапно на: http://www.who.int/healthsystems/hss_glossary/en/index5.html, пристапено на: 21.01.2018 година

2 Закон за здравствена заштита – пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 43/12, 145/12, 65/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 10/15, 61/15), достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/10/0-ZAKON-ZA-ZDRAVSTVENATA-ZASHTITA.pdf, пристапено на: 18.01.2018 година

# МЕТОДОЛОГИЈА

**Собирање и обработка на податоците.** За потребите на ова истражување користен е квантитативен методолошки пристап. Истражувањето е спроведено со телефонска анкета во домаќинствата во периодот од 11 до 18.12.2017 година на национален репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Примерокот е повеќестепен стратификуван примерок, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење. Анкетираната популација се полнолетни граѓани на Р. Македонија. Користен е методот "Следен роденден" за да се обезбеди случајност на примерокот. Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

**Методолошко-терминолошки појаснувања.** Ова истражување се однесува на задоволството на граѓаните од услугите кои се овозможени преку задолжителното здравствено осигурување. Оттука, користениот термин „јавно здравство" се однесува главно на услугите кои ги пружаат јавните здравствени установи, но и на некои од приватните здравствени установи за кои Фондот за здравствено осигурување има склучено договор (на пр. установи од примарна здравствена заштита, лабораториски услуги, кардиохирургија, очна хирургија, и сл.). Терминот „приватно здравство", пак, се однесува на сите услуги кои ги пружаат приватните здравствени установи на товар на пациентот. Со други зборови, разграничувањето на јавниот и приватниот сектор не се однесува на сопственоста туку на изворот од кој се финансираат услугите за кои станува збор во истражувањето.

**Методолошки ограничувања на истражувањето.** Избраниот метод на собирање податоци преку телефонска анкета има свои ограничувања. Меѓу позначајните ограничувања опишани и во литературата се неможноста за физички контакт и набљудување на реакциите на испитаниците, како и потребата анкетирањето да се заврши во покус временски рок. Во однос на првото ограничување, во изготвувањето на прашалник е користен колоквијален вокабулар, со цел прашањата да бидат концизни и јасни за сите испитаници. Ваквиот начин придонесува и кон побрзо спроведување на анкетата. Иако темата е многу широка, имајќи го предвид второто ограничување, изработен е прашалник за утврдување на јавното мислење за општи и само за одреден број специфични прашања, и истото може да служи како прокси за проширени истражувања во иднина.

И покрај овие ограничувања, во анкетата е постигнат добар одзив и соодветна репрезентативност во однос на повеќе критериуми како што се етничка припадност, возраст, степен на образование, место на живеење и друго.

# **1.** ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И УСЛУГИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Здравствениот систем во Македонија се заснова на системот од поранешна Југославија, со добра географска распределба на установи и услуги и релативно добра финансиска пристапност, како резултат на воспоставен систем на задолжително здравствено осигурување[3].

Законската основа на здравствениот систем ја сочинуваат два клучни закони, Законот за здравствена заштита (333)[4] и Законот за здравствено осигурување (330)[5]. Покрај овие два, повеќе закони и подзаконски акти регулираат специфични прашања од доменот на здравствената заштита. Со 333 се поставуваат основите на организацијата на здравствениот систем, вклучително и формирање здравствена мрежа на установи кои вршат здравствена дејност во земјата. Законот за здравствено осигурување го регулира системот на задолжително здравствено осигурување, кое се заснова на прибирање средства од и за осигурениците по повеќе основи, а најзначаен извор на средства претставуваат придонесите од плата на вработените.

Системот се состои од мрежа на јавни и приватни здравствени установи, кои вршат здравствена дејност во превентивна, примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита. Примарната здравствена заштита претставува основа и влез во здравствениот систем, преку избран (матичен) лекар кој дава основни здравствени услуги, пропишува лекови и ги упатува пациентите во повисоките нивоа на здравствена заштита. Услугите во примарното ниво на здравствена заштита ги даваат лекари со специјализација по општа медицина, семејна медицина, педијатрија, гинекологија и стоматологија. Секундарното и терцијарното ниво на здравствена заштита вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност. Специјалистичко-консултативната дејност се спроведува во специјалистички ординации во здравствени домови, поликлиники, амбуланти во општи и клинички болници, службата за медицинска рехабилитација, како и во специјалните болници, а болничката здравствена дејност се спроведува во општи и клинички болници, специјални болници, заводи, институти, како и во приватните болници. На терцијарно ниво, услугите се даваат во универзитетските клиники во Скопје, како и во некои специјални болници.

3 MilevskaKostova N, Chichevalieva S, Ponce NA, vanGinneken E, Winkelmann J., 2017, The formerYugoslavRepublic of Macedonia: Health systemreview. Health Systems in Transition, 19(3):1–160) достапно на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0006/338955/Macedonia-HiT-web.pdf?ua=1, пристапено на: 18.01.2018 година

4 Закон за здравствена заштита – пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 43/12, 145/12, 65/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 10/15, 61/15), достапно на:http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/10/0-ZAKON-ZA-ZDRAVSTVENATA-ZASHTITA.pdf, пристапено на: 18.01.2018 година

5 Закон за здравствено осигурување – пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 65/12, 16/13, 91/13), достапно на: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Zakon%20za%20zdravstveno%20oisguruvanje%20(Interen%20precisten%20tekst).pdf, пристапено на: 18.01.2018 година

Слика 1. Организација на здравствениот систем во Македонија




(Извор: MilevskaKostova et al 2017)[6]

Од 2013 година, упатувањето на повисоките нивоа на здравствена заштита се одвива преку електронскиот систем „Мој термин“, преку кој пациентите преку примарно ниво може да бидат упатени на секундарно или терцијарно ниво. Со воведувањето на системот, кој е задолжителен за сите прегледи во повисоките нивоа на здравствена заштита, се постигна драстично намалување на времето на чекање, особено за пософистицирани интервенции и дијагностички процедури, на пример, времето на чекање за радиолошка дијагностика и специјалистички прегледи се намали од 15 месеци на помалку од 7 дена. Со електронски-

6 MilevskaKostova N, Chichevalieva S, Ponce NA, van Ginneken E, Winkelmann J., 2017, The former Yugoslav Republic of Macedonia: Health system review. Health Systems in Transition, 19(3):1–160, достапно на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0006/338955/Macedonia-HiT-web.pdf?ua=1, пристапено на: 18.01.2018 година

от систем за закажување прегледи се одбегна двојното закажување за ист пациент, што доведе до намалување на турканиците во чекалниците.[7]

## 2. ГРАЃАНИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

Задоволството на корисниците на здравствени услуги сѐ повеќе игра важна улога во квалитетот на реформите во здравствената заштита. Студиите за задоволство на корисниците на услуги се соочуваат со двоен фокус: некои се занимаваат со задоволството на пациентот со квалитетот и видот на услугите за здравствена заштита, други се фокусираат на општото задоволство од здравствениот систем. Овие истражувања најчесто се компаративни и се користат во политиките за утврдување на начините за унапредување на здравствениот систем, намалување на трошоците и спроведување на реформите[8].

Истражувањата на задоволството го поставуваат пациентот во фокусот, преку неговото искуството во системот, како што се времето на чекање, квалитетот на услугите, комуникацијата со здравствените работници и друго. Сите индикатори од овој вид помагаат при идентификување на конкретните приоритети за подобрување на универзалниот здравствен опфат, чиј составен дел се пристапот, достапноста и квалитетот на здравствената заштита[9]. Зголемената важност на искуството на пациентот во здравствениот систем, како и постојаниот интерес за споредување на задоволството на пациентите од различни земји, системи и временски периоди укажува на потребата за спроведување вакво истражување во Македонија, со кое ќе се утврди задоволството на граѓаните од јавните здравствени услуги, кон утврдување на приоритетите за унапредување на пристапот, достапноста и квалитетот на здравствената заштита во земјата.

## 3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да се согледа мислењето на граѓаните за јавните здравствени услуги во земјата, да се идентификуваат недостатоците и пречките при нивното користење, како и да се донесат заклучоци и утврдат приоритети за унапредување на здравствената заштита во земјата.

7 MilevskaKostova N, Chichevalieva S, Ponce NA, van Ginneken E, Winkelmann J., 2017, The former Yugoslav Republic of Macedonia: Health system review. Health Systems in Transition, 19(3):1–160, достапно на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0006/338955/Macedonia-HiT-web.pdf?ua=1, пристапено на: 18.01.2018 година

8 Bleich N.S., Ozaltin E., Murray JL.C., 2009, How does satisfaction with the health care system relate to patient experience?, World Health Organization Bulletin, 87:271-278, достапно на: http://www.who.int/bulletin/volumes/87/4/07-050401.pdf, пристапено на: 18.01.2018 година

9 Светска здравствена организација, Дефиниција за универзален здравствен опфат, достапно на: http://www.who.int/healthsystems/universal_health_coverage/en/, пристапено на: 21.01.2018 година

# 4. НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување опфатени се пет аспекти на задоволството од здравствениот систем, односно три аспекти на лично искуство на испитаниците во однос на пристапот, достапноста и квалитетот на здравствените услуги, како и општо мислење за здравствениот систем и односот на здравствениот систем кон одредени специфични групи: лицата со посебни потреби и лицата со ретки болести.

## 4.1. ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

Како што беше веќе кажано, здравствениот систем постојано се менува, поради што е важно во истражувањето да бидат земени предвид податоци кои се релевантни за тековната состојба во системот. Во испитуваниот примерок, искуство со здравствениот систем и услугите во последната година имале речиси 95% од испитаниците, а речиси две третини (63,2%) во последниот месец пред анкетата (графикон 1).

Графикон 1. **Време поминато од последното искуство на користење услуги од јавното здравство**




Според податоците од Еуростат, во Македонија во 2014 година по жител се остварени 7,5 посети на лекар во примарната и специјалистичко-консултативната здравствена заштита[10], што е над просекот во земјите на ОЕЦД (6,6)[11].

Најголем број од испитаниците кои често користат услуга од јавното здравство се лица над 65 години (34,3%), што е за очекување со оглед на морталитетот кај возрасното население[12].

Речиси две третини од испитаниците изјавиле дека го користеле системот „Мој термин" во последните 12 месеци (61,6%) (графикон 2). Останатите 38,1% не биле прашани за причината заради која не го користеле системот. Имајќи предвид дека повеќе од 95% изјавиле дека имале искуство во здравствениот систем, оваа разлика најверојатно се должи на користењето услуги во примарната здравствена заштита, за која не е потребно закажување преку системот „Мој термин".

Графикон 2. **Користење на системот „Мој термин" во последните 12 месеци**




10 Еуростат, Консултации со лекар по лице, достапно на: http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=hlth_hc_phys&lang=en, пристапено на: 29.01.2018 година

11 ОЕЦД Здравствена статистика (на англиски: OECD Health Statistics), достапно на: http://www.oecd.org/health/health-data.htm,пристапено на: 11.01.2018 година

12 Државен завод за статистика, Морталитетот во Република Македонија во 2016 година, достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=7, пристапено на: 29.01.2018 година

### 4.1.1. Пристап

Пристапот до здравствена заштита влијае врз севкупното физичко и ментално здравје, како и врз квалитетот на живот и благосостојба на поединецот[13]. Пристапот до здравствени услуги подразбира „навремено користење индивидуални здравствени услуги за да се постигнат најдобри здравствени резултати"[14]. За соодветен пристап потребно е да бидат задоволени три елементи: пристап до здравствениот систем (вообичаено преку осигурување); пристап до местото каде што се нудат здравствените услуги (географски пристап); и пристап до здравствен работник со соодветна стручна подготовка на којшто пациентот му верува и може да комуницира со неа/него (личен однос, доверба)[15]. Во однос на навременоста на здравствената услуга, испитаниците имале различни искуства. 19,2% закажале преглед за помалку од 3 дена, 13,9% за помалку од една седмица, 9,6% за помалку од две седмици, 11,8% за помалку од еден месец, а 10,4% за повеќе од еден месец (графикон 3). Овие податоци говорат за соодветен пристап до здравствените услуги кои им биле потребни на испитаниците, споредено и со некои високоразвиени држави[16].

Графикон 3. **Брзина на закажување лекарски преглед**




Според наодите, интересно е тоа што граѓаните коишто живеат во село побрзо можат да закажат термин за преглед (20,5%), од оние коишто живеат во град (18,4%) – за помалку од три дена, а 15,3% од село и 13,1% од град – за помалку од една седмица. Имајќи предвид дека разликата не е голема, може да се заклучи дека местото на живеење не игра значајна улога во навременоста на пристап до здравствени услуги.

Сепак, дел од испитаниците сметаат дека системот треба и натаму да се подобрува во однос на времето на чекање. Иако за речиси половина од испитаниците (49,1%) закажаниот термин за преглед бил навремен, 22,5% сметаат дека бил задоцнет (графикон 4).

13 Светска здравствена организација, Дефиниција за здравје на СЗО, достапно на: http://www.who.int/governance/eb/who_constitution_en.pdf, пристапено на: 21.01.2018 година

14 Институт за медицина, 1993, Комисија за следење на пристапот до услуги за лична здравствена заштита, Пристап до здравствена заштита во Америка, Милман М, уредник, Вашингтон: Национални академии Прес, (на англиски: Institute of Medicine, Committee on Monitoring Access to Personal Health Care Services, Access to Health Care in America,Millman M, editor. Washington, DC: National Academies Press), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK235882/, отворено на 22.01.2018 година.

15 Национален извештај за квалитет во здравствената заштита, 2013, глава 10: Пристап до здравствена заштита, Роквил (МД): Агенција за истражувања и квалитет во здравствената заштита, мај 2014 година, (на англиски: National Healthcare Quality Report, 2013, Chapter 10: Access to Healthcare. Rockville (MD): Agency for Healthcare Research and Quality; May 2014), достапно на: достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK235882/, отворено на 22.01.2018 година https://www.ahrq.gov/research/findings/nhqrdr/nhqdr15/access.html, пристапено на: 22.01.2018 година

16 Кушлер Т., 2017, Лекарски посети: Скапи во САД – Македонија е пример, СвенскаДагбладет, (на англиски: Küchler T., 2017, Doctor visits: Expensive in US – Macedonia a model, SvenskaDagbladet), достапно на: https://healthpowerhouse.com/wp-content/uploads/2018/01/L%C3%A4karbes%C3%B6k_-Dyrt-i-USA-%E2%80%93-Makedonien-en-f%C3%B6rebild-_-SvD.pdf, пристапено на: 29.01.2018 година

Графикон 4. Навременост на закажаниот термин преку системот „Мој термин"




По региони, за голем процент од испитаниците од вардарскиот регион закажаниот термин бил навремен (71%), а во другите региони се забележува поголем процент испитаници кои сметаат дека закажаниот термин бил задоцнет (од 16,8% во пелагонискиот, до 28,9% во скопскиот регион).

Во однос на ефикасноста на системот „Мој термин", повеќе од половината од граѓаните изјавиле дека закажаниот термин се реализирал со задоцнување не подолго од 30 минути (55,8%), а за 14,7% прегледот се реализирал навреме. Само 7,9% чекале повеќе од еден час по закажаниот термин за преглед (графикон 5).

## 4.1.2. Достапност

Трошоците за здравствена заштита континуирано растат, често пати и побрзо од економијата во целост и од приходот на семејствата. Ескалирањето на трошоците за здравствени услуги значително влијае врз благосостојбата на поединецот и семејството, што има повратно негативно влијание врз нивното здравје. Катастрофалните здравствени трошоци се дефинираат како трошоци за здравствена заштита што надминуваат одреден дел од приходот на домаќинството, што доведува до осиромашување до степен на неможност за редовно извршување на неговите основни општествени и економски функции, што пак се дефинира како пад под линијата на сиромаштија. Оттука, основна функција на здравствениот систем е да обезбеди заштита на населението од катастрофални здравствени трошоци, преку универзално здравствено осигурување. Во Македонија задолжителното здравствено осигурување ги покрива речиси сите услуги во јавните здравствени установи и дел од услугите во приватниот сектор, односно оние услуги за кои има дефицит во јавните установи. Другите услуги кои ги овозможува приватниот сектор паѓаат на товар на пациентите.

Графикон 5. Отстапување од времето на закажан термин преку системот „Мој термин"



Повеќе од половината од анкетираните граѓани (61,9%) иако сметаат дека услугите во приватното здравство се поквалитетни, истите не се достапни за нив поради високите цени. Дополнително 24,2% делумно се согласуваат, а 9,3% донекаде не се согласуваат со ова мислење. Само 3,2% воопшто не се согласуваат со ваквата изјава (графикон 6).

Графикон 6. **Колку се согласувате со тоа дека приватното здравство нуди поквалитетни услуги, но за Вас е недостапно поради повисоките цени за услугите кои ги нуди?**




Местото на живеење само делумно игра улога кога станува збор за финансиската достапност на услугите на приватното здравство. Граѓаните кои живеат во град во помал процент (59,5%) од оние кои живеат во село (85,6%) целосно или делумно се согласуваат дека приватното здравство нуди поквалитетни услуги, но дека истите се за нив недостапни (графикон 7).

Во тој контекст, испитаниците се речиси едногласни (91%) кога станува збор за опфатот на јавните и на приватните услуги со задолжителното здравствено осигурување. Само 7,1% изјавиле дека со плаќање на задолжителното здравствено осигурување треба да се покриваат само услуги од јавното здравство (графикон 8).

Според испитаниците, и на достапноста на услугите кои се обезбедуваат преку здравственото осигурување влијаат други фактори, како на пример лични познанства со здравствените работници. Речиси две третини целосно или делумно се согласуваат дека е потребно да познаваш некого за закажување преглед кај специјалист, а околу една третина делумно или воопшто не се согласуваат (графикон 9).

Графикон 7. **Колку се согласувате со тоа дека приватното здравство нуди поквалитетни услуги, но за Вас е недостапно поради повисоките цени за услугите кои ги нуди, според местото на живеење?**



Графикон 8. **Мислење на граѓаните за услугите коишто би сакале да ги добијат во рамките на задолжителното здравствено осигурување**




Графикон 9. **Потреба од познанства за закажување прегледи во јавното здравство**




Во однос на достапноста на лековите од позитивната листа на лекови, постои поделеност во ставовите - повеќе од половина од испитаниците (57,7%) целосно или делумно се согласуваат дека овие лекови се постојано достапни, додека 39,5% делумно или воопшто не се согласуваат (графикон 10). По региони, речиси половина од испитаниците од скопскиот регион делумно или воопшто не се согласуваат дека овие лекови се достапни (46,5%), а и во другите региони се забележува поголем процент на испитаници кои исто така сметаат дека овие лекови не се достапни (од 24,8% во пелагонискиот, до 41,6% во полошкиот регион).

Графикон 10. **Мислење на граѓаните за достапноста на лековите од позитивната листа на лекови**




## 4.1.3. Квалитет

Според СЗО, дефиницијата за квалитет на здравствената заштита е „степенот до кој индивидуалните здравствени услуги ги подобруваат здравствените резултати“[17].

17 Светска здравствена организација, Што е квалитет на нега и зошто е важна?, достапно на: http://www.who.int/maternal_child_adolescent/topics/quality-of-care/definition/en/, пристапено на: 12.01.2018 година

Резултатите од ова истражување покажаа дека малку повеќе од третина од граѓаните (33,8%) го оценуваат јавното здравство на средно ниво, 16,3% дале висока оцена, а 15,8% дале највисока оцена. Она што загрижува е дека речиси третина од испитаниците (32,6%) не се задоволни од јавното здравство и дале ниска оцена (графикон 11).

Графикон 11. **Оцена за состојбата со јавното здравство во Македонија**




Речиси 40% од испитаниците се задоволни од системот „Мој термин“, а 19,8% дале средна оцена (графикон 12).

Графикон 12. **Мислење на граѓаните за системот „Мој термин“**




Иако граѓаните се поделени во мислењето за системот за закажување прегледи „Мој термин“, тие се децидни во нивната споредба меѓу јавниот и приватниот здравствен сектор. Над две третини (67,4%) од испитаниците мислат дека приватните здравствени установи нудат поквалитетни услуги и висока професионалност, наспроти 25,5% коишто имаат вакво мислење за јавните здравствени установи (графикон 13).

Графикон 13. **Мислење на граѓаните за квалитетот на услугите и професионалноста**




И покрај нискиот процент испитаници кои имале задоволително мислење во однос на квалитетот и професионалноста во јавниот сектор, 79,4% од испитаниците кои правеле испитувања во јавните здравствени установи изјавиле дека резултатите биле готови во најавениот рок, а само 10,1% изјавиле дека резултатите доцнеле меѓу еден и три дена, односно за помалку од 8% доцнењето било и до еден месец (графикон 14). По региони, за речиси четвртина од испитаниците од пелагонискиот регион резултатите доцнеле меѓу еден и три дена (22,1%), а во другите региони се забележува поголем процент испитаници кои сметаат дека резултатите биле готови во најавениот рок (од 75,2% во југозападниот, до 88,4% во југоисточниот регион).

Графикон 14. **Навременост на добивање резултати од испитувања во ЈЗУ**




# 4.2. СПЕЦИФИЧНИ ГРУПИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

Согласно член 39 од Уставот на Р. Македонија, „на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите"[18]. Сепак, постојат специфични и ранливи групи, како што се лицата со ретки болести и лицата со посебни потреби коишто го искусуваат диспаритетот и нееднаквоста при користењето здравствени услуги[19],[20].

18 Устав на Р. Македонија, достапно на: https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf, пристапено на: 15.01.2018 година

19 Чичевалиев С., Алексовска В., 2016, Политики, практики и нивното влијание врз квалитетот на живот на лицата со ретки болести: Споредбена анализа и состојба во Република Македонија, достапно на: https://goo.gl/YJqNVd, пристапено на: 12.01.2018 година

20 Kilbourne M.A., Switzer G., Hyman K., Crowley-Matoka M., Fine J.M., 2006,Advancing Health Disparities Research Within the Health Care System: A Conceptual Framework, The American Journal for Public Health, 96(12):2113-2121), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC1698151/, пристапено на: 15.01.2018 година

## 4.2.1. Лица со ретки болести

Постојат меѓу пет и осум илјади ретки болести, секоја со преваленца под 0,1% од населението, но заедно тие чинат огромна бројка која засега милионски животи на глобално ниво. Ниту една земја, а особено не помалите како што е Македонија, не можесамостојно да се справи со предизвиците на ретките болести, но затоа може да се придружи на заедничките напори и да ги искористи можностите и примени придобивките од глобалните и регионалните напори за справување со сите аспекти, од здравствени потреби, преку економски и социјални услови, до квалитет на живот и самореализација[21]. Во Македонија е прифатена дефиницијата за ретки болести каде тие: „се заболувања од кои страда не повеќе од едно на 2.000 лица, но не надминува 20 заболени на национално ниво"[22].

21 Чичевалиев С., Алексовска В., 2016, Политики, практики и нивното влијание врз квалитетот на живот на лицата со ретки болести: Споредбена анализа и состојба во Република Македонија, достапно на: https://goo.gl/YJqNVd, пристапено на: 12.01.2018 година

22 Програма за лекување ретки болести за 2016 година во Република Македонија (Сл. весник бр.192/15); достапно на: http://challenges.mk/wp-content/uploads/2013/04/Programa-za-lekuvanje-na-retki-bolesti-vo-R.M.-za-2016.pdf пристапено на 12.01.2018 година

За овие лица, постојат бројни предизвици во здравствениот систем и во другите системи, почнувајќи од дијагнозата, третманот, рехабилитацијата и обезбедувањето социјална интеграција (табела 1).

Согласно со ова, голем дел од испитаниците (38,6%) мислат дека јавното здравство малку се грижи за лицата со ретки болести, 29,3% мислат дека воопшто не се грижи, а 21,7% мислат дека само донекаде се грижи за оваа популациска група (графикон 15).

Графикон 15. **Мислење на граѓаните за грижата за лицата со ретки болести**




Табела 1. **Споредба на политиките и практиката во однос на ретките болести во одбрани земји во регионот**[23]

| ЕЛЕМЕНТИ НА СПОРЕДБА | БУГАРИЈА | СРБИЈА | ХРВАТСКА | СЛОВЕНИЈА | МАКЕДОНИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| Кодирање/ следење | МКБ-10 | МКБ-10 | МКБ-10 | МКБ-10 | МКБ-10 |
| Национален план и стратегија за ретки болести | Нема | Нема | Нема | Национален план за ретки болести 2012-2020 | Нема |
| Национална програма за ретки болести | 2009-2013 | Нема | 2015-2020 | Нема | 2009-2015 |
| Референтни центри | Нема | Нема | Има | Нема | Нема |
| Скрининг за ретки болести | Има | Има | Има | Има | Има |
| Национален информативен центар за ретки болести | Национален сојуз на лицата со ретки болести | Национална организација за ретки болести на Србија | Орфанет (Orphanet) | Нема | Нема |
| Национална алијанса на организации за лица со ретки болести | Национален алианс на хората с редки болести(НАХРБ) | Национална организација за ретки болести на Србија (НОРБС) | Хрватско друштво за ретки болести | Нема | Национална алијанса за ретки болести во Македонија (НАРБМ) |
| Специјализиран центар за ретки болести | Има | Има | Има | Нема | Нема |

23 Чичевалиев С., Алексовска В., 2016, Политики, практики и нивното влијание врз квалитетот на живот на лицата со ретки болести: Споредбена анализа и состојба во Република Македонија, достапно на: https://goo.gl/YJqNVd, пристапено на: 12.01.2018 година

| ЕЛЕМЕНТИ НА СПОРЕДБА | БУГАРИЈА | СРБИЈА | ХРВАТСКА | СЛОВЕНИЈА | МАКЕДОНИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| Национален регистар на ретки болести | Орфанет (OrphanetJoint Action) - во постапка на изготвување | Орфанет (OrphanetJoint Action) | Орфанет (Orphanet Joint Action) | Орфанет (OrphanetJoint Action) | Нема |
| Фонд за ретки болести | Фонд за лекување на деца | Фонд за ретки болести | Средства обезбедени со Програмата за ретки болести | Фонд за здравствено осигурување | ФЗОМ и Програма за ретки болести |
| С.О.С. телефонска линија | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Истражување и развој | Нема | Нема | Околу 4% од тековните проекти може да се поврзат со ретките болести | Нема | Нема |
| Видливост на прашањето | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |

## 4.2.2. Лица со посебни потреби

Македонија, како социјална држава, согласно член 35 од Уставот на Р.Македонија, „се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Државата им гарантира право на помош на немоќните и на работонеспособните граѓани. Државата им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот“[24].

Според резултатите од истражувањето, испитаниците имале поделени мислења околу третманот на лицата со посебни потреби од страна на јавното здравство. Речиси третина (33,1%) мислат дека лицата со посебни потреби воопшто не се третираат соодветно, а 24,7% мислат дека донекаде не се третираат соодветно. Од друга страна, 27,7% донекаде се согласуваат со тоа дека оваа популациска група се третира соодветно во јавното здравство (графикон 16).

Графикон 16. **Соодветноста на третманот на лицата со посебни потреби**




24 Устав на Р. Македонија, достапно на: https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf, пристапено на: 15.01.2018 година

Слични се и размислувањата во однос на тоа дали установите во јавното здравство се физички пристапни и приспособени за лицата со посебни потреби. Речиси третина од испитаниците (32,3%) воопшто не се согласуваат, 27,9% донекаде се согласуваат, а 26% донекаде не се согласуваат (графикон 17).

Графикон 17. **Физичка пристапност на здравствените установи за лицата со посебни потреби**




# 5. ЗАКЛУЧОЦИ И СОГЛЕДУВАЊА

Брзиот раст и напредок на здравствените технологии, проследени со други значајни општествени промени, придонесува кон зголемени здравствени потреби, а со тоа и менување на јавното мислење за здравствените услуги кои ги овозможува системот[25].

Она што може да се забележи во истражувањата на глобално ниво е тоа дека задоволството на корисниците на здравствени услуги сè повеќе игра важна улога во реформите на здравствената заштита.

Наодите од ова истражување покажаа дека поголемиот дел од граѓаните во Македонија се задоволни од пристапот и достапноста на здравствени услуги, со одредени варијации. Истражувањата спроведени од Министерството за здравство во 2015 и во 2016 година, во болниците и клиниките во земјата, го потврдуваат овој наод.[26]

Мнозинството од граѓаните (71,9%) го користеле системот „Мој термин" за закажување преглед во повисоките нивоа на здравствена заштита, иако голем процент (68,2%) сметаат дека е важно личното познанство за закажување термин кај специјалист.

Граѓаните веруваат дека приватното здравство нуди подобар квалитет и професионалност, но за голем процент овие услуги се недостапни заради високите цени на услугите над нивната платежна моќ. Местото на живеење не игра улога во користењето услуги од приватното здравство – тоа останува недостапно за најголем процент од граѓаните (59,5% во град и 85,6% во село).

25 Andaleeb S.S., 1998, Determinants of customer satisfaction with hospitals: a managerial model, достапно на: http://www.emeraldinsight.com/doi/abs/10.1108/09526869810231541, пристапено на: 30.01.2018 година

26 Пристапено...

Во однос на квалитетот на здравствените услуги, граѓаните повеќе го ценат приватното здравство отколку јавното и сметаат дека има поголема професионалност.

Оттука, не изненадува фактот што големо мнозинство (91%) смета дека услугите кои ги нудат приватните здравствени установи треба да бидат опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

Испитаниците изразиле генерално задоволство од брзината на закажување преглед (74,5%) и навременоста на добивање резултати од испитувања (71,9%). Кога резултатите доцнеле, за 10,1% времето на чекање било меѓу еден и три дена. Од овие два аспекти, најзадоволни се граѓаните во вардарскиот, а најнезадоволни граѓаните во скопскиот регион.

На веќе закажан термин преку системот „Мој термин", поголемиот број граѓани не чекале подолго од 30 минути, иако за дел од граѓаните сè уште има простор за подобрување од аспект на нивното искуство на чекање до еден час.

Во однос на достапноста на лековите од позитивната листа, серијата истражувања на Министерството за здравство спроведени во 2015, 2016 и 2017 година покажува слична структура на задоволство од достапноста на лековите - за 49,7% од испитаниците во 2015, 60% во 2016 и 57,7% во 2017 година лековите од позитивната листа биле секогаш или најчесто достапни.

Истражувањето покажа дека граѓаните имаат поделени мислења кога станува збор за односот на здравствениот систем кон лицата со ретки болести и лицата со посебни потреби, иако најголем процент сметаат дека здравствениот систем нема соодветен одговор за потребните услуги за овие лица, почнувајќи од најосновните предуслови, како што е физичката пристапност на објектите.

Една третина незадоволни граѓани во однос на различни аспекти на достапноста и квалитетот на здравствените услуги во Македонија претставува висок процент на незадоволство и бара ангажиран пристап на владиниот и на невладиниот сектор во унапредување на состојбата.

# 6. ПРИЛОГ 1

## Реформи на здравствениот систем

| Рамка 6.1. ДВАТА ПЕРИОДИ НА ЗДРАВСТВЕНИ РЕФОРМИ, 1991–2016 | |
|---|---|
| Постсоцијалистички транзициски период (1991–1999) | |
| **1991** | Воведување на правото на здравје во Уставот во новата независна држава |
| **1991** | Закон за здравствена заштита<br>Либерализација на давањето здравствени услуги; трансформација на државниот во јавен капитал; одново воспоставување на професионалните асоцијации и комори |
| **1993** | Закон за пензиско и инвалидско осигурување<br>Повторно воведување пензиско-инвалидски систем заснован на солидарност |
| Пропазарен период на реформи (2000 до денес) | |
| **2000** | Закон за здравствено осигурување<br>Воведување систем на плаќање од трета страна; воспоставување полунезависна институција за здравствено финансирање (Фонд за здравствено осигурување) |
| **2002–2004** | Регулирање на постоечките функции на јавното здравје преку нова регулатива (Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, Закон за заштита на населението од заразни болести и др.) |
| **2004–2007** | Дополнување на Законот за здравствена заштита: Реформи во примарната здравствена заштита<br>Трансформација на примарната здравствена заштита врз основа на концесии и комбиниран модел на капитација (избрани општи лекари, педијатари, гинеколози, аптеки, специјалисти по медицина на труд) |
| **2006** | Здравствени реформи:<br>▸ Реновирање и набавка на опрема во јавните здравствени установи со средства од буџетот и заеми од меѓународни институции<br>▸ Воведување на концептот на јавно-приватно партнерство<br>▸ Електронски систем за управување со здравствените евиденции<br>▸ Регулирање на достапноста и пристапот до лековите |
| **2006** | Закон за ментално здравје<br>Воведување нов концепт и превентивен пристап во менталното здравје, регулирање на правата на лицата со ментално здравствени состојби |
| **2006** | Закон за санитарна и здравствена инспекција<br>Воведување супервизорски и регулаторни контролни механизми за здравствените услуги |
| **2007** | Закон за лекови и медицински помагала<br>Преформулирање на политиките во фармацијата, особено стандардите за квалитет во производството, регистрацијата и дистрибуцијата на лековите и медицинските помагала. |
| **2007** | Повторно воспоставување одредени функции на јавното здравје преку нова регулатива: Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за заштита од бучава во животната средина итн. |
| **2008** | Закон за заштита на правата на пациентите<br>Комбинација од постоечките права на пациентите во единствена регулатива и воведување нови права (право на приватност и доверливост на медицинските досиеја, право на второ медицинско мислење, право на персонализиран пристап во лекувањето итн.) |
| **2009** | Закон за здравствени евиденции<br>Воведување нов концепт во здравствените евиденции во земјата, како нивото и обемот на здравствени досиеја и податоци што се прибираат; зголемување на бројот на регистри во различни области на 35 регистри |

| | |
|---|---|
| **2009** | Дополнување на Законот за здравствено осигурување<br>Додавање нов основ за осигурување врз основа на државјанство (пристап на универзална здравствена опфатеност) |
| **2009** | Воведување на системот на Дијагностичко сродни групи (ДСГ) како модел на плаќање на болниците |
| **2010** | Закон за јавно здравје<br>Воведување нова димензија на постоечките функции на јавното здравје, во согласност со Меѓународниот здравствен правилник (2005); воспоставување на Комитетот за јавно здравје под покровителство на Владата за координација на меѓусекторската соработка за прашањата од областа на јавното здравје |
| **2010** | Закон за заштита од пушењето (забрани за пушење)<br>Воведување комплетна забрана за пушење во јавните и комерцијалните простории |
| **2011** | Закон за безбедност во снабдувањето со крв<br>Преструктурирање на системот на безбедност на крв и трансфузиска медицина во согласност со директивите на ЕУ |
| **2011** | Закон за земање и пресадување делови од човечкото тело заради лекување |
| **2012** | Нов Закон за здравствена заштита<br>Воведување Мрежа на здравствени установи за сите даватели на здравствени услуги; Здравствен совет при Министерството за здравство; регионализација на здравствената заштита; регистар на здравствени установи; систем на акредитација за квалитетот на здравствената заштита |
| **2012** | Воведување на плаќање по учинок како метод за плаќање на давателите на услуги на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита |
| **2012** | Закон за доброволно здравствено осигурување<br>Воспоставување основите за доброволно (дополнително и приватно) здравствено осигурување (сѐ уште не е целосно спроведено) |
| **2013** | Пуштање во употреба на национално ниво на „Мој термин“, интегриран здравствен информатички систем (по периодот на пилот-проект 2011-2012) |
| **2014** | Воспоставување на Агенцијата за лекови и медицински помагала (МАЛМЕД) како наследник на Бирото за лекови<br>Воспоставување на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи |
| **2015** | Воспоставување на Управата за електронско здравство |
| **2014–2016** | Развој и одобрување на првата сеопфатна Национална здравствена стратегија со акциски план до 2020 година<br>Развој и одобрување на Стратешката рамка за јавно здравје со акциски план до 2020 година<br>Развој на Стратешката рамка за животна средина и здравје со акциски план до 2030 година; и стратешка рамка за незаразни болести со акциски план до 2020 година |

Преземено од: MilevskaKostova N, Chichevalieva S, Ponce NA, van Ginneken E, Winkelmann J., 2017, The former Yugoslav Republic of Macedonia: Health system review. Health Systems in Transition, 19(3):1–160, достапно на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0006/338955/Macedonia-HiTweb.pdf?ua=1, пристапено на: 18.01.2018 година

# БИОГРАФИИ



**Александар Кржаловски** Роден е на 19.6.1969 г. во Скопје. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје во 1993 г. За време на студиите е активен во три студентски граѓански организации. Во МЦМС е ангажиран од 1995 г. Од октомври 2009 г. е во Одборот на директори во МЦМС. Тој е одговорен и за програмите кои се насочени кон односите меѓу заедниците и за Балканот. Кржаловски има големо искуство во координација и раководење со различни проекти и програми, меѓу кои и големите хуманитарни операции 1999-2001 г. и активности кои вклучуваа чувствителни целни групи. Беше член и на Националниот совет за европски интеграции при Собранието на Република Македонија во периодот 2007-2011 година. Од 2000-та година, неговото искуство се надградува и со учества во консултантски мисии за организациски и програмски оценки во Македонија и на Балканот. Ко-автор е и на неколку публикации.



**Гонце Јаковлеска** Родена на 13.07.1969 во Радовиш. Дипломира на Факултетот за политички науки на Универзитетот во Белград, а во 2013 година се стекнува со звањето магистер по комуникации на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања во Скопје. Од 1996 до 2016 година таа е соработник за односи со јавноста, а од 2016 е на позицијата Извршен директот на МЦМС. Има двегодишно искуство како новинар, и над 20 годишно искуство во граѓанскиот сектор. Била одговорна за раководењето на неколку програми, претежно поврзани со кампањи и медиуми. Таа има испорачано голем број обуки за различни целни групи, во Македонија и странство и ко-автор е на повеќе истражувачки извештаи.



**Сашо Клековски** роден во 1966 г. во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. Во 1993 г. е еден од основачите, а од 1994 до 2011 г. е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Водел повеќе истражувачки тимови. Автор е на над 20 истражувачки извештаи, анализи и други публикации, како и на блогот „Меѓутоа“. Тој е и колумнист за дневниот весник Нова Македонија.



**Стефан Чичевалиев**
Роден е на 03.1.1989 во Скопје. Дипломирал на Правиот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2012 година се стекнува со звањето магистер по право. Во моментот е докторнат на Универзитет „Американ Колеџ Скопје Факултет за Бизнис економија и менаџмент“. Од 2014 година тој е истражувач и програмски координатор во Центарот за регионални истражувања и соработка СТУДИОРУМ. Чичевалиев е одговорен за координација на проекти, истражувачки задачи, имплементација на тренинзи, работилници и други јавни настани, аналитичка работа (политики и правни документи), правна експертиза, комуникација и координација и административна поддршка. Автор е и на неколку публикации.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

304.4(497.7)

АРГУМЕНТИ : збирка истражувања за важни општествени теми. Д. 1 / [Гонце Јаковлеска ...и др.]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2018. - 128 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Гонце Јаковлеска, Александар Кржаловски, Сашо Клековски и Стефан Чичевалиев. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4848-05-9
1. Јаковлеска, Гонце [автор] 2. Кржаловски, Александар [автор] 3.
Клековски, Сашо [автор] 4. Чичевалиев, Стефан [автор]
а) Општествено-политички прилики - Македонија - Истражувања COBISS.MK-ID 107021834